РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1207

Скопје, 15 јануари 2020 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
***проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор***

**Уредник на Билтенот:**
***Илија Бојоевски***

**Лектор:**
***Весна Илиевска-Цветановска***

Бр. _____
5.8.2013
Скопје

**Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘ѓ’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1207 ОД 15 ЈАНУАРИ 2020 ГОДИНА

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракопис **Збирка решени задачи по предметот Технологија на бетон** од авторот **вонр. проф. д-р Тони Аранѓеловски**.....7-11

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Пакизе Билали, м-р Мартин Киселички, м-р Јани Манасов, м-р Маријана Цветаноска, м-р Беким Граинца, м-р Мартин Стојановиќ, м-р Марина Бадаровска Мишевска**).....12-13
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Горан Мојаноски, м-р Еркан Јусуфи**).....14

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракопис **Математика во 3Д** од авторот **вонр. проф. д-р Емилија Целакоска**.....15-17
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Придонес во развојот на методологијата за менаџмент со трошоците за квалитет** изработена од **м-р Цветанка Велкоска, дипл.маш.инж.**, пријавена на Машинскиот факултет – Скопје.....18-32
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Дизајнирање на формата за адитивно производство** од **м-р Јелена Џокиќ**, пријавена на Машинскиот факултет – Скопје.....33-36

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Приговор на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област интерна медицина и токсикологија на Медицинскиот факултет – Скопје, објавен во Билтен бр. 1205 од 15.12.2019 година, поднесен од **насл. доц. д-р Андон Чибишев**.....37-38
2. Одговор на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област интерна медицина и токсикологија на Медицинскиот факултет – Скопје, објавен во Билтен бр. 1205 од 15.12.2019 година.....39
3. Реферат за избор на 2 лица во сите научни звања во научните области: фармакологија, токсикологија и клиничка фармакологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**н. сор. д-р Емилија Атанасовска**).....40-51
4. Реферат за избор во сите наставно-научни звања (од сродно научно подрачје) во научните области: фармакологија, токсикологија и клиничка фармакологија на Медицинскиот факултет - Скопје (**н. сор. д-р Драгица Зенделовска, н. сор. д-р Игор Кикерков, н. сор. д-р Марија Петрушевска**).....52-83
5. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области интерна медицина и пулмологија со фтизиологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**н.сов.д-р Златица Димитријевиќ Гошева, в. н. сор. д-р Јагода Стојковиќ, н. сов. д-р Деска Димитриевска, ас. д-р Димитар Каркински**).....84-165
6. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научните области: хирургија и детска хирургија на Медицинскиот факултет – Скопје (**асс. докторанд д-р Тони Ристески**).....166-185
7. Реферат за избор на асистент по предметот **Хигиена** на Медицинскиот факултет – Скопје (**д-р Александра Петрова**).....186-189

8. Рецензија на ракописот **Јодот во урина како биохемиски маркер: индикации, методологија и сопствени искуства** од авторката **в. н. сор. д-р Соња Кузмановска**.....190-193
9. Рецензија на ракописот **Естетска хирургија на глава и врат** од авторката **проф. д-р Смиља Туцарова Ѓоргова** и соработници.....194-196
10. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Ендометријалната дебелина како предиктор на ендометријален малигнитет кај постменопаузални пациентки** од **м-р д-р Тофилоска Валентина**, пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје.....197-204
11. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Скрининг на преeклампсии во прв триместар од бременоста: серумското ниво на плацентарниот фактор на раст наспроти мајчините карактеристики** од **д-р Кристина Скепаровска,** пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје.....205-215
12. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Ехокардиографска процена на левокоморна функција и левокоморна деформација (STRAIN) кај пациенти со изразена аортна стеноза пред и по аортна валвуларна хирургија** од **д-р Планинка Зафировска**, пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје.....216-229

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Договор за доживотна рента во Република Македонија и во споредбеното право**, од **м-р Ирфан Тефики,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје.....230-237
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Правна рамка против трговијата со луѓе во Европа, со посебен акцент на студијата на случај за Косово** од **м-р Ариана Ќоса Мустафа,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје..238-245

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања од областа на физиологија, друго и ензими на Заводот за физиологија и биохемија при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет – Скопје (**вонр.проф.д-р Биљана Миова**).246-264
2. Реферат за избор на еден насловен вонреден професор по група предмети од наставно-научните области: структурна хемија и друго (хемија во фармација) на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет – Скопје (**д-р Ѓорѓи Петрушевски**).....265-277
3. Реферат за избор на еден асистент по група предмети од наставно-научните области: математика и применета математика и метематичко моделирање, на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет – Скопје (**м-р Марко Димовски**).....278-281

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) максилофацијална хирургија на Стоматолошкиот факултет – Скопје (**д-р Антонио Кирков**).....282-292
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Проценка на скелетни, дентоалвеоларни и мекоткивни карактеристики на малоклузија II класа 1-во одделение** од **д-р Ирена Гавриловиќ,** пријавена на Стоматолошкиот факултет – Скопје.....293-301

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на група предмети во областа – проектирање на мебел и ентериер на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје (**вонр. проф. д-р Елена Никољски Паневски**)...302-322

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на еден наставник во звањето вонреден професор по предметите **Филмска и ТВ-монтажа** и **Дигитална постпродукција** на Факултетот за драмски уметности – Скопје (**м-р Владимир Павловски**).....323-333

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) применета кинезиологија (50401) на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје – Скопје (**проф.д-р Славица Новачевска, виш пред. д-р Бранко Крстевски, виш пред. д-р Сашо Тодоровски, д-р Елена Соклевска Илиевска**).....334-368
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) општествена кинезиологија на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје – Скопје (**д-р Лука Поповски**).....369-376

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент по група предмети во областа фармацевтска хемија на Фармацевтскиот факултет – Скопје (**м-р фарм. Александар Димковски**).....377-380
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Емилија Анѓелкоска**).....381
3. Преглед на одобрена тема за изработка на специјалистички труд (**Ивана Јосифовска**).....381
4. Преглед на одобрена тема за изработка на специјалистички труд (**Елмедина Алија Мазлуми**).....381
5. Преглед на одобрена тема за изработка на специјалистички труд (**Андријана Апостоловска**).....382
6. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Ивана Митревска**).....382

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Улогата на метакогнитивните стратегии во развивање на вештината читање при изучување на англискиот јазик како странски на универзитетско ниво во Косово** од **м-р Назли Туфекчи,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје.....383-388
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Димитар Христовски, Дарко Ѓорѓијовски, Сара Павловска**).....389

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Оливера Аритоновска, Џабир Емини, Ристо Митрев**).....390
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Јетон Ракипи**).....391

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор на виш научен соработник/вонреден професор во одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 год.) на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје (**н. сор. д-р Дарко Леитнер-Стојанов**).....392-403

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО ПРЕДМЕТОТ ТЕХНОЛОГИЈА НА БЕТОН“ ОД АВТОРОТ ВОНР. ПРОФ. Д-Р ТОНИ АРАНЃЕЛОВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на 4.12.2019, бр.02-2/81-244, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало „Збирка решени задачи по предметот Технологија на бетон“ од авторот: вонр. проф. д-р Тони Аранѓеловски, наменет за студентите на Градежниот факултет во Скопје, за предметот Технологија на бетон, избрани се проф. д-р Санде Атанасовски и проф. д-р Горан Марковски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

### I. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Збирка решени задачи по предметот Технологија на бетон |
| **Назив на предметната програма:** | Технологија на бетон |
| **Назив на студиската програма:** | Градежништво |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | 2+2, 4 ЕКТС-кредити |
| Предметот Технологија на бетон на Градежниот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 4 и се слуша во III семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 168 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 10. Текстот е поделен во 6(шест) поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 16 слики и 80 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Санде Атанасовски с.р**

**Проф. д-р Горан Марковски с.р**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р САНДЕ АТАНАСОВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебното помагало „Збирка решени задачи по предметот Технологија на бетон“ содржи шест поглавја во кои се обработени теми од технологијата на бетон во обем соодветен за студентите. Поглавјата се систематизирани соодветно на часовите вежби предвидени за изработка на програмските задачи според стандардите МКС EN.<br>Во првото поглавје, „Испитување на цемент“, дадени се решени задачи за означување на цементите и задачи од методите за испитување на цемент: определување на јакост, определување на време на врзување и постојаност на волуменот и определување на финост на мелење.<br>Во второто поглавје, „Испитување на агрегат“, дадени се решени задачи од испитување на механички и физички својства на агрегатот: определување на влажност и задачи од испитување на геометриски својства: определување на гранулометриски состав по метод на сеење, определување на форма на зрна со индекс на формата и пресметување на гранулометрискиот состав на измешаниот агрегат.<br>Во третото поглавје, „Пресметување на состав на бетон“, решени се задачи за определување на состав на свежиот бетон - рецептури за производство на бетон.<br>Во четвртото поглавје, „Испитување на стврднат бетон“, решени се задачи од испитување на јакост на притисок, оцена на сообразност на јакост на притисок при почетно и континуирано производство на бетон, испитување на јакост на затегнување при свиткување и цепење и оцена на сообразност на јакост на затегнување при свиткување и цепење при почетно и континуирано производство на бетон.<br>Во петтото поглавје, „Прилози“, дадени се табели и дијаграми пренесени изворно од стандардите МКС EN кои се потребни за решавање на задачите.<br>Во шестото поглавје е дадена користената литература која содржи 12 наслови. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот на ова учебно помагало е во согласност со предметната програма за студентите на студиската програма по градежништво во делот на решавањето на програмските задачи на часовите вежби по предметот Технологија на бетон. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема потреба од корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е актуелен и дава значаен придонес во областите на испитувањата на цемент и агрегат, проектирање на составот на бетонот и |

| | |
|---|---|
| | испитувањата на стврднатиот бетон според Европските стандарди EN кои денес се прифатени како македонски стандарди МКС EN. Исто така, збирката решени задачи ќе овозможи подигнување на квалитетот на наставата и знаењето на студентите за правилно толкување и презентација на резултатите кои се добиени со испитувањата, што е реткост во објавената литература. |
| **Категоризација:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Од детални от преглед на ракописот може да се заклучи дека авторот има солидно експериментално познавање на стандардите МКС EN и нивната примена при основните испитувања на цемент, агрегат и стврднат бетон и проектирање на составот на бетонот кои претставуваат основа за изучување на технологијата на бетон.<br>Направен е правилен избор на структурата и содржината на ракописот, при што може да се согледа искуството на авторот стекнато во педагошката работа со студентите по предметот Технологија на бетон.<br>Материјалот технички е подготвен на завидно ниво, јазикот е јасен за целната група, а табелите и дијаграмите ја заокружуваат целината во решавањето на задачите. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Технологија на бетон, примарно наменет за студентите на Градежниот факултет во Скопје.

Во Скопје, 27.12.2019 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Санде Атанасовски с.р.**

## III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ГОРАН МАРКОВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Збирка решени задачи по предметот Технологија на бетон“ е осмислен како учебно помагало во кое се обработени основните теми од областа на технологијата на бетон. Содржи шест поглавја и е срочен во обем и тежина соодветни за студентите за кои е наменет. Истовремено, систематизацијата на поглавјата соодветствува на предвидените часови вежби, како и на програмските задачи кои се изработуваат. Задачите се решени согласно со стандардите МКС EN.<br>Во првото поглавје, „Испитување на цемент“, решени се задачи поврзани со означувањето на цементот и со методите за негово испитување: определување на јакост, време на врзување и постојаност на волуменот и определување на финост на мелење.<br>Во второто поглавје, „Испитување на агрегат“, дадени се решени задачи од областа на испитување на механичките и физичките својства на агрегатот (определување на влажност), како и задачи од испитување на неговите геометриски својства: определување на гранулометриски состав по метод на сеење, определување на форма на зрна со индекс на формата и пресметување на гранулометрискиот состав на измешаниот агрегат.<br>Третото поглавје, „Пресметување на состав на бетон“, се однесува на задачи за определување на состав на свежиот бетон-рецептури за производство на бетон.<br>Во следното поглавје, „Испитување на стврднат бетон“, решени се задачи од испитување на јакост на притисок, оцена на сообразност на јакост на притисок при почетно и континуирано производство на бетон, испитување на јакост на затегнување при свиткување и цепење и оцена на сообразност на јакост на затегнување при свиткување и цепење при почетно и континуирано производство на бетон.<br>Во петтото поглавје кое носи наслов „Прилози“, приложени се табели и дијаграми, изворно преземени од стандардите МКС EN, кои се потребни за решавање на задачите.<br>Во шестото, последно, поглавје е даден приказ на користената литература кој содржи 12 наслови. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на учебното помагало е во целосна согласност со предметната програма на студиската програма по градежништво, во делот на решавањето на програмските задачи на часовите вежби по предметот Технологија на бетон. |

| | |
|---|---|
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема потреба од корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Се работи за квалитетно и полезно учебно помагало кое, преку конкретни решени примери, покрива една мошне специфична и чувствителна област во градежништвото. Имено, бетонот, кој е убедливо најмногу употребуваниот градежен материјал, истовремено е и единствен чие производство е во целосна надлежност на градежните инженери. Почнувајќи од проектирањето на неговиот состав, преку испитувањата на составните материјали, свежиот и стврднат бетон, приготвувањето, транспортот, вградувањето, контролата и негата, па сè до неговото одржување. Ако кон ова се придодаде и актуелното приспособување на нашата регулатива од областа на градежните материјали и градежништвото воопшто кон европската, ете не пред заклучокот за неспорниот придонес на понудениот ракопис за поквалитетна едукација на студентите на Градежниот факултет.<br>Повеќе од сигурно е дека, во недостаток на слична стручна литература, учебното помагало ќе најде свое место и помеѓу инженерите од практиката. |
| **Категоризација:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Предадениот ракопис содржи 168 страници (формат Б5), кои се напишани на компјутер, со големина на фонт 10. Текстот е поделен во 6 (шест) поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 16 слики и 80 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Технологија на бетон, примарно наменет за студентите на Градежниот факултет во Скопје.

Во Скопје, 27.12.2019 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Горан Марковски с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **М-р Пакизе Билали** | **„Влијание на организациската култура и комуникација врз ангажираноста на вработените во средните училишта“** | **“The impact of organizational culture and communication on the engagement of employees in secondary schools”** | проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ | 02-2051/3 од 04.12.2019 година |
| 2. | **М-р Мартин Киселички** | **„Модел за примена на гејмификација во високообразовни институции во Република Северна Македонија“** | **“Model for implementing gamification in higher educational institutions in the Republic of North Macedonia”** | проф. д-р Сашо Јосимовски | 02-2050/3 од 04.12.2019 година |
| 3. | **М-р Јани Манасов** | **„Влијанието на финансиската технологија врз дигиталната трансформација во банкарството и корисниците на финансиски услуги“** | **“Financial technology impact on both digital transformation in banking and financial services users”** | проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска | 02-2083/3 од 04.12.2019 година |
| 4. | **М-р Маријана Цветаноска** | **„Улогата на човечкиот капитал во економскиот раст со посебен осврт на Република Северна Македонија“** | **“The role of human capital in economic growth: the case of the Republic of North Macedonia”** | проф. д-р Предраг Трпески | 02-2409/3 од 04.12.2019 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | **М-р Беким Граинца** | **„Инструменти за зголемување на вработеноста во Косово: споредбена анализа помеѓу Косово и Хрватска“** | **„Instruments towards increase of employment in Kosovo: comparative analysis between Kosovo and Croatia“** | проф. д-р Сашо Ќосев | 02-2160/3 од 04.12.2019 година |
| 6. | **М-р Мартин Стојановиќ** | **„Есеи за таргетирање на инфлацијата: емпириска анализа на макроекономските ефекти во новопојавените пазарни економии“** | **„Essays on Inflation Targeting: Empirical Analysis of the Macroeconomic Effects in Emerging Market Economies“** | проф.д-р Горан Петревски | 02-2225/3 од 04.12.2019 година |
| 7. | **М-р Марина Бадаровска Мишевска** | **„Модел за имплементирање на организациските промени во функција на зголемување на успешност на врвниот менаџмент“** | **„Model for implementing organizational changes for the purpose of increasing тхе top management’s success “** | проф.д-р Леонид Наков | 02-2159/3 од 04.12.2019 година |

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **М-р Горан Мојаноски** | **„Примена на економетриски модели во идентификување на детерминантите на развојот на пазарите на капитал во мали и отворени економии во развој“** | **„Applying econometric models in identifying determinants of capital market development in small and open emerging economies“** | проф.д-р Весна Буцевска | 02-2660/2 од 24.12.2019 година |
| 2. | **М-р Еркан Јусуфи** | **„Алтернативните извори на финансирање на мали и средните претпријатија во Република Северна Македонија“** | **„Alternative sources of financing of small and medium enterprises in the Republic of North Macedonia“** | проф.д-р Стојан Дебарлиев | 02-2640/3 од 24.12.2019 година |

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МАТЕМАТИКА ВО 3Д“ ОД АВТОРОТ ВОНР. ПРОФ. Д-Р ЕМИЛИЈА ЦЕЛАКОСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет, бр.02-2001/2 од 31.10.2019, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот МАТЕМАТИКА ВО 3Д од авторот вонр. проф. д-р Емилија Целакоска, наменет за студентите на Машинскиот факултет, за предметите: Математика во 3Д и Геометриски трансформации и деформации во 3Д, избрани се: проф. д-р Никола Тунески од Машинскиот факултет во Скопје и проф. д-р Костадин Тренчевски од Природно-математичкиот факултет во Скопје. По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

### IV. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Математика во 3Д |
| **Назив на предметната програма:** | Математика во 3Д,<br>Геометриски трансформации и деформации во 3Д |
| **Назив на студиската програма:** | Индустриски дизајн,<br>Моделирање и симулации на технологии и процеси за пластична деформација. |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | **Фонд 75 часа (3+2), 7 кредити,**<br>**Фонд 60 часа (2+2), 6 кредити** |
| Предметот Математика во 3Д на Машинскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 75, број на ЕКТС-кредити 7 и се слуша во II семестар.<br>Предметот Геометриски трансформации и деформации во 3Д на Машинскиот факултет е изборен предмет со фонд на часови 60, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во IX, X семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 300 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 7 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 73 слики и 2 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
**Проф. д-р Никола Тунески с. р.**
**Проф. д-р Костадин Тренчевски с. р.**

## V. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р НИКОЛА ТУНЕСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Содржината на учебникот е систематизирана во 7 поглавја: 1. Детерминанти и матрици, 2. Геометриски трансформации, 3. Криви и површини, 4. Реална функција од две реални променливи, 5. Интеграли, 6. Одговори и упатства на задачите и 7. Литература. Секое од првите пет поглавја содржи по неколку потпоглавја проследени со соодветни самостојни задачи за вежбање, за кои во шестото поглавје има одговори и упатства. Со ова на студентите им се овозможува проверка на совладувањето на материјалот и усовршување на вештините за негова практична примена. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Текстот на ракописот „Математика во 3Д“ е во целост усогласен со предметната програма на Математика во 3Д за студентите од насоката Индустриски дизајн на прв циклус, но и од предметната програма на Геометриски трансформации и деформации во 3Д за студентите од насоката моделирање и симулации на технологии и процеси за пластична деформација од втор циклус. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема. |
| **Оцена на ракописот:** | Авторката на јасен и систематски начин ги обработува поглавјата содржани во ракописот, во обем кој одговара на предметните програми. Ракописот претставува не само теоретски, туку и апликативен материјал кој овозможува продлабочување на знаењата на студентите. Истовремено, ракописот содржи голем број слики, илустрирајќи ги разновидните геометриски ситуации, и тоа го прави особено пристапен и корисен за студентите. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Со оглед на пристапниот стил, добро избраните примери и бројноста на цртежите, сметам дека овој учебник заслужува позитивна рецензија и предлагам да се објави. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Математика во 3Д, примарно наменет за студентите на Машинскиот факултет.

Во Скопје, 23.12. 2019 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Никола Тунески с. р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р КОСТАДИН ТРЕНЧЕВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот е поделен во 7 поглавја. Во првото поглавје, авторката се посветува на методите за пресметување детерминанти и својствата на матриците. Нивна директна примена има во второто поглавје за геометриските трансформации, кои се обработени детално и со голем број цртежи. Понатаму, продолжува со поглавје со наслов „Криви и површини“, во кое се обработени кониките и нивните претставувања во трансформирани координатни системи и својствата на површините од втор ред. Потоа е воведен поимот за реална функција од две реални променливи, кој најмногу се применува во геометриски проблеми. Поглавјето за интегрални е обработено преку голем број геометриски илустрирани примери. Дадени се одговори и упатства на вежбите како посебно поглавје, што претставува одличен стимул за совладување на материјалот. На крајот е дадена листа на користената литература. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на ракописот е комплетно усогласена со наставната програма на наведените предмети. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот ги задоволува стандардите за одличен универзитетски учебник. Особено се истакнува големиот број на цртежи и геометриската ориентираност која е мошне корисна за студентите. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 300 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 7 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 73 слики и 2 табели. Со овој ракопис студентите од наведените наставни програми добиваат учебник кој го олеснува совладувањето на материјалот. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Математика во 3Д, примарно наменет за студентите на Машинскиот факултет.

Во Скопје, 23.12.2019 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Костадин Тренчевски с. р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА КОМИСИЈАТА ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА:

## ,,ПРИДОНЕС ВО РАЗВОЈОТ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА МЕНАЏМЕНТ СО ТРОШОЦИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ”

## ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЦВЕТАНКА ВЕЛКОСКА, ДИПЛ.МАШ.ИНЖ., ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на 42. редовна седница одржана на 26.12.2019 година, со Одлука бр. 02-2392/3 од 26.12.2019 година формира Комисија за оцена на докторската дисертација изработена од кандидатката м-р Цветанка Велкоска, дипл.маш.инж., под наслов: **Придонес во развојот на методологијата за менаџмент со трошоците за квалитет**, во состав:

1. проф. д-р Владимир Дуковски, редовен професор во пензија, УКИМ - Машински факултет Скопје, претседател
2. проф. д-р Миколај Кузиновски, УКИМ – Машински факултет Скопје, ментор, член
3. проф. д-р Валентина Гечевска, УКИМ – Машински факултет Скопје, член
4. вонр. проф. д-р Мите Томов, УКИМ – Машински факултет Скопје, член
5. вонр. проф. д-р Мишко Џидров, Универзитет ,,Гоце Делчев” – Штип, Машински факултет, надворешен член.

Врз основа на изведениот преглед и оцена на докторската дисертација, Комисијата во наведениот состав, на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## АНАЛИЗА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација припаѓа во научноистражувачкото поле *контрола на квалитет*, во научноистражувачката област *анализа на трошоците за квалитет,* и претставува резултат на изведената анализа на богатиот фонд литературни извори, реализираните аналитички и емпириски истражувања и стекнатите сознанија од практичното искуство на кандидатката м-р Цветанка Велкоска, дипл.маш.инж. Воедно, претставува систематизиран материјал за знаењата, полемиките, спецификите и идните трендови во менаџментот со трошоците за квалитет, од аспект на анализата на субјективната, непостојаната и инвазивната природа на трошоците за квалитет, инклузијата на моделот за трошоците за квалитет во формална рамка како системско решение поддржано од разбирањето на вработените и врвниот менаџмент во компаниите, за потребата од правилно, навремено, конзистентно и континуирано следење на однесувањето на категориите и елементите на трошоците за квалитет во функција од специфичните разбирања за квалитетот. Впрочем, разгледувањето на сеопфатноста, комплексноста и чувствителноста претставува главен аспект и за реализација на истражувањата во докторската дисертација.

Докторската дисертација е напишана на македонски јазик, компјутерски обработен текст, во фонт Times New Roman со македонска поддршка, со 1,5 проред и големина на букви 12, структурирана во седум главни (7) поглавја, напишани на 361 страница и дел – Прилози (24 прилози) со резултати од изведените истражувања напишани на 172 страници.

Даден е преглед на табели, преглед на слики и преглед на поважни означувања и кратенки. Низ поглавјата на докторската дисертација се прикажани 142 слики и 28 табели, а во делот на прилози, 61 табела. Во содржината е даден и список на релевантни библиографски единици со 270 наслови.

Во првото поглавје **(1. Вовед)** е дадено образложение на темата, односно генеза на интересот за докторската дисертација. Најнапред се набележани основните разлики на традиционалниот и модерниот пристап на разбирање на квалитетот, придонесот на иницијативите за квалитет и контраверзноста, природата, критичкиот осврт и спецификите во теоретизирањето за потребата од разгледување на посебна група на трошоци т.н. трошоци за квалитет. Анализата на идентификуваните научни празнини и полемики за класичниот и модерниот пристап на разгледување на трошоците за квалитет претставува предмет на истражување и основа за поставување на научноистражувачките хипотези во смисла дека примената на холистичкиот пристап треба да генерира интегрирана, структурирана и систематична рамка за идентификација, мерење, анализа и менаџмент со трошоците за квалитет, односно за креирање на генерички модел за трошоците за квалитет, во кој корелацијата помеѓу категориите на трошоците за квалитет е услов за успешност во работењето на компаниите, особено преку оптимализација на одлуките на менаџментот што се постигнува со детализирање на елементите на категориите на трошоците за квалитет.

Претставена е методологијата на истражување за реализација на докторската дисертација, која во потребен број на итерации на процесот, ја постигнува реализацијата на поставените цели, очекуваниот научен придонес и резултати и ги потврдува научноистражувачките хипотези.

Во второто поглавје **(2. ЗНАЕЊА ЗА КВАЛИТЕТОТ),** на прегледен и јасен начин се одбележани теоретските и практичните афирмации на знаењата за квалитет, кои не запознаваат со различните концепти на разбирање, применливоста и мотивацијата за развој на знаењата за квалитет. Дадена е продлабочена анализа за поимањето за квалитетот, како комплексен и повеќедимензионален концепт, најпрво поради компонентите кои учествуваат во градбата на разбирањата за квалитетот, а се појавени од развојот и достигнувањето на комплексните социо-материјални односи. Различните аспекти на дефинирање на квалитетот се донесени преку теоретските поставки на Kaoru Ishikawa, Joseph M. Juran, Armand V. Feigenbaum, Genichi Taguchi, William E. Deming, Philip B. Crosby и Garvin D.A. Кандидатката претставила сопствено видување како да се изразат разбирањата за квалитетот и го претставила со теоретска рамка во која се определила за дескриптивен, графички и аналитички начин на изразување. Со дескриптивниот начин се овозможило да се идентификуваат повеќе фокуси во дефинициите и од тој аспект тие биле прифатени како генерички дефиниции за квалитетот. Наведени се и причините поради кои кандидатката се впушта во посеопфатни обиди за унапредување на разбирањата за дефинициите за квалитет. Графичкиот начин на изразување на квалитетот кандидатката го систематизира и од аспект на задоволството на корисникот, организацискиот квалитет, претприемачкиот менаџмент со квалитет и извонредноста. Наведени се основните принципи, разбирањето и моделите на менаџментот со

севкупниот квалитет (Total Quality Management- TQM), извонредноста изразена преку принципот на постојано подобрување и елиминација на загубите, знаењата за менаџментот со знаењето, менаџментот со информациите, менаџментот со неусогласеностите, менаџментот со иновациите, менаџментот со околината, кои се ставени во функција на концептот за трошоците за квалитет за да се согледаат идните трендови во менаџментот со трошоците за квалитет. Аспектот на одржливоста кандидатката го цени за еден од главните фокуси во современиот менаџмент со квалитет, кој треба да обезбеди начин за додавање на вредност од социјален, економски и од аспект на заштита на животната средина уште во најраната фаза од создавањето на производот, а тоа е фазата на дизајн на одржливите производи.

Во третото поглавје **(3. ЗНАЕЊА ЗА ТРОШОЦИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ)** е спроведена продлабочена анализа на знаењата за трошоците за квалитет од алузионен, теоретски, емпириски и од аспект на применливост. Концептот на трошоците за квалитет е претставен како техника и алатка во полето на инжинеријата со квалитет, како методологија која го утврдува степенот на искористеност на компаниските ресурси за активностите поврзани со квалитетот, и овозможува евалуација (ефективност и ефикасност) на програмите за унапредување и на системите за менаџмент со квалитет. Направен е напор да се разберат општоприфатените констатации за трошоците за квалитет, дека „трошоците за квалитет не би постоеле ако работиме правилно и од прв пат“ или „трошоци кои би исчезнале ако отсуствуваат грешките“ или „тие претставуваат разлика помеѓу реалните трошоци и идеалните трошоци за квалитет“. Во интерес на тоа, кандидатката претставила специфични хоризонти на разбирање и прифаќање на концептот на трошоците за квалитет низ теоретските сознанија од познатите гуруа за квалитет, Joseph M. Juran, Armand V. Feigenbaum, Genichi Taguchi и Philip B. Crosby. Освен развојот на научната мисла за концептот за трошоците за квалитет, нејзината верификација низ емпириските истражувања (во периодот од 1970 до 2010 година) покажала дека вредноста на трошоците за слаб квалитет изразени како процент од приходот на компаниите се движи во интервал 5%-40%.

Кандидатката претставила сопствени аналитички истражувања за износот на процентуалната вредност на трошоците за квалитет од вредноста на продажбата (од публикувани референци во периодот 1971-2016 година), од вкупните производни трошоци (од публикувани референци во периодот 1985-2014 година) и од вредноста на договорите (од публикувани референци во периодот 2001-2005 година), покажувајќи дека „типичната скала за вредноста на трошоците за квалитет изразени како процент од компаниски параметар” и понатаму ја бранува стручната и практичната јавност. Резултатите од истражувањата поврзани со примената на трошоците за квалитет во компаниите (од публикувани референци во периодот 1981-2017 година) покажале дека процентот на компаниите кои ги следат трошоците за квалитет е различен за различен тип на компании и различно ниво на зрелост на компаниите во однос на квалитетот. Претставени се и истражувања за измерените (проценети) вредности на категориите на трошоците за квалитет, трошоците за превентива, трошоците за оцена, трошоците за внатрешни грешки, трошоците за надворешни грешки и скриените трошоци (од публикувани референци во периодот 1970- 2016 година). На посебен начин, сакајќи да навлезе во објаснување на експлицитноста и еднозначноста на поимот трошоци за квалитет, кандидатката дава анализа со помали и поголеми сличности во разбирањата и дефинициите, потврдувајќи дека разбирањето на овој поим е флуидно, но во исто време и егзактно. При тоа, ги нагласува темелните вредности и различните пристапи во

разбирањето на трошоците за квалитет (quality costing approach, quality-loss approach, process-cost approach и други).

Кандидатката дава сопствен пристап при анализата и интерпретацијата на моделите на трошоците за квалитет, применувајќи описна интерпретација која ги опишува категориите на трошоците за квалитет, графичка интерпретација која ја илустрира зависноста на трошоците за квалитет и нивото на квалитет и математичка интерпретација која развива рамка за пресметка на трошоците за квалитет. Анализирана е описната интерпретација на моделите кои потекнуваат од работата на Joseph M. Juran, Armand V. Feigenbaum, Philip B. Crosby, описна интерпретација на моделите кои ги интегрираат опортунитетните трошоци, моделите во кои е направена рекатегоризација на PAF (P- prevention, A-appraisal, F-failure) моделот, моделите во кои е вграден принципот на постојаното подобрување на квалитетот, моделите во кои провејува принципот на “cost-benefit”, принципот на профитабилноста, принципот на ориентација кон надворешните засегнати страни, принципот на научените лекции, моделите кои го имаат вградено процесниот пристап, моделите кои го имаат вградено методот ABC (Activity-based costing), моделите со ориентација кон слабиот квалитет, моделите од техничка перспектива, моделите со динамички пристап на разгледување, како и „моделите за национални трошоци за квалитет“.

Од особена важност е богатата графичка интерпретација на моделите за трошоците за квалитет прикажана низ 45 слики, која кандидатката ја согледала, ја систематизирала и ја објаснила низ четирите пристапи идентификувани од анализата: класичен (традиционален) пристап, модификуван пристап, модерен пристап и визионерски пристап. Оттука се произлезени специфичностите и особеностите кои ја опишуваат и елаборираат врската и условите на постоење на оптималниот квалитет и минималните трошоци за квалитет во функција од нивото на квалитет, кои ја претставуваат зависноста помеѓу квалитетот и трошоците за квалитет и меѓусебната зависност на одделните категории на трошоците за квалитет, како и зависностите на категориите во однос на вкупните трошоци за квалитет.

Кандидатката на суптилен начин, и покрај оправданоста за постоење на различностите во однос на разбирањата, аспектите и пристапите при дефинирање на структурата на моделите и меѓусебните зависности на трошоците за квалитет, ја цени и потребата од поуниверзален пристап при разбирањето на трошоците за квалитет, па во таа насока ги продолжува своите истражувања. Најпрво, кандидатката ги анализира разбирањата и компарацијата за традиционалната трипартиена структура (PAF модел), модерната дихотомна структура (трошоци за усогласеност и трошоци за неусогласност), како и моделот за трошоци за процес, откривајќи го степенот на конзистентност на литературните извори во однос на претпоставките кои ги градат трите структури. Понатаму, со несмален интерес се анализираат разбирањата за опортунитетните трошоци- трошоците за изгубени можности, како категорија на трошоци за квалитет, која има силно влијание на вкупните трошоци за квалитет и профитот на компаниите. Претставен е преглед на публикувани генерички модели на трошоците за квалитет. Во услови на непостоење на теоретска рамка, ниту апсолвирана практика за конзистентност во претставувањето на трошоците за квалитет, анализирани се постојните форми, предуслови и начинот на идентификација, собирање, евидентирање, мерење, анализа, контролинг и извесување за трошоците за квалитет, во услови на евидентирани тешкотии и предизвици, како и придобивки од примената. Кандидатката ја претставила математичката интерпретација на моделите на трошоците за квалитет,

односно пресметката на вкупните трошоци за квалитет преку два аспекта на разгледување на примената на трошоците за квалитет. Имено, едниот аспект се однесува на примена на трошоците за квалитет како внатрешна мерка за квалитет на работењето на компаниите, и вториот аспект како глобална мерка за севкупното работење во синџирот на снабдување.

Низ анализата на целите, значењето и корисноста на трошоците за квалитет е потврдена основната причина за постоењето на трошоците за квалитет, а тоа е потребата за унапредување на нивото на квалитетот, а не разбирањето дека преку редукцијата на трошоците за квалитет ќе се постигне оптимално ниво на квалитет.

**Во четвртото поглавје (4. ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА МЕНАЏМЕНТ СО ТРОШОЦИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ),** кандидатката на егзактен начин потврдува дека знаењата за квалитет, знаењата за трошоците за квалитет и знаењата за конкурентните вредности претставуваат влезни знаења за да се придонесе во развојот на методологијата за менаџмент со трошоците за квалитет во насока на создавање на генерички модел за трошоците за квалитет. Од тој аспект, кандидатката ги зема предвид резултатите од:

1.) анализите кои произлегуваат од аналитичките истражувања за разликите и специфичностите во постојните модели за трошоците за квалитет. Разгледувана е дуалистичката природа на структурата на моделите за трошоците за квалитет, односно истовременото постоење на два спротивставени аспекта, од кои едниот аспект ја претставува проактивната страна на концептот за трошоците за квалитет, изразена преку категоријата на трошоците за превентива, а другиот аспект ја претставува реактивната страна на концептот за трошоците за квалитет, изразена преку трошоците за оцена, трошоците за грешки, трошоците за загуби, трошоците за изгубени можности, трошоците за изгубена репутација и слично. Претставено е и согледувањето за постоењето на концептот за трошоците за квалитет, кој е ориентиран кон обезбедување на квалитетот во самите компании (т.н. интровертен) и постоењето на поширокиte концепти на трошоците за квалитет насочени кон обезбедување на квалитетот надвор од компаниите, кај корисниците и општествената заедница (екстравертни). За првите се цени дека се репрезенти на линеарната економија, а кај вторите се препознава концептот кој го отсликува работењето во услови на кружната економија;

2.) анализата на генерички модели во националните и меѓународните стандарди;

3.) анализата на споредбата на класичниот, модерниот и воведениот во докторската дисертација, холистичкиот пристап за трошоците за одржлив квалитет;

4.) анализата на аналитичките истражувања за структурата на категориите на трошоците за квалитет (трошоци за превентива, трошоци за оцена, трошоци за грешки и скриени трошоци и изгубени можности).

Кандидатката претставила концептуална рамка за менаџмент со трошоците за квалитет, во која структурирано и систематично ги вклучила следниве релевантни процедури: а). алгоритам за воведување и имплементација на системот за менаџмент со трошоците за квалитет, б). алгоритам за избор на релевантен пристап и модел за трошоците за квалитет, в). алгоритам за идентификација и категоризација на трошоците за квалитет, г). алгоритам за мерење на трошоците за квалитет, д). алгоритам за менаџмент со трошоците за квалитет, за да може во полн израз да биде искористен потенцијалот од примената на трошоците за квалитет. Алгоритмите преку примена на методолошки пристап овозможуваат да се постигне јасност во разбирањето и

структуриран пристап и систематизирање на меѓусебно поврзаните фази, со цел откривањето и коригирањето на грешките да биде на местото на нивното настанување, а не на местото на нивното појавување, што придонесува да се подигне нивото на управување со квалитетот и тоа да стане посеопфатно. Според кандидатката, менаџментот на трошоците за квалитет е физибилен ако се генерираат услови за точна идентификација и мерење на елементите на трошоците за квалитет разгледувани преку генеричка рамка, во која се интегрирани теоретските сознанија и сознанијата од емпириските студии, практики и позитивни искуства, како и создавање на генерички модел на трошоците за квалитет, кој е наменет и е дизајниран да ги вклучи потребните елементи на трошоците за квалитет во сите етапи на создавање на производот и негова експлоатација кај корисникот и општествената заедница, со што се добива посеопфатна слика за трошоците за квалитет, и се идентификуваат потенцијалните области за унапредување. Притоа, генеричкиот модел е разгледуван во специфичен контекст од аспект на одржливоста т.н. генерички модел за трошоци за одржлив квалитет, со вклучени нови видувања за елементите на трошоците за квалитет, кои треба да ја изразуваат и економската, еколошката и социјалната одржливост.

На овој начин кандидатката поставува нова афирмација за трошоците за квалитет, која гласи: Трошоци за одржлив квалитет = трошоци кои обезбедуваат одржлив квалитет + трошоци кои не обезбедуваат одржлив квалитет. Моделот е претставен во алгоритамски приказ на категориите на трошоците за квалитет и е структуриран во духот да се препознава како репрезент на кружната економија, додека структурата на елементите на трошоците за одржлив квалитет во соодветните категории е претставена преку причинско-последичниот дијаграм на Ишикава.

Крајната цел е преку примена на холистичкиот пристап при разгледување на трошоците за одржлив квалитет да се стимулира примената на концептот за екологија на квалитетот со постојано рафинирање на квалитетот до состојба на ,,чист квалитет ослободен од отпад”, обезбеден преку развој на менталитет на „превенирање на одржливоста“, со бенефити облигаторно преземени на долгорочен план како општествена одговорност.

Во **петтото поглавје (5. РЕЗУЛТАТИ ОД ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ГЕНЕРИЧКИОТ МОДЕЛ)** се изведени емпириски истражувања, во кои преку примена на генеричкиот модел се идентификувани трошоците за одржлив квалитет во компаниите и преку статистичка анализа се утврдува: познавањето и разбирањето на категориите и елементите на трошоците за одржлив квалитет; доминација на категориите на трошоците за одржлив квалитет; рангирање на важноста на елементите на трошоците за одржлив квалитет; кои од одделните елементи на трошоците за одржлив квалитет се мерат, а ако не се мерат, и дали постои интерес да се вклучат во системот за мерење; компатибилноста на постојните сметководствени системи за да ги следи елементите на трошоците за одржлив квалитет; и степенот на имплементација на трошоците за одржлив квалитет. Верификацијата на генеричкиот модел е спроведена со анонимна експертска евалуација, со користење на наменски дизајниран прашалник, со примена на методот Делфи, во повеќе итерации. Како целна група во истражувањето избрани се компании од автомобилската индустрија, за кои е познато дека одржливиот развој е од особена важност и кои се посветени на примена на сертифицирани системи за менаџмент и стандарди, особено за заштита на животната средина, компании кои на повисок степен ги разбираат трошоците за квалитет и соодветно на тоа применуваат системи за нивна идентификација, евиденција,

квантификација и известување, во сите етапи на животниот век на производот. Разработен е дизајн и даден е опис на структурата на прашалникот за експертската евалуација и потврдена е релевантноста на прашалникот. Добиените податоци од прашалниците се систематизирани во Excel, и статистички се обработени со примена на компјутерскиот програм MedCalc Statistical Software version 19.1.3. (MedCalc software bv, Ostend, Belgium; https://www.medcalc.org; 2019).

Дескриптивно - статистичката анализа овозможи кандидатката, на систематизиран начин, да ги претстави резултатите од примената на традиционалните, новите и останатите алатки за менаџмент со квалитет; методите за менаџмент со квалитет и методологиите за унапредување на квалитетот; распределбата на мислењата на експертите за причините за воведување на менаџмент со трошоците за квалитет, за тешкотиите за воведувањето и имплементацијата на трошоците за квалитет и за придобивките од имплементацијата на трошоците за квалитет. Анализата на експертската евалуација за причините, тешкотиите и придобивките, како и за елементите на трошоците за превентива, трошоците за оцена, трошоците за внатрешни и надворешни грешки, кандидатката ја систематизирала во табеларен преглед во кој се дадени оцените на експертите, распонот на оцените, средната вредност, стандардната девијација, квартил Q1, квартил Q2, медијаната и рангирањето на прашањата по значајност. При анализата на категориите на трошоците за квалитет, кандидатката усвоила дека основа за прекинување на бројот на итерации во експертската евалуација претставува постигнувањето на соодветен коефициент на конкордација (коефициент на усогласеност) и пресметаната средна вредност на експертските мислења која треба да се наоѓа во меѓуквартилниот распон, што гарантира постигнување на консензус на експертските мислења. Понатаму, со експертската евалуација се добиени резултатите по прашањата: Дали ги мерите елементите на трошоците за превентива?, Дали би сакале да ги мерите елементите на трошоците за превентива?, и Дали постојниот сметководствен систем има можност и ги следи елементите на трошоците за превентива?. Истото е направено и за трошоците за оцена, трошоците за внатрешни грешки и трошоците за надворешни грешки.

Анализата за корисност од примената на менаџментот со трошоците за квалитет, кандидатката ја претставува за избрани репрезентативни сценарија, и за нив на графички начин ги прикажува меѓусебните зависности на трошоците за превентива, трошоците за оцена, трошоците за внатрешни грешки, трошоците за надворешни грешки и вкупните трошоци за квалитет, во функција од нивото на квалитет (времето). Регистрирана е силна зависност помеѓу двете главни категории на трошоците за квалитет - категоријата на трошоци за усогласеност (трошоци за превентива и трошоци за оцена) и категоријата на трошоци за неусогласеност (трошоци за внатрешни и трошоци за надворешни грешки), што укажува дека постои одзив од направените инвестиции во превентивата и во оцената, а претставува одлика на компании кои се посветени на постојано подобрување и одржување на високо ниво на квалитет.

Во **шестото поглавје (6. ЗАКЛУЧОЦИ)** се сублимирани и систематски се презентирани заклучоци со епистемолошки, мериторен и утилитарен карактер, како и посочени се насоки за понатамошни истражувања. За нагласување се заклучоците со мериторен карактер од кои јасно се гледа дека кандидатката во целост ги има реализирано поставените цели во истражувањата, како и во целост ги потврдува поставените научноистражувачки хипотези.

Во **седмото поглавје (7. ЛИТЕРАТУРА)** е даден списокот на литературни извори, вкупно 270 референции, кои се користени од кандидатката при изработка на докторската дисертација. На крај, како составен дел од докторската дисертација, е даден **прилог** во кои се претставени добиените резултати од изведените истражувања.

**ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ**

За да може менаџментот со трошоците за квалитет да се применува за унапредување на квалитетот преку идентификација на слабите места, превземање на корективни и превентивни активности и намалување на вкупните трошоци за квалитет, кандидатката направила напор да ги идентификува научните празнини, недостатоците, критиките, полемиките и предизвиците поврзани со проблематиката за трошоците за квалитет, и да ги прифати, да ги разгледа и да ги анализира во духот на континуирано и унапредено разбирање на трошоците за квалитет во хармонизиран однос со тековните разбирања за квалитет.

На овој начин, преку идентификација на научните празнини и полемики произлезени од аналитичките истражувања, кандидатката ја има осознаено состојбата на подрачјето во кое е дефиниран предметот на истражување во докторската дисертација. Најпрво е констатирана потребата да се потврди непосредната врска помеѓу разбирањето на трошоците за квалитет со поимот за квалитет, како подеднакво важни во менаџментот со квалитет.

Според кандидатката претпоставките кои го објаснуваат класичниот пристап за трошоците за квалитет веќе се застарени и не одговараат на унапредените состојби и перспективи за работење на компаниите, додека модерниот и визионерскиот пристап за трошоците за квалитет ја одразуваат состојбата многу поблиску и пореално до моменталниот начин на работење.

Кандидатката ја согледува потребата од генерирање на поинтегрирана, структуирана и систематична рамка за идентификација, мерење, анализа и менаџмент со трошоците за квалитет, како и создавање на генерички модел кој трошоците за квалитет ќе ги разгледува во поспецификен контекст.

Во предметот на истражување кандидатката се фокусира на оспореноста на имплементацијата на трошоците за квалитет поради постоење на субјективност, инвазивност и макотрпната природа; отсуството на скриените трошоци; тешкотиите околу дефинирањето на природата на превентивните активности и активностите за оцена; постоењето на системи за следење на трошоците за квалитет, кои не се ниту традиционални сметководствени системи, ниту класична методологија за пресметување на трошоците, не се лесно разбирливи и инклузивно прифатени во постојните системи; недостатокот на широк консензус во врска со дефинирање на структурата на трошоците за квалитет и определување на сите елементи во категориите на трошоците за квалитет; недостатокот на правилно и навремено идентификување и мерење на елементите на трошоците за квалитет; постоењето на различните пристапи и модели на трошоците за квалитет, тешкотиите и неможноста да се идентификуваат елементите на трошоците за квалитет кои се поврзани со последиците од неквалитетот по корисникот и општествената заедница кои ја усложнуваат математичката интерпретација на трошоците за квалитет, и внесуваат полемики во определувањето на меѓусебната зависност помеѓу нивото на квалитетот и трошоците за квалитет.

Во предметот на истражување се содржани и некои од позначајните полемики, како: спротивставените мислења за практичноста и остварливоста на премисата за постигнување на ниво на квалитет - 100% перфекција; силната условеност за постигнување на перфекцијата само на долгорочен план со континуитет во постигнувањето на повисоко ниво на квалитет, целосна контрола на варијабилноста на процесите, иновативен пристап и придонес на научените лекции во организациското учење; начинот на надминување на традиционалниот менталитет за контрола на

производите и прифаќање на новиот ефективен и ефикасен систем за мониторинг на процесот, преку статистичка контрола на процесот; природата и сензитивноста на елементите на трошоците за квалитет која треба да наметне нов начин на размислување во пристапот за постојано подобрување на квалитетот; разбирањата за постоењето на внатрешно и надворешно ниво на квалитет поврзано со трошоците за оцена; начинот на транзиција од „менталитет на контрола“ кон „менталитет на превентива“; начинот на кој се пристапува при идентификација и мерење на скриените трошоци за квалитет; истовремено разгледување на перспективата на минимализација на трошоците и перспективата на максимализација на профитот, при преминот од едно ниво на квалитет кон друго ниво на квалитет.

Разгледувањето, анализата и синтезата на новите сознанија на погоре изложените полемики, дебати и специфики претставуваат посебен интерес за истражување и создаваат основи за придонес во развојот на методологијата за менаџмент со трошоците за квалитет, што е предмет на истражување во докторската дисертација.

**ОПИС НА ПРИМЕНЕТИТЕ МЕТОДИ**

Применетата методологија за истражување произлегува од потребата да се осознаат научните празнини и полемики поврзани со предметот на истражувањето. Во таа насока, кандидатката научноистражувачките активности ги реализира преку аналитички и емпириски истражувања, во насока на поставување и докажување на научноистражувачките хипотези.

Во рамките на аналитичките истражувања применета е хронолошка, компаративна, логичка и систематска анализа на научната литература, која и овозможила на кандидатката стекнување на продлабочени сознанија и изведување на претпоставки и насоки за реализација на дополнителните истражувања.

Емпириското истражување кое се однесува на демографските податоци на компаниите, причините за воведување на трошоците за квалитет, тешкотиите и придобивките од воведувањето на трошоците за квалитет, е изведено со примена на метод на експертска евалуација, преку наменски дизајниран прашалник, доставен до компании од автомобилската индустрија. Податоците од истражувањето се систематизирани во Excel и се анализирани со примена на дескриптивно статистичка анализа и претставени се во графичка форма.

Емпириското истражување во однос на верификацијата на генеричкиот модел за трошоците за одржлив квалитет е изведена по пат на анализа на мислењата добиени од експертите од компаниите од автомобилската индустрија, со примена на методот Делфи, во повеќе итерации, систематизирани во Excel, и статистички обработени со примена на компјутерскиот програм MedCalc Statistical Software version 19.1.3. (MedCalc software bv, Ostend, Belgium; https://www.medcalc.org; 2019).

**ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

Од реализираните сеопфатни аналитички и емпириски истражувања се добиени следниве позначајни резултати:

- Методологијата за менаџмент со трошоците за квалитет преку структурирано и систематично вклучување на сите релевантни процедури овозможува поцелосно искористување на потенцијалот на трошоците за квалитет.

- Поставување на нова афирмација за трошоците за квалитет, земајќи го предвид аспектот на одржливост, која гласи: Трошоци за одржлив квалитет = трошоци кои обезбедуваат одржлив квалитет + трошоци кои не обезбедуваат одржлив квалитет.

- Експертската евалуација покажа високо ниво на усогласеност во однос на тесните грла и местата за унапредување на кои треба да се фокусираат компаниите и ги потврди трошоците за квалитет како мерливи показатели за оценка на успешноста на компаниите.

- Експертските мислења се најусогласени (коефициент на конкордација C = 0,694) кога станува збор за значајност на трошоците за внатрешни грешки во однос на останатите категории на трошоците за квалитет. Имено, тие се користат како генератор на активности за изнаоѓање на причините за настанување на слабиот квалитет.

- Во однос на мерењето на трошоците за квалитет, само 50% од компаниите ги мерат невидливите и потешки за идентификација трошоци за квалитет. Согласно со рангирањето по значајност, на скала од 1 до 13, трошоците за прекин на процес се на 4-то место по значајност во категоријата на трошоци за надворешни грешки, а на 2-ро место по значајност во категоријата на трошоци за внатрешни грешки, додека трошоците за изгубени можности се на 5-то место по значајност во категоријата на трошоците за надворешни грешки.

- Преку примената на генеричкиот модел, компаниите го потврдија одзивот на трошоците за неусогласеност (трошоци за внатрешни и надворешни грешки), како резултат на преземените активности во трошоците за усогласеност (трошоци за превентивата и за оцена). Притоа е регистрирана силна зависност помеѓу категоријата на трошоците за усогласеност и трошоците за неусогласеност, како и поодделно трошоците за превентива и трошоците за оцена со трошоците за внатрешни грешки и трошоците за надворешни грешки.

**НАУЧЕН ПРИДОНЕС**

Врз база на спроведената анализа на научните литературни извори, како и сопствените искуства на кандидатката стекнати преку аналитичките и емпириските истражувања, потврдено е дека со структурирано и систематично вклучување на сите релевантни процедури (алгоритми) произлезени од менаџментот со трошоците за квалитет може да се постигне јасност во разбирањето и да се овозможи систематичен пристап, со цел откривањето и коригирањето на грешките да биде на местото на нивното настанување, а не на местото на нивното појавување, што придонесува да се подигне нивото на менаџментот со трошоците за квалитет и тоа да стане посеопфатно.

Воедно, примената на генеричкиот модел за трошоците за одржлив квалитет, во прва фаза, ги направи „повидливи и порепрезентативни“ категориите и елементите на трошоците за квалитет, а во втора фаза, преку експертската евалуација се утврди постоењето на влијанието на категориите (елементите) на трошоците за квалитет на нивото на квалитет и се определи корелацијата помеѓу категориите на трошоците за квалитет, како и важноста од идентификацијата на сите релевантни елементи на трошоците за квалитет, што претставува научен придонес во методологијата за менаџмент со трошоците за квалитет.

**ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА И ОГРАНИЧУВАЊА**

Согласно со резултатите од реализираните истражувања, а содржани во утилитарните заклучоци, методологијата за менаџмент со трошоците за квалитет, според кандидатката, треба да послужи во процесот на донесување на аргументирани одлуки на менаџментот, асистирајќи во планирањето, реализацијата и евалуацијата на трошоците за квалитет, за производите во етапите на нивното настанување, експлоатација и одлагање како отпад, со цел да се постигнат минимални трошоци за квалитет во услови на најниска осетливост на производот на надворешните влијанија, со што би се одржувало нивото на квалитет и би се зголемил профитот на компаниите.

Од генеричкиот модел за трошоците за одржлив квалитет, кандидатката очекува да се развие формална рамка за следење на трошоците за квалитет која ќе нуди корисни сознанија за идентификацијата и однесувањето на категориите и елементите на трошоците за квалитет, и ќе биде разбран во компаниите и индустриите за утврдување на вредноста на инвестицијата во квалитет, како и повратот на инвестицијата во квалитет, односно да може да се процени ефикасноста на преземените мерки за подобрување, помагајќи му на веќе постојниот сметководствен систем за евиденција и пресметка на трошоците во компаниите.

Истражувањата покажаа широка универзалност на примената на методологијата за менаџмент со трошоците за квалитет. Ограничувањата на примената на оваа методологија најмногу се условени од ниското ниво на зрелост на компанијата во однос на практикувањето на квалитетот и познавањата на трошоците за квалитет, што се директна последица од целите и очекуваните резултати на компаниите.

**ПОНАТАМОШНИ ИСТРАЖУВАЊА**

Во докторската дисертација кандидатката ги набележува насоките за изведување на понатамошните истражувања, претставени како насоки со епистемолошки, мериторен и утилитарен карактер.

Насоките со **епистемолошки карактер** се однесуваат на: унапредување и развој на примената на трошоците за квалитет преку мотивација на вработените, унапредување на структурата на моделот за трошоците за квалитет со вклучување на нови елементи (за иновација, логистика, заштита на средината), истражувања за споредбата на трошоците за квалитет во различни индустрии, профитни и непрофитни организации, јавни организации и приватни компании, и споредба на познатите состојби, знаења и практики во различните култури (европската, јапонската, американската и азиската култура), што може да придонесе за транспарентно споделување, размена и надополнување на цивилизациското учење за трошоците за квалитет.

Насоките со **мериторен карактер** се особено значајни бидејќи се однесуваат на идно истражување за ефективноста на одделните елементи на категориите на трошоците за квалитет врз унапредувањето на квалитетот, и дообјаснување на временската димензија на трошоците за квалитет и временскиот расчекор помеѓу инвестициите и повратот од инвестициите (особено и заради обврските за гаранциски услуги), со што би се влијаело на разбирањата на зависностите помеѓу трошоците за квалитет.

Насоките со **утилитарен карактер** имаат за цел да поттикнат поцелосно искористување на придобивките од трошоците за квалитетот, и особено се однесуваат

на создавање на услови и опкружување (преку академска, експертска и институционална поддршка, поддршка од менаџерите, индустриските асоцијации и сл.), за осознавање на применливоста и придобивките од моделот за трошоци за квалитет, продлабочување на сознанијата за полесна и поедноставна примена на процедурите (алгоритмите) во процесот на менаџмент со трошоците за квалитет, како и на можностите за дисеминација на знаењата за елементите на трошоците за квалитет преку формирање на база на податоци и информации за трошоците за квалитет, на ниво на компанија, на ниво на индустрија, на ниво на гранка на индустрија и слично.

**ФОРМАЛНА ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**

Од формален аспект, кандидатката при изработката и поднесувањето на докторската дисертација ги задоволила барањата утврдени во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245, 2 мај 2013).

Пред одбраната на докторската дисертација, кандидатката ги објавила следниве рецензирани научноистражувачки трудови:

[1]. Cvetanka Velkoska, Mikolaj Kuzinovski, Mite Tomov: A review of the quality cost structure definition models-theoretical approach, Proceedings of 13th International Scientific Conference Novi Sad, Serbia September 28-29, 2018, pp. 161-164.

[2]. Cvetanka Velkoska, Mikolaj Kuzinovski, Mite Tomov: Algorithm for introduction of the quality costs determination system, Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol. 26, No. 1, pp. 31-37 (2018).

[3]. Cvetanka Velkoska, Mite Tomov, Mikolaj Kuzinovski: Theoretical aspects related to the creation of algorithm for quality cost measurement system, Proceedings of 13th International Scientific Conference Novi Sad, Serbia September 28-29, 2018, pp. 165-168.

[4]. Cvetanka Velkoska, Mite Tomov, Mikolaj Kuzinovski: Aplication of the “vital few and trivial many” phenomenon as a function of the quality costs concept, Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol. 26, No. 1, pp. 39-45 (2018).

[5]. Velkoska C., Tomov M., Kuzinovski M.: Theoretical aspects related to the creation of algorithm for quality cost measurement system, Journal of Production Engineering, Vol. 21, No.2, 2018, pp. 65-68, http://doi.org/10.24867/JPE-2018-02-065.

**МЕРИТОРНА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**

Од претставената содржина на докторската дисертација, се согледува дека кандидатката м-р Цветанка Велкоска, дипл.маш.инж., на комплексен начин пристапила во анализата и претставувањето на прашањата кои ја бранувааат стручната и експертската јавност, а се од особено значење за идните трендови во развојот на методологијата за менаџмент со трошоците за квалитет. Најпрво, кандидатката преку реализираните сеопфатни истражувања на достапните литературни извори и стекнатите сопствени искуства, ги идентификувала, ги систематизирала и ги анализирала знаењата, кои се неопходни за да се постават основите за развој на методологијата за менаџмент со трошоците за квалитет.

Стекнатите знаења од аналитичките и емпириските истражувања овозможија да се добијат основани и значајни резултати во насока на продлабочување и унапредување на постојното знаење, потврдување на поставените цели и очекувани резултати, и постигнување на нивото на реализација на поставените научноистражувачки хипотези.

Чувствителноста на предметот на истражување, поради неговата контраверзност, природата, различноста на аспектите и пристапите за негово разбирање, како и конструктивниот критички осврт и дебатите за значењето и корисноста од примената на концептот за трошоците за квалитет, кандидатката ја препознава и ја вградува при поставување на научноистражувачките хипотези. Крајната цел на кандидатката е добивање на резултати со кои ќе се овозможи научен придонес во разгледуваната област, особено со високо ниво на реализираност на поставените научноистражувачки хипотези.

Вредно за одбележување е и тоа што кандидатката воведува холистички пристап, односно сеопфатна (интегрирана) анализа на разбирањата за квалитет, разбирањата за природата, идентификацијата, мерењето, анализата и менаџментот со трошоците за квалитет, како и разбирањата за причините, тешкотиите и корисностите од примената на трошоците за квалитет, за да може да се создадат предуслови за креирање на аргументирана и посеопфатна методологија за менаџмент со трошоците за квалитет, како и создавање на генерички модел кој трошоците за квалитет ќе ги разгледува во поспецификен контекст.

Се нагласува дека верификацијата на применливоста на генеричкиот модел во практика е можна ако генеричкиот модел се разгледува како целина, при што има потенцијал да ги разоткрива разбирањата за категориите на трошоците за квалитет и да ги нијансира елементите на категориите на трошоците за квалитет.

Новина е и тоа што кандидатката во процесот на експертската евалуација иницирала детализирање на елементите на категориите за трошоците за одржлив квалитет, што најпрво било прифатено од страна на експертите, а потоа и соодветно било евидентирано по категории на трошоците за квалитет за идна надградба на сметководствениот систем.

Кандидатката констатирала дека врз основа на резултатите од евидентирањето на елементите за трошоците за квалитет и откривањето на корелацијата помеѓу категориите на трошоците за квалитет се создаваат услови за оптимализација на одлуките на менаџментот, а со тоа и за успешност во работењето на компаниите.

## ОЦЕНА НА МЕТОДОЛОШКИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Посебно внимание заслужува применетиот методолошки пристап за реализација на поставените цели и научноистражувачките хипотези во докторската дисертација. Станува збор за посветеноста на кандидатката м-р Цветанка Велкоска, дипл.маш.инж., да обезбеди веродостојни аналитички истражувања и услови за изведување на емпириските истражувања, насоки и резултати за адекватно решавање на поставените цели, научноистражувачки хипотези и очекувани резултати, преку:

- анализа на 270 референци, од областа на предметот на истражувањето;
- аналитички истражувања кои треба да ги идентификуваат придобивките, слабостите, лимитациите, полемиките, дилемите, ризиците и можностите, кои се

во тесна врска со очекуваните резултати кои, пак, се предуслов за придонес во развојот на методологијата за менаџмент со трошоците за квалитет;

- теоретско и емпириско истражување, при кое кандидатката преку интерактивна соработка и размена на мислења со научни лица и експерти од областа на квалитетот од земјата и од странство (Вроцлавска Политехника) се стекнала со продлабочени сознанија и насоки за обезбедување на релевантност на резултатите во докторската дисертација;
- продлабочување на постојното знаење за трошоците за квалитет за создавање на генерички модел разработен низ призмата на аспектот за одржливоста, како и разработка на процедури за негова примена;
- верификација на генеричкиот модел за трошоците за одржлив квалитет во компаниите, и верификација врз база на теоретските сознанија од аналитичките истражувања;
- верификација на етапно постигнатите резултати од истражувањата во докторската дисертација со учество на меѓународни конференции, објавување на трудови во зборници на трудови на конференции, како и објавување во меѓународни списанија.

Поради комплексноста и особеностите на предметот на истражување во докторската дисертација, кандидатката се одлучила на примена на иновативен пристап во претставувањето на интересните размислувања и покажала солидно познавање во областа на трошоците за квалитет, потребно за обезбедување на правилни услови за добивање на адекватни научноистражувачки резултати, прикажани на начин и форма кои ја задоволуваат поставената цел, за донесување на правилни и корисни заклучоци со кои се проширува знаењето од областа на трошоците за квалитет.

Докторската дисертација на кандидатката претставува оригинален и самостоен научен труд, кој според методологијата на изработка и степенот на придонесот кон науката ги утврдува способностите на кандидатката м-р Цветанка Велкоска, да работи во науката како самостоен истражувач.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Имајќи ги предвид позитивните елементи од формалната оцена, мериторната оцена и оцената на методолошките вредности на докторската дисертација, пред сé нејзината комплексност и сеопфатност во услови на постоење на научни празнини и полемики, добиените резултати од изведените аналитички научни истражувања кои се однесуваат на развојот и достигнувањата во областа на квалитетот и во областа на трошоците за квалитет, создавањето на предуслови за претставување на поегзактна (структурирана и конзистентна) методологија за менаџмент со трошоците за квалитет, адекватниот методички пристап, примената на софтверските пакети при решавање на научните задачи, вредните, во значителен степен, оригинални резултати од аналитичкото и емпириското истражување, нивната правилна обработка, прифатениот пристап за верификација на резултатите од истражувањата преку објавување на научни трудови на конференции и во научни списанија, актуелноста на обработуваната проблематика во докторската дисертација, солидните познавања на кандидатката во областа на контролата на квалитетот и анализата на трошоците за квалитет, како и

нагласената аналитичност, систематичност и интерес за продлабочени размислувања на кандидатката и поседувањето на способности и вештини за самостојно решавање на научни проблеми, Комисијата смета дека докторската дисертација со наслов:

**ПРИДОНЕС ВО РАЗВОЈОТ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА МЕНАЏМЕНТ СО ТРОШОЦИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ,**

изработена од м-р Цветанка Велкоска, дипл.маш.инж., претставува оригинален и самостоен научен труд кој дава значаен научен и апликативен придонес и во целост ги исполнува критериумите и барањата поставени пред докторските дисертации.

Комисијата, со особено задоволство, предлага Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати овој Извештај и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

**К о м и с и ј а**

**Проф. д-р Владимир Дуковски – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Миколај Кузиновски - ментор, член, с.р.**
**Проф. д-р Валентина Гечевска – член, с.р.**
**Вон. проф. д-р Мите Томов – член, с.р.**
**Вон. проф. д-р Мишко Џидров - надворешен член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ФОРМАТА ЗА АДИТИВНО ПРОИЗВОДСТВО“ ОД М-Р ЈЕЛЕНА ЏОКИЌ, ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 28.11.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Јелена Џокиќ со наслов „Дизајнирање на формата за адитивно производство“, во состав: проф. д-р Софија Сидоренко (претседател), проф. д-р Татјана Кандикјан (ментор), проф. д-р Атанас Кочов (член), проф. д-р Ристо Ташевски (член) и проф. д-р Александар Маринковиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јелена Џокиќ, со наслов „Дизајнирање на формата за адитивно производство“, содржи 160 страници компјутерски обработен текст во фонт Skola Serif Office, со 1,5 проред и големина на букви 11, со 4 фусноти, 112 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи и интернет-ресурси. Литературните извори и сопствените истражувања се илустрирани со 85 слики, 20 табели и 7 графици.

Организацијата на темата во осум глави ја отсликува структурата на реализираниот труд. Во Глава 1 е даден воведот, и образложена е потребата од истражувањето; во Глава 2 се презентирани претходните теоретски истражувања, како и предложената методологија на истражувањето; во Глава 3 се презентирани квантитативните истражувања, односно се дефинира доменот на истражувањата; во Глава 4 се презентирани квалитативните истражувања, односно експериментите спроведени од кандидатката м-р Јелена Џокиќ; во Глава 5 е даден преглед на развиените препораки и правила за дизајнирање за ЕМ; во Глава 6 е претставен дизајн на референтен модел, кој го предлага м-р Јелена Џокиќ; во Глава 7 се презентирани препораки за дизајн на формата за економично ПЕМ и примена на правилата и препораките на реални примери, со цел да се анализира повратното влијанието на технологијата врз дизајнот; конечно, во Глава 8 се даваат заклучоците и препораките за идните истражувања.

Во **Глава 1**, кандидатката дава вовед во темата на истражувањето и ги дефинира целите, методологијата и значењето на истражувањето. Со краток преглед на актуелната состојба се прикажува интересот на индустриските дизајнери за технологиите на АП, кои овозможуваат голема слобода во изработка на делови со сложена геометрија. Дополнително, во воведот се укажува дека со користење на овие технологии уште во концептната фаза, значително се забрзува процесот на изработка на прототипни решенија, а со тоа и започнувањето на производниот процес. Поради тоа, предмет на оваа докторска дисертација е поставување на нов методолошки пристап и развој на алатка со што ќе се издвојат и земат предвид карактеристиките на АП при дизајнирањето на деловите. Главната хипотеза е поставена во релација на предметот со целите, а тоа е дека индустриските дизајнери имаат потреба од алатка која ќе им помогне во процесот на дизајнирање во насока на примена на технологиите на АП. Истражувањето кое се спроведува во оваа докторска дисертација има научно, но и апликативно значење.

Во **Глава 2** е даден преглед на тековната состојба во истражуваната област, со поголем осврт на истражувањата во областа на дизајнот за адитивно производство (АП).

Во **Глава 3** е претставено квантитативното истражување, односно определен е доменот на истражувањето, кое е насочено кон техниките за креирање на параметарски испитни модели, и кон процесот на нанесување слоеви со екструдирање на материјал (ЕМ), како технологија за АП која се применува при експерименталните истражувања. Даден е и осврт на потребата од креирање на детални правила за дизајнирање на формата при проектирање за екструдирање на материјал (ПЕМ), кои соодветствуваат на нивото на развојот на оваа технологија. Предложени се основни и сложени испитни модели и претставен е нивниот дизајн. Објаснета е и постапката за

математичко моделирање, како флексибилен метод за моделирање на сложени геометриски форми, како и конверзијата на геометриските модели во формат за потребите на ПЕМ. Одбрани се и вредностите за технолошките параметри кои се користат при експериментирањето со неколку машини.

**Глава 4** е посветена на квалитативното истражување, односно спроведените експериментални истражувања и нивна анализа. Спроведените експерименти се со цел да ги утврдат граничните вредности на мерките со кои се определуваат можностите на технологијата за задоволителна изработка на најразлични елементарни и посложени форми. Оценувањето е извршено со примена на неколку техники за анализа на геометријата на рабовите и површините на изработените испитни парчиња, кои што вклучуваат визуелен преглед, мерења, скенирање и виртуелна анализа преку споредба со „идеалниот“ компјутерски геометриски модел. Притоа, за детектираните неправилности, одредени се причините за нивната појава, како и вредностите на параметрите кои се одлучувачки за да се оцени дали изработката ќе се смета за неправилна, пред сѐ од страна на корисникот.

Во **Глава 5** се сумирани и организирани правилата за проценка на можностите на одбраната технологија и препораките за правилно дизајнирање на деловите со кои се овозможува изработка на квалитетни делови, со што во голема мера се олеснува ПЕМ. Со тоа се креира еден вид на помагало кое може да се користи во процесот на ПЕМ.

Во **Глава 6** е претставен сопствен референтен параметарски геометриски модел, кој е дизајниран со цел да овозможи брза и едноставна проверка на границите на можностите на конкретна технологија и машина. Ваквиот референтен модел треба на едноставен начин, во збиена форма и со примена на малку материјал, да ги направи достапни и препознатливи за корисниците можностите на технологијата и машината која ја користат. Преку печатењето на референтниот модел, на едно место се добиваат изработени различни геометриски елементи со променливи димензии. Резултатите добиени со печатењето на референтниот модел, даваат соодветни насоки за правилно дизајнирање за ЕМ, при што се инкорпорираат и повеќе правила за дизајн за АП.

Во **Глава 7** е претставено множество на посебни препораки за дизајн на формата за економично ПЕМ до кои е дојдено низ сопствено искуство и анализа на многу примери. За успешен дизајн, покрај задоволувањето на низа функционални, естетски и технолошки критериуми, мора да се искористат специфичните можности на технологијата за поекономична изработка на современи производи со сложена форма. Со предложените правила се прави напор да им се помогне на дизајнерите да ја проценат погодноста за изработка на надворешната форма и нејзините специфични елементи уште во фаза на конципирањето на дизајнот на производот. Правилата и препораките се применети преку реализирани студентски и други проекти за дизајн на современо дизајнирани прототипови и производи, изработени со ЕМ.

Во **Глава 8** се сумирани заклучоците и насоките за идните истражувања во процесот на детектирање на тешкотиите при изработката со АП и креирањето на правила и препораки за нивно надминување, како и за развој на современо помагало за дизајнирање за АП.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување во оваа докторска дисертација е правилното дизајнирање на делови со сложена форма, предвидени за изработка со примена на адитивните технологии, како и развој на алатки за потпомагање на креативно размислување на дизајнерите за форми на делови, што не се само функционални и стилски, туку и економични за производство со адитивните технологии.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Технологиите за адитивното производство се во фаза на бурен развиток. До пред неколку години се применуваа најчесто за брза изработка на прототипови, но во поново време стануваат алатка за многу флексибилно поединечно и сериско производство на делови со сложена форма, како и за производство на алати. Од друга страна, технологиите на дизајнирање на производи со сложена форма, префинети детали и стил стануваат моќно средство за креирање на нови производи по желба на потрошувачот. Искористувањето на можностите на АП, како и можностите на новите софтвери за моделирање на слободни форми е вистински предизвик за дизајнерите, кои треба да ги задоволат барањата на потрошувачите за стил и функционалност,

како и да размислуваат за економичноста на производството на креираните форми, со што би се зголемила прифатливоста на дизајните и би се намалило времето потребно за развој на нови производи. Поради постојаниот развој на адитивните технологии, се внесуваат нови можности и правила за нивна примена. Дизајнирањето за адитивните технологии е тема на повеќе научни истражувања, кои се цитирани во текстот и неколку светски собири.

**Краток опис на применетите методи**

Во рамките на истражувањето, користени се квантитативни методи со цел да се дефинира доменот на истражувањето, да се дизајнираат испитни парчиња со карактеристични елементи на формата, како и да се дизајнираат делови какви што се среќаваат во индустрискиот дизајн и се, пред сè наменети за изработка со адитивните технологии.

При дизајнирањето на моделите и испитните парчиња користени се методите на параметарското моделирање, како и математичкото моделирање на сложени форми.

Квалитативните методи овозможуваат да се изведат правила за дизајнирање со ЕМ врз база на спроведените експерименти. Притоа се користени визуелни, мерни и виртуелни техники за оценка на квалитетот на изработените испитни парчиња. Правилата се рангирани и организирани според сложеноста и подрачјето на примена.

Синтезата е примената за да се креира атрактивен, збиен и практичен референтен модел кој му овозможува на корисникот брзо и едноставно да ги оцени можностите на конкретна технологија за изработка на различни елементи на формата кои може да бидат критични за квалитетот на делот.

Со помош на дедукција и врз основа на сопствено искуство, изведени се низа на правила и препораки за оформување на дизајните во концептуалната фаза, со цел да се постигне поголема економичност при нивната изработка со АП, при што се заштедува на време за изработка, употребен материјал, како и време за отстранување на структурите за потпора.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Во рамките на истражувањето е постигнато следново:

- креирана е методологија за креирање на правила за проценка и зголемување на подобноста на дизајнот на деловите за нивна изработка со АП;
- креирани се соодветни модели на испитни парчиња и спроведени се експерименти со кои се утврдуваат/проверуваат можностите за изработка со одбрана АП;
- изведени се правила за проектирање за АП за делови со различни елементи на формата;
- креиран е оригинален референтен модел за поедноставно тестирање на можностите на конкретна технологија/машина;
- дефинирани се препораки за дизајнирање на формата кои овозможуваат правилно искористување на предностите што ги нуди применетата технологија на ПЕМ, за подобрување на економичноста на изработката, уште во фазата на конципирањето на формата на деловите.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јелена Џокиќ, со наслов „Дизајнирање за адитивните технологии при моделирање на формата“, претставува истражување во областа на машинството/21400 општо машинство, проектирање и машински конструкции/ 21424 друго - индустриски дизајн. Изработката на темата на оваа докторска дисертација ги исполнува целите на истражувањето, односно врз база на теоретски, експериментални и искуствени знаења, да се креираат правила за дизајнирање на формата и проектирање на изработката на делови со помош на адитивните технологии, при што се дава конкретен научен придонес кон унапредувањето на знаењата и практиката за дизајнирање, проектирање и економична изработка на делби со адитивните технологии, со посебен акцент на технологијата за нанесување на слоеви со екструдирање на материјал.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јелена Џокиќ, со наслов „Дизајнирање за адитивните технологии при моделирање на формата“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор), следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. **Djokikj J**., Jovanova J.: „DfAM of Nonlinear Cellular Flexible Structures“, објавен: SMASIS 2019 Proceedings, ASME Conference. Линк: https://doi.org/10.1115/SMASIS2019-5673SMASIS 2019.

[2]. **Djokikj J**., Kandikjan T.: „Sustainability aspects of additive manufacturing“, објавен: Mechanical Engineering - Scientific Journal, Vol 36 (2), 2018. Линк: shorturl.at/cfgyW.

[3]. **Djokikj J**., Kandikjan T.: „Sustainability aspects of additive manufacturing“, објавен: GREDIT 2018 Book of Abstract, 22-24.3.2018. Skopje, R.N.M. Линк: shorturl.at/rxQV0.

[4]. **Micevska J**., Kandikjan T.: „Personalization in Design through New Technological Achievements“, објавен: South East European Journal of Architecture and Design, 2016. Линк: shorturl.at/vHIKX.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатката се: методологија за креирање на: 1) алатки и правила за детално конструирање на делови погодни за изработка со адитивни технологии; 2) оригинален референтен модел за брза оценка на можностите на технологијата за изработка на различни геометриски елементи на деловите; и 3) препораки за дизајнирање на формата на производот при неговото конципирање со цел да се подобри неговата погодност и економичност за изработка со адитивните технологии.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: креираните правила се однесуваат претежно на технологијата за изработка на делови со нанесување слоеви на екструдиран материјал. Креираните правила и препораки се наменети: еден дел за детално оформување на деловите врз база на едноставно испитување на граничните можности на конкретната технологија/машина; а друг дел за конципирање на делови со форма и детали кои се погодни за економична изработка со одбраната технологија за адитивно производство.

Можните понатамошни истражувања се во: проширување и менување на правилата за оценка на погодноста на деловите во согласност со: развојот на технологијата, зголемувањето на можностите на машините за вршење на различни движења при изработка, воведувањето на нови материјали, користењето на повеќе материјали за изработка на ист дел и друго; подобрување на алатките за ефикасно обучување на дизајнерите за предностите, ограничувањата и економските аспекти на адитивните технологии уште во фазата на конципирање на формата на производот.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Јелена Џокиќ** со наслов **„**Дизајнирање на формата за адитивно производство**“.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Софија Сидоренко, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Кандикјан, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Атанас Кочов, член, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Ташевски, член, с.р.**
**Проф. д-р Александар Маринковиќ, член, с.р.**

УНИВЕРЗИТЕТ „Св. Кирил и Методиј” - СКОПЈЕ

**До:**
**Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје**
**Рецензентската комисија**

**ПРЕДМЕТ: Приговор на Рефератот за избор во наставно – научни звања од областа интерна медицина и токсикологија објавен Билтенот на УКИМ број 1205 од 15.12.2019**

# П Р И Г О В О Р

од д-р Андон Чибишев, вработен на Универзитетската клиника за токсикологија.
Почитувани наставници,
членови на Наставно-научниот совет,
членови на Рецензентската комисија,
Ви се обраќам со почит , без намера да омаловажувам или да дискредитирам некого, туку да укажам на пропустите кои се направени при евалуацијата на приложената документација во моето досие. Се надевам дека овие пропусти се направени ненамерно и дека Рецензентската комисија и вие ќе изнајдете начин да ги коригирате пропустите на општо задоволство на сите.
Прво ќе се задржам на делот каде што Рецензентската комисија, веројатно ненамерно, ме оштетила за преку 60 бода не внесувајќи голем број на бодови од активности во делот наставно-образовна дејност за кои имам приложено соодветни документи.

- Настава во школи и работилници
- -учесник
- Консултации со студенти
- Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка пракса
- Ментор и едукатор на здравствена едукација
- Ментор на специјалистичка работа
- Одржување на теренска настава (теренска едукација на екипите за Итна медицинска помош)
- Научно-популарна книга - ,,Начин на работата на тимовите во итната медицинска помош.”

Не ми се бодувани активности од делот стручно –апликативна дејност при што сум оштетен за најмалку 10 бода.

Според приложениот Реферат, јас ги исполнувам условите за избор во насловно звање, насловен вонреден професор.
Заради тоа сметам дека Рецензентската комисија во објавениот Реферат, а посебно во заклучокот ги надминува своите ингеренции како стручно тело на Универзитетот избрано од Наставно-научниот совет . Имено, во содржината на заклучокот е прекршен член 32 од Уставот на РМ.

Член 32

Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен

има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Според ПРАВИЛНИКОТ за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнични звања (Службен весник бр. 82/2018 година) , дозволено е на конкурсите распишани од факултетите на УКИМ да конкурираат кандидати од други универзитети, под посебни услови пропишани во Правилникот.
Заради тоа, сметам дека Рецензентската комисија во заклучокот на овој Реферат го прекршува член 32 од Уставот на РМ и член 11 од Правилникот за избор на УКИМ.
Мислам дека во случајот, Рецензентската комисија како стручно тело,преземала ингеренции на правно тело и цитирајќи и анализирајќи закони ми го ускратила правото да бидам предложен и избран/ неизбран за насловен вонреден професор.

**Подносител на приговорот:**
**Скопје** **Андон Чибишев с.р.**

До

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје

**ОДГОВОР НА ПРИГОВОРОТ**

поднесен од страна на насл. доц. д-р Андон Чибишев, во врска со заклучокот на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област интерна медицина и токсикологија, во согласност со конкурсот објавен во весниците „Вечер” и „Коха” од 15.8.2019 година.

Рецензентската комисија го разгледа Приговорот и го дава следниов Одговор:

По однос на наводите од Приговорот во кој д-р Андон Чибишев има забелешка за бодирањето, при разгледувањето и одлучувањето, Комисијата ја користеше приложената документација на кандидатот пријавен за овој конкурс во последните пет години, иако истото во конкретниов случај е **ирелевантно**. При тоа, Рецензентската комисија во целост се придржуваше според Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје за посебните услови, критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори, објавен во Универзитетски гласник број 411/2018 година и според реалните податоци од доставената документација за извршената настава. Професионалните референци на кандидатите се вреднувани според членовите од Анекс 1 од Правилникот за избор во звања.

Комисијата се придржуваше и на законските одредби од членот 182, став 6 од Законот за високото образование од 8 мај 2018 годона, кој гласи:

(6)„Доколку лицето кое било избрано во звањето насловен доцент или насловен вонреден професор на една високообразовна установа биде избрано во наставно или наставно-научно звање и заснова работен однос на таа или друга високообразовна установа, изборот во насловно звање му престанува“.

Рецензентската комисија констатира дека Приговорот е неоснован по сите наводи и ГО ПОТВРДУВА ЗАКЛУЧОКОТ во Рефератот дека насл. доц. д-р Андон Чибишев не ги исполнува условите и не може да биде избран во звањето насловен вонреден професор на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје и му предлага на Наставно-научниот совет, насл.доц.д-р Андон Чибишев **да не биде избран** во звањето насловен вонреден професор во научните области интерна медицина и токсикологија.

| | 8th CROATIAN CONGRESS OF PEDIATRIC SURGERY WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION- Vodice, Croatia, 3rd - 6th October 2018**International Pediatric Urology Symposium in coorganisation with Cincinnati Children's Health & Medical Center and American Association of Pediatric Urology.**<br>Zbornik na abstrakti str.149 | 1 |
| | 9. **CORRECTION OF CONGENITAL EAR DEFORMITIES – OUR EXPERIENCE**<br>Biljana Andonovska, Lazar Todorovik, Mile Petrovski, Rozeta Sokolova, Lazo Jovceski, Toni Risteski, Anila Racaj, Biljana Taleva, Njomza Ljumani<br>8th CROATIAN CONGRESS OF PEDIATRIC SURGERY WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION- Vodice, Croatia, 3rd - 6th October 2018 **International Pediatric Urology Symposium in coorganisation with Cincinnati Children's Health & Medical Center and American Association of Pediatric Urology**<br>Zbornik na abstrakti str.180 | 1 |
| | 10. "**Менаџмент на ентерокутани фистули**"<br>В.Јаневски, **Т.Ристески**, Г.Волчевски, Н.Јанкуловски, Ф.Салаху, С.Затриќи.<br>-VII конгрес на хирурзи на Македонија со меѓународно учество, мај 2010. Book of abstracts p160 | 1 |
| | **11. Percutaneous internal inguinal ring suturing in female children**<br>*Simeonov R., Petrovski M., Kamiloski M , Todorovic L.,Memeti Sh., Cvetanovska V., Shuperliska S., Taleva B.,* ***Risteski T****.*<br>*International Symposium for Pediatric Surgery, Macedonian Medical Association of Children's surgeons in R.Macedonia, Sep.2015* | 1 |
| | **11. LAPAROSCOPIC INGUINAL HERNIORAPHY IN CHILDREN**<br>**Toni Risteski,** Biljana Andonovska, Anila Racaj<br>Univeristy Clinic for pediatric surgery-Skopje, Republic of North Macedonia<br>32 PANHELENIC CONGRESS ATHENS 4-6 october 2019 | |
| | **12.Inguinal hernia repair in children using single incision laparoscopic assisted percutaeous closure**<br>**Toni Risteski** University Clinic for Pediatric Surgery, Skopje, North Macedonia<br>18 Maghrebian Pediatric Surgery Meeng, National Pediatric Surgery Meeting and<br>21 IPEG Middle East Chapter Meeting-Monastir,Tunisia 10-12 october 2019y. | 1 |
| | **<u>2.Национална</u>** | |
| | **<u>1.</u> Percutaneous internal inguinal ring suturing in female children—Initial experience**<br>*Simeonov R., Petrovski M., Kamiloski M , Todorovic L.,Memeti Sh., Cvetanovska V., Shuperliska S., Taleva B.,* ***Risteski T****.*<br>Annual Congress -Association of Albanian Medical doctors in Macedonia 2015, Abstract book,paper 158. | 0,5 |
| | <u>2.</u> **Congenital hydronephrosis: overdiagnosis and overtreatment?**<br>Petrovski M, SImeonov R, Todorovikj L, Chadikovski V, Memeti Sh, **Risteski T**, Cvetanovska V<br>Македонско лекарско друштво.Македонско здружение по урологија-Новини во урологијата, 16-17 април 2016, Abstract | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | book,paper 22<br>3. **Минимално инвазивен хируршки третман на фрактури на глава и врат на радиус во детска возраст со ЕСИН методот**<br>Камилоски М., Тодоровиќ Л., Петровски М., Симеонов Р., Чадиковски В., Мемети Ш., Ристески Т., Јовчески Л., Шуперлиска С.<br>МАДОТ-Стручен состанок-октомври 2016 | 0,5 |
| | 4. **Првични искуства со лапароскопска херниопластика за третман на ингвинална херниј кај деца**<br>**Тони Ристески**, Ристо Симеонов, Њјомза Љумани, Наталија Цоклеска<br>Congress of association of Abanian Medical Doctors in Macedonia XXII, 27-29 октомври 2017, Струга, Р.Македонија, Книга на апстракти страна 26. | 0,5 |
| | 5. **Трансплантација на бубрег во детска возраст 8 годишно искуство на Клиника за детска хирургија Скопје.**<br>Симеонов Р., Петровски М., Симеонова А., **Ристески Т**., Јовчевски Л., Наунова В., Зибери Ј., Љумани Њ., Цоклеска Н.<br>Congress of association of Abanian Medical Doctors in Macedonia XXII, 27-29 октомври 2017, Струга, Р Македонија. Книга на апстракти стр 23. | 0,5 |
| | 6. Laparoscopic hernioplasty opposite conventional hernioplasty in the treatment of female inguinal hernias in children<br>Toni Risteski **Shaban Memeti Njomza Ljumani Biljana Andonovska Risto Simeonov**<br>University Clinic for pediatric surgery Skopje, R.Macedonia<br>Zbornik na abstrakti str.34<br>Takim professional Mjekesor 26-28 oktober, 2018 STRUGA<br>Association of Albanian Medical Doctors in Macedonia | 0,5 |
| | **Вкупно** | **95,3** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | Воведување нова лабораториска/клиничка или јавноздравствена метода во областа на медицинските науки и здравството<br>Првпат во државата воведена метода<br>Лапароскопски асистирана техника на перкутано затворање на внатрешниот ингвинален прстен за третман на ингвинални хернии во детска возраст | 4 |
| | -Првпат во институцијата воведена метода<br>Лапароскопски асистирана техника на перкутано затворање на внатрешниот ингвинален прстен за третман на ингвинални хернии во детска возраст<br><br>Потврда од директор | 1 |
| **2.** | Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството | 2 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| **1.** | Студиски престој во странство 3x0,5<br>До три месеци<br>1. Стручен престој во болницата „Bambino Gesù” Рим, Италија, 2014<br>2. Стручен престој во болницата „Soroka Medical Centar”-Saban Children’s Hospital Ben Gurion University of Negev, Israel, 2016г.<br>3. "Hands-on"Course –IPEG endorsed Central and Eastern European meeting on Neonatal and Pediatric Minimal invasive surgery(MIS)-October 2016 Medical University of Graz,Austria. | 1.5 |
| **2.** | Член во меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност **5x2**<br>Член<br><br>1.Член на Европската асоцијација на детски хирурзи- European pediatric surgeons association(EUPSA) - EUPSA ID 1825<br><br>2.Член во Здружението на млади хирурзи на Европа, Group of Young Paediatric Surgeons of Europe(GYPSE)<br><br>3. Член на Европската асоцијација на ендоскопски детски хирурзи-European Society of Paediatric Endoscopic Surgeons(ESPES)<br>4. Член, Founding member of International Pediatric ,Adolescent and Adult Foregut Interdisiplinary Society<br><br>5. Член на Светската асоцијацијата на детски хирурзи- WOFAPS-Individual affiliation of World Federation of Associations of Pediatric Surgeons | 10 |
| 3. | Учество во комисии и тела на државни и други органи<br><br>1.Член на Комисија за спречување на интерхоспитални инфекции на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија<br><br>Решение 0201-966/10 od 20.12.2011 до 1.1.2014година<br>(12 постапки x 3 години x 1бод = 36)<br>2. Член на Комисија за проценување на квалитетот на здравствената заштита на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија<br>Решение 0201-246/8 од 26.3.2014година и продолжува<br>(10 постапки x 4 години x 1 бод = 40)<br>3. Член на Комисија за селекција на кандидати за упатување на специјализација на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија<br><br>Решение 0202-1232/11-1 26.12.2016, 1x1<br>Комисија за селекција на кандидати за упатување на специјализација на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија<br><br>Решение 0202-1242/6 од 22.12.2017 1x1<br><br>4. Член на Комисија за спроведување на јавен конкурс за именување на работодавен орган (организациски и медицински) на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија 2x1<br><br>Решение 0202-706/5 од 3.6.2015<br>Решение 0202-706/5 од 3.6.2016<br><br>5. Член на Комисија за воведување на процесот на акредитација на Клиниката,-координатор на тим на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија | 3<br><br>4<br><br>2<br><br>2<br><br>1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Решение 0202-318/4 од 26.3.2015 | |
| 4. | Член на управен одбор на здружение поврзано со струката | 0,3 |
| | | |
| | **Вкупно** | **30,8** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **149,56** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **95,3** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **30,8** |
| **Вкупно** | **275,66** |

**Членови на Рецензентската комисија**

**Доц. д-р Марјан Камилоски, с.р.**
**Доц. д-р Шабан Мемети, с.р.**
**Проф. д-р Оливер Станков, с.р.**

**З А К Л У Ч О К**

На конкурсот за избор на 1 лице во сите научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија и детска хирургија, објавен на 19.1.2019 година во дневните весници ,,Вечер” и ,,Коха”, се пријави асистент докторанд Тони Ристески.

Кандидатот ги исполнува општите услови за избор во звањето научен соработник, и тоа: степен на образование – доктор на науки; просек не помал од 8,0, во претходните степени на образование, неопходни за стекнување на докторатот; адекватно познавање на англиски јазик; како и соодветна стручно - научна публицистика.

Врз основа на севкупната доставена документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставноистражувачката и стручноприменувачката дејност на пријавениот кандидат.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека кандидатот поседува научни и стручни квалитети согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, кандидатот асистент докторанд Тони Ристески да биде избран во звањето научен соработник во научните области: хирургија и детска хирургија.

**Членови на Рецензентската комисија**

**Доц. д-р Марјан Камилоски, с.р.**
**Доц. д-р Шабан Мемети, с.р.**
**Проф. д-р Оливер Станков, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ХИГИЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, објавен во весниците „Вечер” и „Коха” од 30.9.2019 година, за избор на еден асистент по предметот Хигиена, како и врз основа на Одлуката број 02-4658/19 донесена на XXI редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 22.10.2019 година, се формираше Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Михаил Кочубовски, проф. д-р Гордана Ристовска и доц. д-р Игор Спироски. Како членови на Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на еден асистент по предметот Хигиена се пријави: д-р Александра Петрова.

**Биографски податоци**
Д-р Александра Петрова е родена 1991 година во Скопје. Средното образование со одличен успех го завршила во државното средно гимназиско училиште „Здравко Цветковски“. На Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје се запишала во 2010 година и го завршила во 2017 година со просечен среден успех 8,56. Во 2018 година се вработила во Институтот за јавно здравје на Република Македонија и работи како истражувач во Секторот за здравствена екологија на Одделението за безбедност на вода и санитација на животна средина. Специјализацијата по хигиена и здравствена екологија на Медицинскиот факултет во Скопје ја започнала на 1.3.2019 година. Д-р Александра Петрова се здобила со презимето Петрова во текот на 2019 година заради промена на брачната состојба, а пред тоа го носи презимето Стамболиева, кое се јавува во сите документи.
Кандидатката активно го владее англискиот јазик, за што приложи Уверение за познавање на англискиот јазик (бр.03-322/2 од 6.2.2019 година), кое одговара на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Наставно-образовна дејност**
Д-р Александра Петрова е редовен и активен учесник на стручните состаноци и симпозиумот „Денови на превентивна медицина“, организиран од страна на здруженијата од областа на превентивната медицина при Македонското лекарско друштво.

**Научноистражувачка дејност**
Автор е на 1 научен труд од областа хигиена и здравствена екологија, објавен во списание со меѓународен уредувачки одбор. Автор е на 5 апстракти, објавени на зборник од конгрес со меѓународно и домашно учество.

1. Стамболиева А., Кочубовски М., Ристовска Г., Костова А. Информираност на популацијата за глобалниот проблем со климатските промени. Арх Ј Здравје 2019; 11(1): 37-42.

**Апстракти:**
1. Stambolieva A, Mijakoski D, Stoleski S. Burnout, job engagement, and specific stressors among students from different study programs. 40th International Medical Scientific Congress, South-East European Summit of Residents and Young Doctors. 12-15 May, 2017.
2. Mijakoski D, Karadzinska-Bislimovska J, Stoleski S, Minov J, Stambolieva A. Psychosocial Factors in medical students predict higher burnout levels. 32nd ICOH Congress 2018.
3. Conevska Jovanova B, Martinova K, Antevska TZ, Kocheva S, Jovanovska A, Memedi R, Angelkova N, Stambolieva A. Hemolitic anemia due B12 deficiency in 6 months infant- case report. BJMG 2017; 20 supp.1.
4. Kochubovski M, Petrova A. Microplastic in drinking water. Book of Abstracts IV Days of preventive medicine October, 2019.
5. Kochubovski M, Petrova A, Bukovac Dz. Knowledge, practices and social-epidemiology meaning of safe water in households. Book of Abstracts IV Days of preventive medicine October, 2019.

**Стручно–применувачка дејност:**
Во периодот од 29 октомври до 1 ноември земала учество на School for Environment and Health-Bonn, Germany. Од 16 до 17 јули 2019 година земала активно учество за градење на капацитети на тема „План за безбедност на водата за пиење во Директивата на Советот за квалитетот на водата наменета за консумирање од страна на човекот (DWD)“, организирана од TAIEX. Во периодот од 1 до 4.4.2019 година земала активно учество за градење на капацитети на тема „Комуникација за ризиците во вонредна состојба“-организирана од страна на Светската здравствена организација од европскиот регион, во Скопје. Во периодот 18-22.3.2019 година учествувала на курсот “Health risk assessment: Principles and applications”, IMM, Institute of Environmental Medicine, Karolinska Institute, Stockholm, Sweden.

Учесник е во повеќе конгреси и работилници:
Денови на превентивна медицина-симпозиум, 17-19 октомври 2019 година - Струга; Препораки за исхрана на населението - преглед и искуства“ - стручен состанок -27.6.2019, во периодот 8.6.2019, Ethics in scientific writing and publishing in biomedicine and related fields-Скопје, Water safety-Crisis management организирано од страна на АДКОМ, 16-18.1.2019 година - Скопје; стручен состанок „Водата како човеково право“-JHR, декември 2018 година-Скопје; Развивање на комуникациски вештини за обезбедување на поквалитетни здравствени услуги во ромската заедница, декември, 2018 година-Скопје; Денови на превентивна медицина-симпозиум, 1-3 ноември 2018 година-Струга; Професионален ризик и принципи на безбедност и здравје при работа кај работници изложени на азбест-работилница, 23 март 2018 година-Скопје; 40th International Medical Scientific Congress, South-East European Summit of Residents and Young Doctors, 12-15 May 2017; VII македонски меѓународен офталмолошки симпозиум, 26 ноември 2016 година; Rare Disease in The South Eastern Europe-Fifth Meeting, 12 Ноември 2016 година; Втор македонски конгрес за медицина на трудот со меѓународно учество, 12-14 октомври 2016 година.

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ

### За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови ДА/НЕ |
|---|---|---|
| 1. | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум). | ДА |
| 2. | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно.<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува:<br>_____<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува:<br>_____ | / |
| 3. | Има познавање на најмалку еден странски јазик:<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик одговара на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Коневски“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Михаил Кочубовски, претседател с.р.**
**Проф. д-р Гордана Ристовска , член с.р.**
**Доц. д-р Игор Спироски, член с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на извршениот увид во целокупната доставена документација, бодирањето согласно со образецот кон извештајот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на кандидатката д-р Александра Петрова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката до денес, Комисијата заклучи дека д-р Александра Петрова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето АСИСТЕНТ по предметот Хигиена.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Александра Петрова да биде избрана во звањето АСИСТЕНТ по предметот Хигиена.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Михаил Кочубовски, претседател с.р.**
**Проф. д-р Гордана Ристовска , член с.р.**
**Доц. д-р Игор Спироски, член с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ЈОДОТ ВО УРИНА КАКО БИОХЕМИСКИ МАРКЕР: ИНДИКАЦИИ, МЕТОДОЛОГИЈА И СОПСТВЕНИ ИСКУСТВА“ ОД АВТОРКАТА в.н.сор д-р Соња Кузмановска

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на седницата одржана на 10.12.2019, бр.02-5520/80, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало – стручна монографија **,,Јодот во урина како биохемиски маркер: индикации, методологија и сопствени искуства” од авторката в.н.сор. д-р Соња Кузмановска**, наменет за студентите на додипломските и постдипломските (академски и специјалистички) студии на медицинските, стоматолошките и фармацевтските факултети, избрани се проф. д-р Оливија Васкова и проф. д-р Даниела Поп Ѓорчева.

По добивањето на ракопис и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

### VI. Општ дел

**Основни податоци за ракопис**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракопис:** | Монографија: „ Јодот во урина како биохемиски маркер: индикации, методологија и сопствени искуства” |
| **Назив на предметната програма:** | / |
| **Назив на студиската програма:** | / |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракопис е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | / |
| Предметот _____ на _____ факултет е _____ (изборен/задолжителен) предмет со фонд на часови _____, број на ЕКТС-кредити _____ и се слуша во _____ семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракопис:** | Ракопис кој е предаден на рецензија содржи 90 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 4 поглавја, Општ осврт и заклучоци и Литература. Содржи 15 слики и 23 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

1. **Проф. д-р Оливија Васкова с.р**
2. **Проф. д-р Даниела Поп Ѓорчева с.р**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ:ПРОФ. Д-Р ОЛИВИЈА ВАСКОВА**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во монографијата е даден преглед на физиолошката улога на јодот во организмот со посебен осврт на неговата улога во гравидитетот, феталниот и неонаталниот развој. Наведени се индикациите за одредување на јодуријата и методоте за проценка на јодниот внес, како и методите за одредување на јодуријата. Детално е опишано одредувањето на јодот во склоп на проектите сврзани со следењето на состојбата на јодниот дефицит во Македонија, како и прегледот на епидемиолошките испитувања за јодниот внес кај школските деца, бремените жени и доилките, како и клиничките испитувања за одредување на јодната контаминација. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | / |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Монографијата е сумиран приказ на повеќегодишното испитување и следење на состојбата на јодниот внес во нашата земја во склоп на интензивните и континуирани проектни активности фокусирани на оваа проблематика. Во целина се наведени сите релевантни податоци сврзани со оваа значајна проблематика и таа е одличен преглед на практичниот методолошки пристап во третирањето на проблемот на јодниот дефицит. |
| **Категоризација:** | Стручна монографија |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 90 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 4 поглавја, Општ осврт и заклучоци и Литература. Содржи 15 слики и 23 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како стручна монографија, примарно наменет за студентите на додипломските и постдипломските (академски и специјалистички) студии на медицинските, стоматолошките и фармацевтските факултети.

Во Скопје, 20.12.2019 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Оливија Васкова с.р**

**III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ДАНИЕЛА ПОП ЃОРЧЕВА**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Систематизирана низ поглавја и потпоглавја, монографијата овозможува пошироко запознавање на читателот со јодот како олигоелемент, присутен во природата, но и во различните извори на храна и суплементите, со јодниот метаболизам и хормоносинтезата на тироидните хормони, како и значењето на адекватната јодна суплементација со консеквенците на неговиот дефицит, кои се исцрпно објаснети за возрасните категории од интерес – детската популација, гравидните индивидуи и фетален и неонатален период. Авторката ги потенцира индикациите и предностите на одредување на јодуријата, како прецизен индикатор на јодната суплементација. Критички се осврнува на методите за одредување на јод во урина, елаборирајќи ги предностите и недостатоците, а детален опис дава за методот за одредување на јодурија, користен во повеќегодишни проектни активности на тимот во кој од самиот почеток активно учествува, а кој го мониторира статусот на јодниот дефицит и ефектите од јодната суплементација во Македонија. Посебно поглавје ги обработува токму резултатите од сопствените искуства за статусот на јодниот дефицит/суплементација во Македонија, спроведено преку епидемиолошките и клинички студии. Заклучоците ги сублимираат најважните сознанија и факти од обработуваната област. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | / |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Монографијата доаѓа како очекуван, сублимиран, ракопис на авторката која повеќе години работи на оваа проблематика, ја следи релевантната литература и најновите сознанија ги имплементира во развојот на методологијата за одредување јодурија и јодната лабораторија, овозможувајќи континуитет во реализацијата на интензивната проектна активност за следење на ефектот на јодната суплементација и други проекти кои од клинички аспекти се фокусираат на индикаторите на јодниот дефицит и неговите консеквенци врз здравјето на одредени групи од населението.<br>Особена вредност на монографијата е високостручниот преглед на методолошките аспекти на постојните методи за одредување на јодот во уринатa, со акцент на актуелниот метод, користен во досегашната проектна активност. |
| **Категоризација:** | Стручна монографија |

| | |
|---|---|
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 90 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 4 поглавја, Општ осврт и заклучоци и Литература. Содржи 15 слики и 23 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како стручна монографија, примарно наменет за студентите на додипломските и постдипломските (академски и специјалистички) студии на медицинските, стоматолошките и фармацевтските факултети.

Во Скопје, 20.12.2019 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Даниела Поп Ѓорчева с.р**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ЕСТЕТСКА ХИРУРГИЈА НА ГЛАВА И ВРАТ“ОД АВТОРКАТА ПРОФ.Д-Р.СМИЉА ТУЏАРОВА ЃОРГОВА И СОРАБОТНИЦИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на 10.12.2019/XXII,бр02-5520/81, за членови на рецензентска комисија за рецензирање на учебникот Естетска Хирургија на глава и врат од авторката проф.д-р.Смиља Туџарова Ѓоргова и соработници наменет за студентите, специјализантите и специјалистите на Медицинскиот факултет за предметите: Хирургија и изборниот предмет Основи на естетска хирургија, избрани се проф. д-р. Ѓорѓе Џокиќ и
проф. д-р. Александар Чапароски.

По добиениот ракопис и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

VII. Општ дел

Основни податоци за ракописот

| | |
|---|---|
| Назив на ракописот: | Естетска хирургија на глава и врат |
| Назив на предметната програма: | Хирургија<br>Основи на естетска хирургија |
| Назив на студиската програма: | Општа медицина<br>Специјализанти по пластична и реконструктивна хирургија |
| Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | Хирургија:600;часа, 20 ЕКТС-кредити<br>Основи на естетска хирургија: 15 часа,1ЕКТС-кредит |
| Предметот Хирургија на Медицинскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 600, број на ЕКТС-кредити20 и се слуша во VII и IX семестар. | |
| Реден број на изданието: | прво издание |
| Општи податоци за ракописот: | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 400 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 370 слики и 20 табели. |

**Рецензенти**
**Проф.д-р.Ѓорѓе Џокиќ,с.р.**
**Проф.д-р. Александар Чапароскис.р.**

II.Посебен дел од рецензентот**: проф.д-р.Ѓорѓе Цокиќ**

| | |
|---|---|
| Краток опис на содржината: | Естетска хирургија на глава и врат<br>-Општ дел на естетска хирургија на глава и врат<br>-Ритидектомија, блефаропластика, отопластика, естетска хирургија на усни и брада, маларни импланти, липофилинг на лице, естетска хирургија на врат, трансплантација на коса. |
| Оцена за усогласеноста со предметната програма: | Учебното помагало соодветствува со предметната програма |
| Предлози за потребни корекции: | Не се потребни корекции |
| Оцена на ракописот: | Позитивна оценка |
| Категоризација: | Учебник |
| Заклучок со предлог за оправданоста за објавување: | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 400 страници (форматБ5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 370 слики и 20 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Хирургија и основи на естетска хирургија, примарно наменет за студентите и специјализантите по пластична и реконструктивна хирургија на Медицинскиот факултет.
Во Скопје,19.12.2019 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф.д-р. Ѓорѓе Цокиќ,с.р.**

II.Посебен дел од рецензентот**: проф.д-р.Александар Чапароски**

| | |
|---|---|
| Краток опис на содржината: | Естетска хирургија на глава и врат<br>-Општ дел на естетска хирургија на глава и врат<br>-Ритидектомија, блефаропластика, отопластика, естетска хирургија на усни и брада, маларни импланти, липофилинг на лице, естетска хирургија на врат, трансплантација на коса. |
| Оцена за усогласеноста со предметната програма: | Учебното помагало соодветствува со предметната програма |
| Предлози за потребни корекции: | Не се потребни корекции |
| Оцена на ракописот: | Позитивна оценка |
| Категоризација: | Учебник |
| Заклучок со предлог за оправданоста за објавување: | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 400 страници (форматБ5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 370 слики и 20 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Хирургија и основи на естетска хирургија, примарно наменет за студентите и специјализантите по пластична и реконструктивна хирургија на Медицинскиот факултет.

Во Скопје,19.12.2019 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф.д-р.Александар Чапароскис.р**.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕНДОМЕТРИЈАЛНАТА ДЕБЕЛИНА КАКО ПРЕДИКТОР НА ЕНДОМЕТРИЈАЛЕН МАЛИГНИТЕТ КАЈ ПОСТМЕНОПАУЗАЛНИ ПАЦИЕНТКИ“ од м-р д-р ТОФИЛОСКА ВАЛЕНТИНА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 23.12.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов „Ендометријалната дебелина како предиктор на ендометријален малигнитет кај постменопаузални пациентки“ од кандидатката м-р д-р Тофилоска Валентина, во состав: проф. д-р Марјан Стојовски (претседател), проф. д-р Марија Крстевска (ментор), проф. д-р Јорго Бабушку (член), проф. д-р Славејко Сапунов (член) и проф. д-р Весна Велиќ Стефановска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р д-р Тофилоска Валентина, со наслов „Ендометријалната дебелина како предиктор на ендометријален малигнитет кај постменопаузални пациентки“, содржи 87 страници компјутерски обработен текст во фонт ариал, со проред 1.5 и големина на букви 12, 72 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси. Текстот е збогатен со 31 табела и 36 графикони.

Трудот е структуриран во 10 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во *воведот*, кандидатката, на концизен и прегледен начин, поткрепен со повеќе литературни извори, ги изнесува податоците за клиничките и етиолошките аспекти на ендометријалните промени во тек на постменопаузата. Воведот содржи податоци кои се објавени во современата научна литература, а се однесуваат на предметот од интерес на предложената тема. Воведот е содржински јасно структуриран и лесно се следи и иницира интерес за одбраната тема.

На почетокот, кандидатката дава осврт на досегашните медицински сознанија и искуства за промените на ендометриумот (бенигни и малигни), особено за клиничките и етиолошките карактеристики на ендометријалниот карцином следејќи ги од минатиот век, па се до најсовремените пристапи во модерната медицина.

Исто така, се осврнува на дефинирање на последната менструација и поделбата на менопаузата на две фази – рана, со сочувана вегетативна функција на овариумите и продукција на мало количество на естрогени, како и доцна менопауза, со престанок на оваријалната функција, но продуктивен ендометриум до крајот на животот на жената и атрофија на гениталните органи вклучително и перименопаузата, период од неколку години, во кој доаѓа до промени на менстраулниот циклус, појава на неуредни крварења и вазомоторни тегоби.

Следат физиолошките промени на ендометриумот со менстраулна пролиферативна, секреторна фаза на ендометриумот секоја поединечно со свои карактеристики; менстралната која трае 3-5 дена, во која се отфрла функционалниот слој

на ендометриумот; пролиферативна, која се карактеризира со раст на фоликулите и зголемено лачење на естрадиол и зголемување на рецепторите за естрогени хормони во епителот и стромата. На крај, секреторната фаза, која започнува со зголемување на нивото на прогестерон и опаѓање на естрадиолот, производство на протеини на постелката, пептидни хормони, фактори на раст, простагландини, пролактин и релаксин, како и митотски делби кои водат до децидуализација за на крај да се вгнездат и леукоцити во стромата.

Понатаму, направен е систематизиран приказ на степенот на хистолошка класификации на ендометријалниот аденокарцином на ендометриумот. Опишани се постапно последователно патолошките промени на ендометриумот, започнувајќи од најбенигните како што се endometritis senilis, кој претставува воспалителен процес локализиран на ендометриумот и дел на миометриумот, настанат од асцедентна коли инфекција, потоа полипи на ендометриумот со негови ризик – фактори, како што се хипертензија, возраст, обезитет, употреба на тамоксифен, потоа субмукозните фиброиди кои во менопаузата инволуираат и се една од најчестите причини за крварење.

Ендометријална атрофија како бенигна форма и ризик - факторите поврзани со нејзината појава како пролонгирана орална контрацепција, хипоестрогена состојба (оваријална дисфункција), како и употребата на тамоксифен.

Следна во низата ендометријални заболувања е хиперплазијата на ендометриумот со нејзините подвидови, и тоа: хиперплазија симплекс, хиперплазија комплекса, хиперплазија атипика која е согласно со поделбата од страна на Светската здравствена организација (СЗО), Интернационалното здружение на гинеколози и обстетричари (ФИГО) и Интернационалното здружение на патолози, како и ризик - факторите асоцорани со нејзиното настанување-полицистичен оваријален синдром, болести на тироидната жлезда, пушење, фамилијарна оптовареност со оваријален карцином, карцином на матка и карцином на колон. Најчеста нејзина појава е во менопаузата кога изостануваат овулациите и нивото на прогестерон е ниско.

На крај се осврнува на карцином на ендометриумот од епидемиолошки аспект како и факторите на ризик кои се однесуваат на хормонската стимулација со естрогени, полицистично оваријално заболување и тумори кои произведуваат естроген. Поделбата на естроген зависен карцином кој е најчест кај ановулаторни крварења, инфертилитет, доцна менопауза, рана менарха, ендометријална хиперплазија кој се карактеризира со висока чувствителност и добра прогноза на петгодишно преживување во споредба со неестроген зависниот карцином лошо диференциран со длабока миометријална инвазија, зафатени лимфни јазли, ниска чувствителност на гестагени и лоша прогноза на петгодишно преживување.

Дадени се дополнителни објаснувања за два тумор маркери кои може но не мора да се асоцирани со појавата на ендометријален малигнитет. Тоа се тумор - маркер Са 125 познат во литературата како карцином антиген 125 или јагленохидратен антиген 125; всушност станува збор за муцин гликопротеин идентификуван со помош на моноклонално антитело со клонално име ОС 125, па оттука и името Са125 присутно кај сите луѓе во мезотелијалните клетки на плевра, перикард, перитонеум и дериватите на мулериан епител, како што се тубите, ендометријалните и ендоцервикалните клетки.

Посебен осврт е даден во околностите во кои е покачен, а тоа се ендометриозата и карциномот на ендометриумот, како и во тек на бременост и менструален циклус. Неговото одредување не предвидува рано откривање на ендометријалниот карцином како што, впрочем, се покажа и во нашата студија.

Вториот тумор - маркер - карциноембрискиот антиген СЕА, исто така, е детално опишан, како и неговата поврзаност со појавата на карцином на колон, ректум, панкреас, хепар, тироидна жлезда, простата и овариум но е можно да е покачен и кај пациентки со ендометријален карцином.

Следува детален опис на дијагностиката на ендометријалните промени започнувајќи со анамнеза која има за цел да открие некои ризик - фактори одговорни за развој на одредено заболување, клиничкиот преглед со цел да се препознаат одредени клинички знаци карактеристични за развој на утерино заболување.

Следна е ултразвучната анализа како најевтин, неинвазивен и лесно применлив начин за дијагноза на одредени заболувања во медицината вклучитено и гинекологијата. Во нашата студија, трансвагиналната ултрасонографија како алтернативна техника за индиректна визуелизацијана ендометриумот ја употребивме за мерење на дебелината на ендометриумот, анализа наехогеноста на ендометриумот, утеринатa празнина и неговата трансоничност. Трансвагиналната ултрасонографија ја користевме како скрининг - алатка за идентифицирање на пациентките со низок ризик на ендометријален карцином, особено во комбинација на ендометријалната киретажа.

Следна алатка која ја користевме беше доплер - иследувањето кое има висока предиктивна вредност кај ендометријалните промени, особено колор - доплер и power dopler imaging како нова технологија која има сигурни придобивки покрај конвенционалниот колор - доплер и може да се користи исто така како скрининг - алатка кај асимптоматски пациентки со бројни ризик - фактори за ендометријален малигнитет.

Следна процедура беше хистолошката верификација на ендометријалните крварења со помош на дилатација и киретажа, метод кој е традиционален на избор за испитување на пациентките, посебно фракционирана експлоративна киретажа, кај кои е посебно земен материјал од грлото на матката, а посебно од ендометријалната празнина и тој испратен за хистопатолошка верификација на промените.

Понатаму, изложени се мотивот, предметот и целите на истражувањето, хипотезата како и методите на истражувањето. Недостатокот на слични репрезентативни истражувања во оваа област во Р.С Македонија, како и фактот дека во последниве декади ендометријалиот карцином прерасна во главен причинител за смртност кај пациентките, особено во постменопаузалниот период, претставува еден вид мотив за работа на оваа докторска дисертација. Потребата од нови знаења и нови скрининг - алатки во дијагнозата и лекувањето на ендометријалиот карцином претставува движечка сила за да се пристапи кон негово истражување.

*Предмет на истражување*

Предметот на ова истражување беше да се испита валидноста на ултразвучно детектираната дебелина на ендометриумот потврдена со хистопатолошка анализа на материјалот добиен со фракционирана експлоративна киретажа на ендометриумот во предикција на ендометријален карцином кај жени во постменопауза кои се со утерино или без утерино крварење; да се пресмета и да се анализира корелацијата помеѓу индексот на телесната маса(БМИ) и ендометријалниот карцином кај испитаниците; да се одреди концентрацијата во серум на тумор - маркерите CEA, Ca 125 кај испитуваната и контролната група и да се види поврзаноста меѓу вредностите на тумор - маркерите со дебелината на ендометриумот кај сите испитаници; да се испита поврзаноста меѓу нивото на естрадиол и ендометријален карцином; да се утврди корелација меѓу личната анамнеза и ендометријалниот карцином; да се направи проценка меѓу поврзаноста на ендометријалниот карцином со возраста, и бенигните ендометријални промени, како и да се пресмета cut off вредност кој би бил патогномоничен за појава на ендометријалниот карцином.

Како хипотеза успеавме да докажеме дека постои сигнификантна поврзаност помеѓу дебелината на ендометриумот и бенигните, односно малигните промени на ендометриумот кај пациентки во постменопауза без разлика дали се со или без утерино крварење, дека нема сигнификантна асоцијација помеѓу ендометријалното крварење и

појавата на ендометријален малигнитет, дека постои значителна зависност помеѓу фамилијарната анамнеза со појавата на ендометријален малигнитет.

*Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата*

Приложената докторска дисертација со наслов: „Ендометријалната дебелина како предиктор на ендометријален малигнитет кај постменопаузални пациентки“ од м-р д-р Тофилоска Валентина обработува дефицитарна и современа научна проблематика вредна за истражување. Во недостаток на автентични истражувања и податоци во Р Македонија, кандидатката јасно ја прикажува моменталната состојба и потребата од ваков тип на истражување, како и од примена на современи дијагностички методи. Темата е од подрачјето на гинекологијата и ги обработува карциномите на ендометриумот.

*Краток опис на применетите методи*

Нашето истражување претставува проспективна компаративна опсервациона студија во која вклучивме 150 пациентки во постменопауза кои ги регрутиравме на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје.

Во контролната група вклучивме 50 пациентки кои беа во постменопауза, а беа хоспитализирани и оперирани заради урогинеколошка патологија, а со претходно ултразвучно детектирана дебелина на ендометрумот помала од 5 мм, додека во испитуваната група вклучивме 100 пациентки, исто така, во постменопауза, кои, пак, ги поделивме во две подгрупи со и без утерино крварење (50 со утерино крварење и 50 без утерино крварење).

Според ултразвучно детектираната дебелина на ендометриумот и двете подгрупи и со утерино и без утерино крварење ги поделивме на пациентки со дебелина на ендометриумот 5-8 мм, 8-11 мм, и над 11 мм.

Во студијата ги вклучивме сите постменопаузални пациентки со отсутно менструално крварење најмалку од 12 месеци, со дебелина на ендометриумот на 5 и над 5 мм со и без утерино абнормално крварење кај кои рутински направивме експлоративна киретажа.

Од студијата ги исклучивме пациентките во генеративна возраст, оние кај кои не можевме да направиме фракционирана експлоративна киретажа, пациентките со лична анамнеза за малигна болест (мината или актуелна), пациентките со лична анамнеза за бенигни или малигни болести на овариумите, пациентки кои беа оперирани од карцином на дојка и третирани со тамоксифен, како и пациентки со било какви хируршки зафати во малата карлица заради гинеколошка патологија.

Следеа процедури и постапки при иследувањето, поточно на сите пациентки кои беа селектирани за учество во студијата им беа во целост презентирани целите на истражувањето, како и гаранциите за почитување на нивната приватност и анонимност. На сите им предочивме дека добиените резултати од истражувањето ќе ги примениме само за научни цели без можност за поврзување на информациите со лицето од кои истите се добиени.

Постапките кои беа применети кај селектирани пациентки за истражувањето беа дел од протоколарни рутинско воспоставени постапки кои соодветствуваат за состојбата и третманот.

По самата анамнеза, деталното информирање на пациентките за текот на испитувањата и по добивањето нивна согласност, беше пристапено кон одговарање на специјално дизајниран прашалник кој ги опфаќаше следниве податоци: возраст, висина

и тежина врз основа на кои се пресметуваше БМИ, фармаколошка анемнеза, пушење цигари, лична и фамилна анамнеза.

Следеше земање на венска крв за одредување на хормон естрадиол како и тумор - маркерите Са 125 и СЕА, потоа следеше ултразвучната анализа во која ги анализиравме дебелината на ендометриумот изведувана во сагитален пресек на утерусот истата изразена во мм,како и неговата ехогеност. Хомоген ендометриум беше оној кај кој постоеше јасна граница кон миометриумот и укажуваше на бенигни лезии, додека кај хетерогениот имаше присуство на течност во утеринатa празнина тој укажуваше на малигни промени.

Следеше доплер - испитување на резистентниот индекс на васкуларизација на ендометријалната промена(Ri) во најваскуларизираниот дел на промената во кое ниво се мереше и протокот. Тој ни даде сигнификантна поврзаност со појавата на ендометријален малигнитет. Секоја промена на резистентниот индекс под 0,42 беше асоцирана со малигна промена и, обратно, со бенигна промена.

На крај следеше фракционирана експлоративна киретажа со материјал од биопсија земен посебно за грлото на матката посебно за утеринатa празнина, и тој беше испратен за хистопатолошка верификација.

*Краток опис на резултатите од истражувањето*

Предиктивната улога на одредени параметри (возраст, БМИ, фамилијарна анамнеза, вредност на доплерот, број на абортуси и др) ја тестиравме со униваријантна логистичка регресиона анализа во однос на постоење на ендометријалниот малигнитет.

Од униваријантната логистичка регресиона анализа на предиктивната улога на селектирани параметри во однос ендометријален малигнитет направена кај сите пациентки покажа дека статистички значајни се ехогеноста, вредноста на доплер на ендометриумот и дебелината на ендометриумот.

Согласно со нашата студија, со зголемувањето на дебелината на ендометриумот несигнификантно се зголемува концентрацијата на тумор - маркерот Са 125, односно сигнификантно се намалува концентрацијата на тумор - маркерот СЕА, се утврди дека нема сигнификантна асоцираност помеѓу пациентките со и без утерино крварење и доплер на ендометриумот, дека кај пациентките со дебелина на ендометриумот под 5мм бенигниот патохистолошки наод беше за 3,917 сигнификантно почест споредбено пациентките со дебелина на ендометриумот над 5 мм, но и исто така дека во групата со утерино крварење пациентките имаа 5,412 пати сигнификантно почесто малигден хистопатолошки наод споредбено со оние пациентки без утерино крварење. Истотака утврдивме сигнификантна позитивна умерена корелација помеѓу видот на хистолошкиот наод и дебелината на ендометриумот, односно дека со зголемувањето на дебелината на ендометриумот се зачестува малигниот наод.

Позитивната фамилна анамнеза за карцином кај еден од родителите (со фокус на дојка, дебело црево) претставува предиктор кој ја зголемува веројатноста за ендометријален малигнитет за 3,138 пати.

Резистентниот индекс на доплер на ендометриумот ни покажа сигнификантно зголемување на ендометријалниот малигнитет за 7,399 со вредност помала од 0,42.

Сите параметри кои со униваријантната логистичка регресиона анализа се потврдија како сигнификантни предиктори во однос на ендометријален малигнитет беа ставени во методот на мултипла логистичка регресиона анализа. Согласно резултатите од мултиплата регресиона анализа, за $p<0,05$, како независен предиктор за ендометријален малигнитет мултиплата логистичка регресија ги потврдни ехогеноста на ендометриумот, фамилијарната генеза за малигно заболување и дебелина на ендометриум >11 mm во однос на <0,5 mm.

Направена беше ROC (receiver operating characteristics) анализа за утврдување на cut off вредност за дебелината на ендометриумот која би била дијагностички ефикасна во раната дијагноза на ендометријален малигнитет. Анализата беше имплементирана за целиот примерок, како и поединечно за услови со и без утерино крварење. Согласно анализата на целиот примерок, вредноста на AUC (area under the curve) за дебелината на ендометриумот и ендометријалниот малигнитет, има значајна дијагностичка ефикасност за AUC=0,738 (0,619-0,857) CI 95%, p=0,001.

Дебелината на ендометриумот над 11 мм во однос на онаа помала од 5мм сигнификантно ја зголемува веројатноста за ендометријален малигнитет за 8,773 пати. Нашата cut off - вредност за дебелината на ендометриумот ≥ 7,15 мм е пресметана согласно максимална сензитивност (sensitivity=90% CI=95%) и соодветна специфичност (sensitivity=77,5% CI=95%) и Jouden index од 0,85.

За дебелината на ендометриумот и ендометријалниот малигнитет кај пациентки без утерино крварење имаме значајна дијагностичка ефикасност за AUC=0,886(0,793-0,979) CI 95%, p=0,001. Cut off - вредноста за дебелината на ендометриумот **≥**5 мм е пресметана согласно со максимална сензитивност (sensitivity=100% CI=95%) и соодветна специфичност (sensitivity=100% CI=95%). За Jouden index добивме вредност 0,1.

За дебелината на ендометриумот со утерино крварење, cut off - вредноста за дебелината на ендометриумот ≥5 мм ја пресметавме согласно со максимална сензитивност (sensitivity=87,5% CI=95%) и соодветна специфичност (sensitivity=73,5% CI=95%) и за неа за Jouden index добивме вредност 0,61.

Споредбата на двете ROC - криви за дебелината на ендометриумот и ендометријалниот малигнитет кај пациентките со и без утерино крварење на испитуваната група не покажа статистички сигнификантна разлика за p=0,2341. Разликата во дијагностичката ефикасност на добиените cut off - вредности за дебелината на ендометриумот под 5 мм во раната дијагноза и кај двете подгрупи не покажа статистичка значајност.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација со наслов ,,Ендометријалната дебелина како предиктор на ендометријален малигнитет кај постменопаузални пациентки“, од кандидатката м-р д-р Тофилоска Валентина, претставува истражување во гинекологијата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација ќе придонесе како скрининг - алатка за рана детекција на ендометријален малигнитет кај пациентки во постменопауза.

Сумирајќи ги концизно резултатите од оваа студија и заклучоците кои од нив произлегуваат, докторантката дава значаен придонес за зголемување на знаењата за клиничките и етиолошките аспекти на ендометријалниот карцином. Клиничкото значење на оваа студија произлегува од нејзините резултати преку кои се добиени прецизни податоци за поврзаноста на ендометријалниот карцином со дебелината на ендометриумот.

Докторската дисертација со наслов ,,Ендометријалната дебелина како предиктор на ендометријален малигнитет кај постменопаузални пациентки“, од кандидатката м-р д-р Тофилоска Валентина, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

[5]. Автори: Valentina Tofiloska , прв труд објавен во: Open access macedonian journal of medical Sciences ,published on january 15,2019 as https://doi.org/10.3889/oamjms.2019.079 под Наслов „The connection of the level of estradiol in serum and obesity with the endometrial bleeding in postmenopausal women“.

[6]. Автори: Valentina Tofiloska , втор труд објавен во: Open access macedonian journal of medcal Sciences ,published on july 28,2019 as https://doi.org/10.3889/oamjms.2019.639, под Наслов „The connection between the endometrial thickness and the risk of endometrial malignancy in postmenopausal women“.

**Заклучок и предлог**

Главни научни придонеси на кандидатката се: добиените наоди од ова базично истражување ни даваат автентични податоци за клиничките и етиолошките аспекти на ендометријалниот карцином кај популацијата во Р Македонија.

М-р д-р Тофилоска Валентина со своето претходно искуство во научноистражувачката работа, како и со спроведувањето на оваа студија, со објавените научни трудови во стручни публикации, ќе даде значаен придонес во научноистражувачката работа во оваа област.

Кандидатката, во своето научно портфолио, има запишано учества во домашни и меѓународни асоцијации од областа на гинекологијата, преку кои има изградено солидна мрежа за дисеминација и размена на стекнатите знаења.

Таквите комуникации во иднина ќе обезбедат конкретна споредба на резултатите и наодите објавени во докторската дисертација со наодите на слични студии и ќе отворат можност за дополнителна верификација на научниот труд на кандидатката во оваа област. Дополнително, преку понатамошниот стручен и академски ангажман на кандидатката, наодите и знаењата од оваа докторска дисертација можат да бидат пренесени до студентите и постдипломците кои се заинтересирани за оваа проблематика.

Докторската дисертација под наслов „Ендометријалната дебелина како предиктор на ендометријален малигнитет кај постменопаузални пациентки”, поднесена од м-р д-р Тофилоска Валентина, претставува оригинален и самостоен научен труд и во целост ги исполнува условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Комисијата смета дека трудот ги опфаќа и во целост ги обработува поставените проблеми и ги содржи сите елементи на научен труд, со јасно дефинирани цели, прецизно изложени материјал и методи, детално прикажани статистички обработени резултати. Дискусијата и заклучоците се објективни и реални и даваат прецизни одговори на поставените цели.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката д-р Валентина Тофилоска со наслов: „Ендометријалната дебелина како предиктор на ендометријален малигнитет кај постменопаузални пациентки“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марјан Стојовски, претседател,с.р.**
**Проф. д-р Марија Крстевска, ментор,с.р.**
**Проф. д-р Јорго Бабушку, член,с.р.**
**Проф. д-р Славејко Сапунов, член,с.р.**
**Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, член,с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СКРИНИНГ НА ПРЕЕКЛАМПСИИ ВО ПРВ ТРИМЕСТАР ОД БРЕМЕНОСТА: СЕРУМСКОТО НИВО НА ПЛАЦЕНТАРНИОТ ФАКТОР НА РАСТ НАСПРОТИ МАЈЧИНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ“ ОД Д-Р КРИСТИНА СКЕПАРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на 23. редовна седница одржана на 26.12.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Кристина Скепаровска со наслов „Скрининг на преeклампсии во прв триместар од бременоста: серумското ниво на плацентарниот фактор на раст наспроти мајчините карактеристики“, во состав:

проф. д-р Гордана Адамова (претседател),
проф. д-р Никола Јанкуловски (ментор),
доц. д-р Горан Димитров (член),
доц. д-р Ана Данева Маркова (член),
проф. д-р Бети Зафирова Ивановска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката д-р Кристина Скепаровска, со наслов „Скрининг на преeклампсии во прв триместар од бременоста: серумското ниво на плацентарниот фактор на раст наспроти мајчините карактеристики“, содржи 105 страници компјутерски обработен текст во фонт Arial, со 1,5 проред и големина на букви 11, во кој се поместени 34 табели и 24 слики.

На трудот му претходи куса содржина на македонски и анлиски јазиик. Самиот труд е структуриран во 9 глави, по што следат благодарноста, референците и апендиксите. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува поедноставно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Првата глава насловена како **ВОВЕД** е структурирана во 4 точки. Во првата: **Преваленца и значење на преeклампсија**, кандидатката го брани изборот на подрачјето на нејзината докторска теза. Наведени се преваленцата на болеста и значењето кое таа го има по мајчиниот морталитет, морбидитет и подоцнежни секвели, перинаталниот морбидитет, морталитет и подоцнежни секвели, како и финансискиот импакт на болеста врз здравствениот систем. Втората точка: **Патогенеза на преeклампсија** е посветена на детален опис на патогенезата на болеста која е предмет на истражување на кандидатката. Започнувајќи со опис на физиолошкото ремоделирање на спиралните артериоли при нормална бременост, преку недостаточно нивно ремоделирање при преeклампсија (ПЕ), па до стратификација на патогенезата на преeклампсијата во стадиуми со опис на патофизиолошките процеси и импликации на истите врз добробитта на фетусот и мајката, кандидатката прави јасен и концизен преглед на природата на заболувањето. Во третата точка насловена како: **Предикција на преeклампсија**, кандидатката на почетокот се осврнува на бенефитот по однос на матерналниот и перинаталниот исход, кој преку можноста за рана дијагноза, а особено преку иницирање на превентивни мерки, би го остварила адекватна и благовремена детекција на пациентки со ризик за развој на преeклампсија, а потоа кандидатката прави преглед на скрининг-тестовите кои досега се користеле, т.е. се користат за предикција на болеста. Кандидатката ги опишува мајчините карактеристики асоцирани со подоцнежна појава на преeклампсија, интегрирани во NICE (National Institute of Health and Care Excellence) и ACOG (American College of Obstetricians and

Gynecologists) препораките, потоа доплерот на утеринатa артерија и, конечно, биохемиските маркери во детекција на пациентки во ризик за појава на преeклампсија, и прави преглед на нивниот перформанс цитирајќи литература. Четвртата точка: **Плацентарен фактор на раст** му е посветена на биохемискиот маркер, кој, како предиктор на преeклампсии, е предмет на анализа во оваа докторска дисертација. Даден е историски преглед на неговото откривање и утврдувањето на биолошката активност, опишана е неговата градба, механизмот на дејство и неговите функции во ембрионалниот развој и адултниот живот. Кандидатката особено внимание посветува на улогата на плацентарниот фактор на раст (placental growth factor - PlGF)d во нормална, а потоа во преeкламптична бременост. Оваа потточка и, воедно, и воведот пациентката ја завршува давајќи преглед на перформансот, кој плацентарниот фактор го покажал во досегашните студии во скрининг на преeклампсии и како единечен маркер и во комбинација со други.

Во втората глава, **МОТИВ,** кандидатката наведува две причини кои ја поттикнале да ја истражува оваа тема: 1. отсуството на национални студии кои го евалуираат перформансот на одделни скрининг-тестови, а без чие познавање е невозможно етаблирање на адекватен алгоритам за детекција и следење на пациетки со ризик, и 2. строгата препорака дека секоја лабораторија, при одредување на концентрација на биохемиски маркер, треба да изработи свои референтни рамки врз основа на специфичностите на постапката на мерење и користените реагенси (наместо да усвои туѓи).

**Опис на целите на студијата**

Во третата глава, **ЦЕЛИ**, стратифицирани и јасно и концизно се дефинирани следниве цели:

Примарни цели:

1. евалуација на перформансот на мајчините карактеристики во скоп на NICE и ACOG-препораките како скрининг-тест за преeклампсија; 2. евалуација на перформансот на плацентарниот фактор на раст како скрининг-тест за преeклампсија; 3. компарирање и комбинирање на тестовите преку конфронтирање на нивните статистички обележја.

Секундарни цели:

1. евалуација на перформансот на плазма протеинот-А асоциран со бременоста (Pregnancy associated plasma protein-A, PAPP-A) како скрининг-тест за преeклампсија; 2. испитување на асоцијацијата на плацентарниот фактор на раст со плодови мали за гестациската старост (small for gestational age - SGA).

Во четвртата глава насловена како **МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ,** кандидатката дава детален опис на структурата на студијата. Неа, согласно со проведената постапка, исправно ја дефинира по дизајн како опсервациска, проспективна кохортна студија. Го наведува местото и времето на реализација: Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ во соработка со Институтот за имунобиологија и хумана генетика при Медицинскиот факултет во Скопје, септември 2018- октомври 2019.

**Материјалот** на студијата е прецизно дефиниран заедно со инклузивните и ексклузивните критериуи:

- Инклузивни критериуми:
- едноплодова бременост
- бременост од 11+0 до 13+6 гестациски седмици, т.е. растојание теме-врв на сакрум 45-84 mm
- мајчина возраст од најмалку 18 години
- потпишана информирана согласност.

- Ексклузивни критериуми:
- мртов плод
- констатирани конгенитални аномалии на ултразвучниот преглед
- пациентки со сериозна болест или ментална попреченост

- актуелно учество во други истражувања.

Наведени се **влезните податоци** во студијата: 1. анамнестички податоци со социо-демографски карактеристики и податоци од опстетричката историја: возраст, националност, степен на образование, место на живеење, социо-економски статус, пушење, индекс на телесна маса, паритет, интервал меѓу бременостите, актуелна гестациска старост, начин на зачнување, вредност на плазма протеин А-асоциран со бременоста, (колектиран по добивањето на наодот од скринингот за анеуплоидии), употреба на лекови; 2.анамнестички податоци од интерес, за детекција на пациентки со ризик за развој на преeклампсија според насоките на NICE и ACOG. 3.одредување на серумското ниво на плацентраниот фактор на раст, при што постапката за колектирање н примероците, чување на серумот и мерење на концентрацијата се детално опишани.

Наведени се **излезните податоци**, т.е. исходи на студијата: дијагноза на преекплампсија, дијагноза на хипертензија во бременост (Pregnancy induced hypertension-PIH), дијагноза на плодови мали за гестациската старост и истите се прецизно дефинирани според релевантни дефиниции.

Дефинирани се условите за **превремен прекин или отпаѓање од студијата**: неможност за следење; абортус; породување пред 37. гестациска седмица по друг основ сем преeклампсија; хипертензија во бременост; плод мал за гестациската старост; недостаточни контроли; повлекување на информираната согласност.

Преставен е протоколот за работа и утврдени се временските точки и параметрите за евалуација:

1. Евалуација на мајката:
   - -мерење на крвен притисок и по потреба:
   - -одредување на протеинурија
   - -одредување на биохемиски статус.

2. Евалуација на плодот:
   - -УЗ преглед (биометрија, количина на околуплодова вода, позиција и староста на постелката, а по потреба: биофизички профил, протоци низ фето-плацентарна единица)
   - - NST (Non stress test).

3. Евалуација на новороденото (по породувањето):
   - -гестациска седмица при породувањето
   - -телесна тежина
   - -Апгар-скор
   - -начин на породување
   - -време на престој на одделот интензивна нега (Neonatal Intensive Care Unit - NICU).

На крајот од оваа глава во потточката: **Стандардизација на постапки**, кандидатката ги наведува условите и начините под кои ќе ги спроведува постапките: мерење на крвен притисок; одредување на протеинурија и биохемиски статус; одредување на гестациска старост (гс) при породување; одредување на прецентилен cut-off, а во контекст на дијагностицирање на исход од студијата.

**<u>Краткок опис на применетите методи</u>**

Во студијата биле регрутирани вкупно 779 испитанички во прв триместар од бременоста. Кај нив во интервалот $11^{+0}$- $13^{+6}$ гестациски седмици биле земени наведените социо-демографиски подароци од интерес, бил пополнет прашалник за ризик за развој на преeклампсија по препораките на NICE и ACOG и била земена крв за одредување на серумското ниво на плацентарниот фактор на раст. Од крвта по стандардна постапка (½ час чекање на собна температура за спонтана коагулација на примерокот, потоа 10 мин.

центрифугирана на 1500 вртежи во минута) бил одвоен серумот и истиот веднаш бил смрзнат на -20$^0$C. Серумите, со почитување на студениот синџир, биле префрлени на Институтот за Имунобиологија и хумана генетика каде се одредила концентрацијата на плацентарниот фактор на раст.

Испитаничките во 28. и 34. гестациска седмица биле телефонски контактирани, а во 32., 36., 38., 40. гестациска седмица биле болнички евалуирани за постоење на прееклампсија и хипертензија во бременоста: им бил измерен, по пропишана постапка, крвниот притисок и при вредности ≥ 140/90, измерен два пати на растојание од 4 часа, им била земена крв за одредување биохемиски статус и колектирана диуреза за одредување на протеинурија.

По породувањето, родилната тежина на новороденото на сите испитанички била евалуирана и сите оние под 3 перцентила биле издвоени во посебна група.

По завршувањето на студијата (породувањето на сите испитанички), оние со дијагноза на прееклампсија, хипертензија во бременоста и родилки на плодови мали за гестациската старост (под 3 перцентила) ги сочинувале афектираните групи (вкупно 72 пациентки: 18 со прееклампсија, 22 со гестациска хипертензија и 32 со плод мал за гестациската старост под 3 перцентила), а останатите контролната група (573 пациентки).

Групите меѓу себе биле контрофонтирани за вредноста на плацентарниот фактор на раст, и податоците од NICE и AGOG-прашалниците и вредноста на плазма-протеинот-А асоциран со бременоста. Потоа, плацентарниот фактор на раст, NICE-прашалникот и плазма-протеинот-А асоциран со бременоста биле компарирани меѓу себе како индивидуални маркери за предикција на прееклампсија, а потоа биле комбинирани во интегрален модел.

Во петтата глава, **СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА**, кандидатката при наведува статистичките постапки и пакети користени при обработка на добиените податоци.

Во шестата глава: **РЕЗУЛТАТИ**, кандидатката ги поместува добиените резултати од истражувањето, а во седмата **ДУСКУСИЈА** ги толкува и ги конфронтира своите наоди со наодите во литературата.

**<u>Краток опис на резултатите од истажувањето и споредбена анализа со наодите во литературата</u>**

- Обезни пациентки, Body mass index (BMI) >30 значајно почесто биле регистрирани во групата со гестациска хипертензија (p=0.000003), значајно поретко во групата плодови мали за гестациската старост (p=0.048), а незначајно почесто во групата со прееклампсија.

Ова е во согласност со другите истражувања (Skrastad, Youssef), каде што кога се евалуира ПЕ групата како една целина, BMI не покажува статистички значајно повисока разлика во однос на К-групата.

- Уделот на испитаничките од албанска етничка припадност во групата со прееклампсија бил сигнификантно помал од уделот на Албанки испитанички во контролната група - 38,9 % наспроти 66 %. (p=0.018)

Ова не противречи на наодите во литературата (Poon, Froidat, Akolekar) кои говорат за расна, а не етничка асоцијација со ПЕ, при што црната раса е сигнификантно почесто застапена меѓу жените со ПЕ во однос на останатите.

- Од вкупниот број Македонки вклучени во студијата, 4,14 % развиле ПЕ, додека тоа го сториле само 1,16 % од Албанките вклучени во студијата. Оваа разлика со p=0,073 се покажа статистички незначајна.
- Бремените жени со прееклампсија значајно почесто биле нулипари во однос на испитаничките со нормална бременост – 72,2 % наспроти 44,5 % (p=0.02).

Ваквата асоцијација на нулипаритот со појава на ПЕ е во согласност со наодите во литературата: 55,3 vs 84,6 % (Audibert) 47,7 vs 61,3 % (Poon), 43,9 vs 65,7 % (Schneuer), 52,5 vs 63,8 % (Nucci).

- Активни пушачи сигнификантно почесто биле бремените жени со гестациска хипертензија (31,82 % vs 12,91 %; p<0,011).

За разлика од наодите на Poon, Akolekar, Schneuer, оваа студија не покажа пониска стапка на пушачи во групата на пациентки со ПЕ, што, пак, е во согласност со наодите на други автори (Nucci, Froidat).

- Во двете афектирани групи со хипертензивно нарушување, бројот на бремени жени со анамнестички податок за претходна ПЕ/РІН бил повисок од бројот на жени со таков податок во контролата (16,6 vs 5,2 за ПЕ, p= 0.038 односно 27,3 vs 5,2 за РІН, p=0.00000), што се потврдило и како статистички значајна разлика.

Резултатот од оваа студија е во согласност со наодите во литературата: Skrastad, исто така, пријавува трократен скок на позитивен одговор во групите ПЕ-РІН од 6,6 % на 19 %; Poon репортира скок од 2,6 % во контролната група на 14,5 % во групата доцни прееклампсии; скок од 2,9 % на 12,6 % за доцни ПЕ пријавува и Аколекар. Студиите кои ја евалуирале и гестациската хипертензија, исто како и резултатот во оваа теза, пријавуваат сигнификантна асоцијација на сегашната гестациска хипертензија со претходен РІН/ПЕ (Poon, Audibert).

- Бремените жени од сите три афектирани групи почесто од бремените жени од контролната група имале фамилијарна оптовареност за прееклампсија, 16,7 %, 22,7 % 12,5 % наспроти 7 % во контролната група (К), но како статистичка сигнификантна се потврди застапеноста на испитанички со фамилијарна историја за прееклампсија во групата со гестациска хипертензија во однос на контролата (p=0.006).

Отсуство на статистичка знајачност покажуваат и други студии: на пр. Froidat 3,9 % К vs 6,7 % ПЕ или Skrastad кој пријавува дури и пониска стапка на појава во ПЕ групата (8,8 К vs 7,7% ПЕ). Меѓутоа, студиите кои вклучуваат голем број на пациенти, појавата на почеста позитивна фамилијарна анамнеза за ПЕ, успеваат да ја докажат како статистички значајна (Poon).

- Со историја за хронична хипертензија биле регистрирани 2,8 % испитанички во контролната група и 22,2 % испитанички во групата со прееклампсија, и оваа разлика се потврди како статистички сигнификантна (p=0,0000).

Наодите во литературата, широко и недвојбено го поддржуваат овој резулат, при што стапката за хронична хипертензија е релативно стабилна низ студиите околу 1 %, додека стапката во групата ПЕ се менува во зависност дали се евалуира ПЕ во целина или поодделно, рана и доцна.

- Податок за забременување со ин витро фертилизација дале 0,7 % испитаници во контролната, а 5,56 % од испитаниците во ПЕ што со статистичка значајност p=0.0027 ја прави оваа разлика статистички сигнификантна.

Наодите на Poon, Akolekar, Audibert говорат за поголема фреквенција на техниките на асистирана репродукција во ПЕ групата, но без статистичка сигнификантност.

- Терапија иницирана уште во првиот триместар од бременоста примале 12,8 % од испитаничките во контролната група, а 38.89 % испитанички од групата ПЕ (p=0,000435).

И овој резултат е во согласност со наодите на Poon, Akolekar и Froidat.

- Просечната гестациската старост при породување на пациентките од групата со ПЕ била 37,4 г.с., што наспроти 39,4 г.с. во контролната група дала разлика со сигнификантност p=0,00002.
- Родилната тежина на новородените од ПЕ-групата била 2590 g vs 3400 g за контролната група (p=0.0022).
- 61,1 % од испитаничките со ПЕ бременоста ја завршиле со царски рез, наспроти 36,5 % во контролната група (p=0.036).
- Апгар-скорот во петтата минута во ПЕ-групата бил полош од оној во контролата p<0,05.
- 33,3 % од новородените родени од мајки со прееклампсија имале потреба за престој на одделот неонатална интензивна нега, наспроти 5,8 % од новородените родени од мајки во контролната група ( p=0.0000).
- Неонаталната смрност во ПЕ-групата бил 11,1 % наспроти 1 % во контролната група, (p=0,00027).

- Новородените во групата плодови мали за гестациската старост, освен помалата родилна тежина, во однос на контролната група имале статистички сигнификантно полош Апгар-скор и во првата и во петтата минута (p<0,05).
- Опстетричкиот исход на пациентките со гестациска хипертензија не покажал разлика во однос на тој во контролната група.

Заклучокот дека ПЕ е асоцирана со полош опстетрички исход во однос на исход без ПЕ е во согласност со наодите од литературата. Pauline Mendola констатира полош опстетрички исход за ПЕ-група и тогаш кога ги анулира ефектите од претерминското јатрогено породување по однос на прием во NICU, но не и по однос на перинатален морталитет.

Независно од општиот заклучок, резултатите на оваа студија не се во согласност со резултатите на развиените земји. За илустрација, Sarka Lisonkova во својата ретроспективна студија за перинаталниот исход при прееклампсија во САД, наведува 68 % NICU прием кај ПЕ<34 г.с., и само 4 % за ПЕ≥34 г.с., и неонатален морталитет од 3 % за првата во 0,9 % за ПЕ>34 г.с. Кај нас приемот на NICU за деца < 34 г.с. беше 100 %, а неонаталната смртност во таа група беше 33 %.

- Сигнификантни контрибутори во појава на прееклампсија биле: постоењето на хронична хипертензија, ИВФ забременувањето, и паритетот при што:
  - -пациентките со историја на висок притисок имале релативен ризик за развој на ПЕ од 8,2 (RR=8,2 , 95 % CI 3,0-22,6);
  - -жените со бременост остварена со ИВФ имале релативен ризик за развој на ПЕ од 6,9 (RR 6,9, 95 % CI 1,1-42,3);
  - -нулипарите имале релативен ризик за развој на прееклампсија во бременоста од 3,1 (RR=3,1, 95 %CI 1,1-8,7);
  - -претходна бременост комплицирана со висок притисок имала релативен ризик за појава на ПЕ во ова бременост од 3,3 ( 1,0-11,1), додека претходна бременост без ПЕ имала ризик 0,14 за појава на истата во оваа бременост (RR 0,14, 95 % CI 0,03-0,6).

Овие наоди се конзистентни со наодите во литературата: Poon 2009 анализирајќи ја асоцијацијата на PAPP-A со ПЕ посочува дека најзначаен позитивен контрибутор за ПЕ меѓу мајчините карактеристики е хроничната хипертензија, црната раса и бременост со позитивна анамнеза за PIH/ПЕ, а негативен – претходна бременост без PIH/ПЕ при референтна точка на нулипарутетот од единица. Следната година, истиот автор, покрај претходно споменатите варијабли, во утврдување на мајчиниот специфичен (индивидуален) ризик за развој на ПЕ ја воведува и асистираната репродукција и тоа со релативен ризик веднаш зад хроничната хипертензија, согласно со резултатите во оваа докторска теза. Истите ризик фактори за појава на ПЕ ги верифицира и Akolekar, со тоа што по хроничната хипертензија која е прва меѓу контрибуторите постојано, останатите се изменуваат по редослед во зависност од тоа дали зборува за рана или доцна ПЕ.

- Скрининг-позитивни пациенти според NICE и ACOG препораките значајно почесто биле регистрирани во ПЕ и PIH групата (p,0.05), додека серумското ниво на плацентарниот фактор на раст бил статистички значајно понизок во ПЕ и SGA групата (p,0.05) во однос на контролната група.
- Пациентките од групата со прееклампсија и гестациска хипертензија биле сигнификантно почесто позитивни според NICE во однос на контролата (p=0,0000 за ПЕ односно p=0,0002 за PIH).
- 10,5 % од жените кои не развиле ПЕ (контролната група) биле скринирани како пациентки со ризик, наспроти 36,4 % од пациентките кои развиле гестациска хипертензија. 55,6 % од пациентките кои развиле ПЕ биле скринирани позитивни по NICE.
- NICE протоколот имал плоштина под ROC (receiver operating curve) кривата, AUC (Area Under the Curve) имала вредност од 0,72 (AUC = 0,72, Std.error, CI 95 % 0,579-0,86) - што укажува на тест со добра дискриминаторна способност.
- При фиксирана стапка на лажно позитивен резултат (False positive rate, FPR) од 10 %, стапката на детекција на ПЕ на NICE протоколот изнесувала 45,4 % .

Независно од долгогодишното постоење на NICE-препораките за скрининг на ПЕ, малку студии имале за цел да го анализираат неговиот перформанс. Во детекцијата на ПЕ во целина, Plasenica во 2007 пријавува сензитивност на мајчините карактеристики од 47 % за 10 % стапка на лажно позитивен резултат, Liona Poon во 2009 репортира стапка на детекција од 44 % , а Tan Yi 30 % детекција за ПЕ во целина репортирани во 2018 во SPREE (Screening for PREEclampsia) студијата.

- Споредено со контролата, ризик за прееклампсија според ACOG сигнификантно почесто бил детектиран кај испитаничките со прееклампсија и гестациска хипертензија (p=0,0058 ; p= 0.0011).
- Според ACOG-протоколот 62,7 % од жените во контролната група биле скринирани позитивни за развој на ПЕ, 56,3 % од жените во SGA групата, 95,5 % од жените во групата PIH, и 94,4 % од пациентките кои навистина развиле ПЕ.
- ACOG-тестот со големина на AUC од 0,655, Std.error 0.052 (CI 95 % 0.553-0.757), поседува задоволувачко ниво на дискриминаторна способност.

Резултатите за перформансот на ACOG-протоколот добиени во оваа студија се во согласност со наодите во литературата. Poon говори за сензитивност над 90 % при 64,1 стапка на лажно позитивен резултат, додека O'Gorman репортира 90 %, односно 89 % (стратифицирано за рани, претерминski и терминski ПЕ), повторно со висока 64,1 % стапка на лажно позитивен резултат.

- ACOG има поголема сензитивност за детекција на ПЕ од NICE (94,4 vs 55,6), но при многу поголемо лажно позитивно регрутирање на испитаници, што ја намалува неговата специфичност (36,4 vs 88,4), позитивниот коефициент на веројатност (1,5 vs 4,8) и позитивната предиктивна вредност (4,1 vs 12,1). AGOC во однос на NICE покажува подобри перформанси во отфрлање на дијагнозата: негативен коефициент на веројатност од 0,15 vs 0,5 за NICE, и негативна предиктивна вредност од 99,6 % vs 98,6 %.
- Медијаната на концентрацијата на PlGF во контролната група била 39,4 pg/ml, наспроти, 31,8 pg/ml за ПЕ-групата, 33,6 за PIH-групата и 33,8 во SGA-групата. При тоа, статистички значајно помали концентрации на PlGF во однос на контролата се измериле кај испитаничките со ПЕ и SGA (p= 0,0059 ; p=0,0018).

- Најзначајни контрибутори на $\log_{10}$PlGF во контролната група биле: растојанието теме-врв на сакрум (p=0.000), гестациската старост (p=0.000), возраста на мајката (p=0.000), пушењето (p=0.000) и паритетот (p=0.002).

Споредено со наодите од литературата, варијаблите за кои оваа докторска теза покажа дека инфлуираат врз вредноста на PlGF се декларираат во литературата. Она што таа не го покажа е влијание на тежината, ниту како килограми (Akolekar, Skrastad), ниту како BMI врз вредноста на PlGF во контекст на подобрување на перформансот на формулата при внес и на таа петта варијабла. Отсуството на дијабетес и ИВФ како варијабли, а кои ги пријавува FMF (Фондацијата за фетална медицина) може да се должи на малиот број на пациенти со дијабетес и ИВФ во контролната група.

- Медијаната на концентрацијата на PlGF во контролната група бил 1,11 MoM, наспроти, 0,84 за ПЕ-групата, 0,97 за PIH-групата и 0,85 во SGA-групата. При тоа, статистички значајно помали концентрации на PlGF во однос на контролата се измериле кај испитаничките со ПЕ и SGA (p=0.0003; p= 0.0002).

Наодите во литературата (Froidat, Audibert, Skrastad) говорат за опсег на движење на PlGF MoM во ПЕ-групата од 0,74-0,85 MoM.

- Споредено со статистичката сигнификантност при концентрација на PlGF изразена во pg/ml (p<0,01), конверзијата на концентрацијата во MoM-ови ја зголемила сигнификантноста на разликата за еден ред на големина.

- Плацентарниот фактор на раст имал плоштина под ROC-кривата, AUC (Area Under the Curve) со вредност од 0,723, Std.error 0,06 (CI 95 % 0.606-0.841)- што укажува на тест со добра дискриминаторна способност. За фиксирана 10 % стапка на лажно позитивен резултат тестот покажал сензитивност од 39 % за ПЕ во целина.

Податоците од литературата главно говорат за перформансот на PlGF во детекција на рани ПЕ. Па така, за 10 % стапка на лажно позитивен резултат Akolekar 2008- ма пријавува стапка на детекција од 52 %, Froidat репортира стапка на детекција од 59 %, а мета анализата на Wortelboer репортира 41 % сензитивност .

Кога станува збор за детекции на ПЕ во целина, Akolekar во 2012, согласно со резултатите на оваа докторска теза при 10 % стапка на лажно позитивен резултат, за детекција на ПЕ во целина пријавува сензитивност од 40,1 % , а Marta Nucci, повторно согласно со овие резултати, на AUC 0,71 пријавува стапа на детекција на ПЕ од 37,5 %.

- При дефинирана вредност на плазма-протеинот-А асоциран со бременоста под 0,5 MoM како cut-off за позитивен резултат, тестот покажа негативен коефициент на веројатност од 1,04, сензитивност од 5,6 % и позитивна предиктивна вредност од 1,9 %.
- При 10 % стапка на лажно позитивен резултат, плазма-протеинот-А асоциран со бременоста има стапка на детекција на ПЕ од 5,6 %.

- Плазма-протеинот-А асоциран со бременоста со вредност за плоштината под кривата AUC= 0,522, покажал дека овој тест нема дискриминаторска способност за одделување на бремените жени со ПЕ од бремени жени без истата.

Студиите говорат за скромен перформанс на плазма-протеинот-А асоциран со бременоста во детекција на ПЕ, па така при cut-off под 5 перцентила (PAPP-A < 0,42), Ong пријавува 11,1 % сензитивност, додека Smith пријавува едноцифрена сензитивност од 7,6 %; во FASTER студијата Loraine Dougoff за PAPP-A <5pc, пријавува стапка на детекција од 7,85 %.

Репортираните AUC низ наодите во литературата (Spenser, Poon) се под 0,6, согласно со резултатите добиени во оваа докторска дисертација.

- Комбинираниот модел NICE протокол + PlGF довел до зголемување на плоштината под ROC кривата за 0,1. Добиената вредност за AUC изнесувала 0,834 (AUC= 0,834, Std.error 0,048, CI 95 % 0,741-0,927).
- Со вредност за AUC > 0,8 – комбинираниот модел NICE протокол + PlGF се квалификувал како тест со многу добра дискриминаторска способност за предикција на преeклампсии. Сообносот сензитивност/1-специфичност покажал капацитет на тестот на детектира ПЕ при мала стапка на лажно позитивен резултат.
- При фиксирана стапка на лажно позитивен резултат од 10%, комбинацијата NICE+ PlGF покажал стапка на детекција на ПЕ од 61,1 %.

Сите податоци од литературата недвојбено говорат за подобрување на стапката на детекција при комбинирање на двата теста независно дали тестот се користи за детекција на рани ПЕ, доцни ПЕ или ПЕ во целина. Па така, Poon покажува раст на сензитивност од 51 % (само мајчините карактеристики) на 72 % (МК + PlGF) при детекција на рани ПЕ; Akolekar од 50 % на 72 % - исто така во детекција на рани ПЕ, O'Gorman покажува раст од 49 на 65 % при детекција на претерминski ПЕ. Кога станува збор за детекција на ПЕ во целина, Audibert пријавува подобрување на стапката на детекција од 30 % за мајчините карактеристики на 41 % (МК+PlGF). Најслабо, од само неколку проценти, е подобрувањето на сензитивноста при детекција само на доцни ПЕ 37 % на 39 % во трудот на O'Gorman, односно 35 % на 38 % во трудот на Akolekar.

- Концентрацијата на плацентарен фактор на раст била сигнификантно пониска во групата плодови мали за гестациската старост под 3 перцентила во однос на контролната група (p=0.0002).

Трудовите низ литературата (Poon, Cowans) говорат за асоцијација на редуцираните нивоа на PlGF со раѓање на мали за гестациската возраст плодови, конзистентно на наодите во оваа докторска теза.

- Со плоштината под кривата со вредност од 0,659 (AUC =0,659 Std.Error 0,052 , 95 % CI 0,556-0,762), плацентарниот фактор на раст како скрининг-тест покажал задоволувачка способност за дистинкција на оние пациентки кои ќе родат плод мал за гестациската старост под 3 pc, наспроти останатите, т.е. покажал капацитет вреден за натамошна негова евалуација како скрининг алатка за оваа патологија.

Во осмата глава **ЗАКЛУЧОЦИ,** кандидатката јасно и концизно ги сублимира резултатите од својата докторска теза во заклучоци кои соодветствуваат на претходно дефинираните цели.

Во деветтата глава, **ПРЕДНОСТИ И ОГРАНИЧУВАЊА НА СТУДИЈАТА И НАСОКИ ЗА НАТАМОШНИ ИСТРАЖУВАЊА,** кандидатката критички го наведува малиот број на испитаници во афектираната група како главен ограничувачки фактор, наспроти големата контролна група, моноцентричноста и проспективниот дизајн на студијата како главни нејзини предности.

Докторската теза на кандидатката завршува со главата **РЕФЕРЕНЦИ И АПЕНДИКСИ**, во која е даден преглед на цитирана литература: 184 фусноти и библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси, и поместени 2 апендикси.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација со наслов ,,Скрининг на преeклампсии во прв триместар од бременоста: серумското ниво на плацентарниот фактор на раст наспроти мајчините карактеристики“ од кандидатката д-р Кристина Скепаровска, претставува истражување во областа на перинатологијата и клиничката епидемиологија. Дисертацијата е изработена по сите принципи на едно научно истражување. Темата е современа и актуелна, целите се прецизно дефинирани, научниот пристап внимателно е избран, а методологијата адекватна на поставените цели. Резултатите се прегледни и систематично прикажани и дискутирани, а изведените заклучоци се концизни и недвосмислени.

Докторската дисертација со ,,Скрининг на преeклампсии во прв триместар од бременоста: серумското ниво на плацентарниот фактор на раст наспроти мајчините карактеристики“ од кандидатката д-р Кристина Скепаровска, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Skeparovska K, Jankulovski N. Hypertensive disorders in pregnancy- physicians' awareness for early detection. Mac. Med. Preview 2019; 73(1): 15-18.

[2]. Skeparovska K, Petlichkovski A, Jankulovski N. Correlation between serum level of placental growth factor in first trimester of pregnancy and subsequent preeclampsia development- a pilot study. Mac. Med. Preview 2019; 73(2): 73-77.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Изработката на темата на оваа докторска дисертација претставува оригинален научен придонес и, воедно, ова е прва студија која на наша популација во првиот триместар од бременоста го одредувала серумското ниво на плацентарниот фактор на раст и ги евалуирала неговите перформанси и перформансите NICE- протоколот како предиктори на подоцнежна појава на преeклампција. Со оваа студија се добиени информации кои ќе помогнат во клиничката работа, првенствено во раната тријажа на пациентки со ризик за појава на преeклампсија, а со цел навремено започнување на превентивни мерки и интензивен перипартален мониторинг во контекст на рана дијагноза на болеста.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација со наслов со ,,Скрининг на преeклампсии во прв триместар од бременоста: серумското ниво на плацентарниот фактор на раст наспроти мајчините карактеристики“ од кандидатката д-р Кристина Скепаровска.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гордана Адамова (претседател,** с.р
**Проф. д-р Никола Јанкуловски (ментор),** с.р.
**Доц. д-р Горан Димитров (член),** с.р.
**Доц. д-р Ана Данева Маркова (член),** с.р.
**Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска (член)**, с.р.

**Издвоени мислења** (доколку има):

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕХОКАРДИОГРАФСКА ПРОЦЕНА НА ЛЕВОКОМОРНА ФУНКЦИЈА И ЛЕВОКОМОРНА ДЕФОРМАЦИЈА (STRAIN) КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ИЗРАЗЕНА АОРТНА СТЕНОЗА ПРЕД И ПО АОРТНА ВАЛВУЛАРНА ХИРУРГИЈА“ ОД Д-Р ПЛАНИНКА ЗАФИРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 10. 12. 2019 година, со Одлука бр. 0905-5520/4 формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов ЕХОКАРДИОГРАФСКА ПРОЦЕНА НА ЛЕВОКОМОРНА ФУНКЦИЈА И ЛЕВОКОМОРНА ДЕФОРМАЦИЈА (STRAIN) КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ИЗРАЗЕНА АОРТНА СТЕНОЗА ПРЕД И ПО АОРТНА ВАЛВУЛАРНА ХИРУРГИЈА од кандидатката д-р Планинка Зафировска, во состав: проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска, (претседател), проф. д-р Ники Матвеева (ментор), проф. д-р Силвана Јованова (член), проф. д-р Сашко Јовев (член) и проф. д-р Марија Вавлукис (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката д-р Планинка Зафировска со наслов ЕХОКАРДИОГРАФСКА ПРОЦЕНА НА ЛЕВОКОМОРНА ФУНКЦИЈА И ЛЕВОКОМОРНА ДЕФОРМАЦИЈА (STRAIN) КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ИЗРАЗЕНА АОРТНА СТЕНОЗА ПРЕД И ПО АОРТНА ВАЛВУЛАРНА ХИРУРГИЈА содржи 211 страници компјутерски обработен текст во фонт Calibry (Body) со 1,5 проред, големина на букви 12 и 225 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и меѓународни препораки на Европското и Американското здружение за ехокардиографија. Текстот е збогатен со 63 табели и 53 слики. Трудот е структуриран во 9 поглавја и воедно ги содржи сите делови на еден научноистражувачки проект: вовед, мотив за изработка на докторската дисертација, цели, материјал и методи, методи на статистичка обработка, резултати на истражувањето и дискусија на добиените резултати, по што следат заклучоците, како и листа на библиографски податоци. Начинот на изложување е јасен и концизен, лесно се следи, и воедно побудува интерес за одбраната тема на истражување. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се овозможува систематизирано и прегледно следење на материјата обработена во докторската теза. Трудот обработува актуелна научна и клиничка проблематика, вредна и оправдана за истражување, како од научен така и од клинички аспект.

Првата глава од докторската дисертација е **вовед**, кој е поделен на 5 поднаслови**.** Текстот во воведниот дел е концизен, содржински јасно структуриран и разбирлив и воедно ја поставува одбраната тема на истражување во контекст на современата медицинска наука и клиничка пракса. Во првата тематска субединица се обработува патогенезата на аортната стеноза (АС) и се дава преглед на современите сознанија за АС како активен процес на воспаление на аортната валвула во кој посредуваат хемодинамски и генетски влијанија и кој води до фиброза и осификација на валвулата. Во вториот дел се опишани хемодинамските промени кои настануваат како резултат на АС и прогресијата од компензирана левокоморна (ЛК) хипертрофија до срцева слабост. Во третиот дел се претставени и детално се опишани методите кои се користат за дијагноза и евалуација на АС; анамнеза, физикален преглед и ехокардиографија, која овозможува процена на морфологијата на залистоците и класификација на степенот на

АС според големината на аортната валвуларна површина (АВА), средниот притисочен градиент и состојбата на проток според индексираниот ударен волумен (Уви) и левокоморната ејакциона фракција (ЛКЕФ). Процена на нарушување на лонгитудиналната ЛК- функција или ЛК-деформација, односно процена на ЛК-супклиничка дисфункција се прави со ткивен доплер (ТД) или speckle tracking ехокардиографија. Во ехокардиографската евалуација важно е да се измери дебелината на ЛК-ѕидови и ЛК-маса, да се определи ЛК-систолна и дијастолна функција, како и придружните валвуларни абнормалности и абнормалности на аорта и други крвни садови. Со цел да се дополнат клиничките и ехокардиографски испитувања може да се направи одредување на плазма-нивото на натриуретички пептиди, компјутеризирана томографија и срцева магнетна резонанца, коронарен стрес-тест и коронарна ангиографија. Во четвртиот поднаслов е опишан природниот тек на болеста, како и ризик-факторите кои се одговорни за скратување на должината на асимптоматскиот период и зголемување на брзината на прогресија на болеста. Во петтиот поднаслов се презентирани индикациите за аортен валвуларен репласман (АВР) според препораките на професионалните здруженија (Европското и Американското здружение на кардиолози и кардиохирурзи).

Второто поглавје го анализира **мотивот** за изработка на оваа студија, кој е јасно дефиниран. Докторантката го потенцира фактот дека проценатa на глобалната лонгитудинална деформација (strain) на левата комора може да стане значајна метода за откривање на супклиничка левокоморна систолна дисфункција кај пациенти со АС, да помогне за преоперативна процена на прогноза на болеста, но и за донесување одлука за преземање на оперативен третман. Воедно, проценатa на глобалната лонгитудинална деформација на ЛК (GLS%) може да претставува индикатор за постоперативно подобрување на левокоморната функција и да укаже на добра постоперативна долгорочна прогноза.

Во третото поглавје од докторската дисертација, кандидатката ги презентира **целите на истражувањето,** кои се јасно дефинирани и одредени. Примарната цел на студијата е да се определат клиничките, ангиографските и ехокардиографските предоперативни и постоперативни карактеристики, како и ЛК-лонгитудиналната деформација (strain) на пациентите со изразена АС. Други цели на оваа студија кои произлегуваат од претходната цел се: да се определи поврзаноста меѓу клиничките, електрокардиографските, ангиографските и/или конвенционалните ехокардиографски параметри и параметрите на ЛК-деформација кај пациентите со изразена АС; да се определи значајноста на постоперативното подобрување на ЛК-систолна и/или дијастолна функција, односно ЛК-деформација определени ехокардиографски во однос на предоперативните параметри; да се утврдат независни предиктори за вредностите на ЛК-лонгитудинална, радијална и/или циркумференцијална деформација меѓу клиничките, електрокардиографските ангиографските и/или конвенционални ехокардиографски параметри на АС пред и по АВР; да се утврди улогата на клиничките, ангиографските и конвенционалните ехокардиографски параметри и параметрите на ЛК-деформација како независни предиктори за подобрување на ЛК-функција по изведување на АВР; да се утврди дали присуството на абнормалности на ЛК-деформација во мирување кај пациентите со изразена АС може да предвиди подобрување/влошување на хемодинамските параметри како одраз на подобрена постоперативна функција; да се утврди дополнителната вредност на параметрите на ЛК-деформација во однос на конвенционалните параметри на левокоморна систолна и дијастолна функција во разграничувањето на пациентите со подобрена постоперативна функција; да се утврдат значајни независни предиктори за краткорочна (6-12 месеци) прогноза на пациентите по АВР.

Четвртото поглавје ги прикажува **материјалот и методите**, каде што систематски се претставени одредени компоненти на методологијата на испитување за нивно полесно следење. Кандидатката го дефинира дизајнот на студијата како проспективна пресечна (cross-sectional) клиничка студија која била спроведена во Специјалната болница „Жан Митрев“ во Скопје во период од 2016/2017 година. Примерокот на

истражување опфатил 76 пациенти со ехокардиографски изразена АС кои ги исполнуваат критериумите за АВР според препораките на професионалните здруженија. Селекција на испитаниците се вршела според однапред утврдени критериуми за вклучување (исполнети ехокардиографски критериуми за изразена АС, согласност за примена на валвуларна хируршка интервенција, клинички стабилни пациенти, во синусен ритам на електрокардиограмот), односно критериуми за исклучување (придружна умерена и/или изразена валвуларна мана и/или претходна валвуларна хирургија, преткоморен флатер и/или фибрилација регистрирани на електрокардиограм, нестабилна коронарна артериска болест (КАБ), изразени sидни абнормални движења (ЗАД), изразена бубрежна или црнодробна слабост и технички неадекватен ехокардиографски прозорец). Пациентите кои ги исполниле критериумите за вклучување и кои дале писмена согласност за учество во студијата одговарале на прашалник кој вклучува демографски и анамнестички податоци за симптоми на градна болка, вртоглавица, синкопа, диспнеа, како и податоци за постоење на ризик-фактори за кардиоваскуларни заболувања (пушење, артериска хипертензија, дијабетес, дислипидемија, гојност, семејна анамнеза за КАБ, постоење на КАБ со или без реваскуларизација, периферна васкуларна болест, цереброваскуларни болести, каротидна артериска болест, хронична опструктивна болест на белите дробови, болест на штитната жлезда и други придружни болести/состојби). Исто така, биле земени и податоци за медикаментите кои биле користени од страна на пациентите вклучени во студијата. Според симптомите, пациентите биле класифицирани според функционалната класификација на професионалното здружение, New York Heart Association (NYHA) на пациенти без ограничувања; со делумно ограничување; со значајно ограничување во активностите; како и пациенти кои треба постојано да мируваат. При физикалниот преглед на пациентите биле барани знаци за срцева слабост, се мерел крвниот притисок и пулсот, биле вршени мерења со цел одредување на индексот на телесна маса (body mass index, BMI, kg/m$^2$) и телесна површина (body surface area, BSA). Кај сите пациенти била направена проверка на липидниот профил (вкупен холестерол, LDL-холестерол, HDL-холестерол, триглицериди), гликемија, уреа и креатинин. Исто така, кај сите испитаници бил направен 12-канален електрокардиограм (ЕКГ), каде што биле определувани: срцев ритам, срцева фреквенција, присуство на облик на напрегање како маркер на присутна ЛК-хипертрофија, присуство на ST-сегмент и T-бран промени, широчина на QRS-комплекс и постоење на блокови на гранките на His-овиот сноп, како и нарушувања во ритамот и/или во спроведувањето. Пред изведување на АВР била изведена коронарна ангиографија на која се определувало присуство/отсуство на КАБ, број на артерии со стеноза и syntax score за определување на комплексност на КАБ. Кај сите пациенти била изведена конвенционална трансторакална ехокардиографија (Philips Epique 7). За да се овозможи offline квантитативно оценување на ехокардиографските податоци, испитувањата задржани во дигиталната меморија на апаратот биле анализирани со користење на посебен софтвер (QLAB 7.1). Ехокардиографските испитување биле изведувани пред и 4-6 месеци по изведување на АВР, а кај некои пациенти и по 12 месеци. Со трансторакалните ехокардиографски испитувања биле испитувани следниве параметри:

**Проценка на изразеност на АС** со мерења препорачани од професионалните ехокардиографски здруженија. Проценката се правела преку одредување на брзина на проток низ стенозираната валвула со користење апикален пет-шуплински поглед; одредување на среден трансвалвуларен притисочен градиент (со компјутерска програма на апаратот); одредување на аортната валвуларна ареа (АВА). Согласно со добиените мерења изведени според Препораките на професионалните здруженија, АС се степенувала како: лесна, умерена и изразена.

**Проценка на левокоморна систолна функција** се вршела преку мерење и пресметување на следниве ехокардиографски параметри: ЛК крајно-дијастолни/крајно-систолни внатрешни димензии; дебелина на sидот (септален и заден) во mm во систола и дијастола; ЛК крајно-дијастолни/крајно-систолни волумени

во ml нормализирани за површината на телото; проценка на левокоморна ејекциона фракција (ЛКЕФ) во проценти; процена на големината на ударниот волумен со Doppler-методот; определување на валвуло-артериска импенданса; мерење на левокоморна маса; пресметување на релативна sидна дебелина, односно определување на постоење на концентрично ремоделирање на лева комора; sидни абнормални движења; изместување на митралниот прстен; брзина на движење на митралниот прстен од две точки (септална, латерална) во апикален четиришуплински пресек и определување на присуство и/или изразеност на митрална и аортна регургитација според Препораките на професионалните здруженија и со користење на Doppler и колор-Doppler мерења.

**Процена на дијастолна функција на лева комора и димензии и функција на десно срце** се вршела преку следниве ехокардиографски параметри: проценка на лева преткомора преку определување на димензијата на левата преткомора (во mm) и нејзина нормализација (индексирање) за површината на телото; определување на волумен на лева преткомора со нормализација на големината и волуменот на левата преткомора со површината на телото; проценка на брзините на трансмитралниот проток; проценка на пулмонален венски проток; мерење на движење на митралниот прстен во дијастола со ткивен доплер; определување на големини и функција на десните кавитети (десна преткомора, десна комора) и определување на притисок во пулмоналната артерија**.**

**Мерење на миокардна деформација** односно систолна лонгитудинална миокардна деформација од базата на срцето кон врвот, била проценувана со користење на компјутерска програма за следење на точки (speckle tracking software) согласно со важечките упатства на професионалните здруженија. Off-line анализата била правена на сите дигитално запомнати слики со користење на вообичаена компјутерска програма за лонгитудиналната анализа направена во три ехокардиографски прозорци која автоматски ја дели левата комора на 17 сегменти кои биле анализирани одделно, а глобална деформација се добива како нивна просечна вредност.

Во следното петто поглавје е прикажана **статистичка обработка** на податоците која е извршена со користење на SPSS компјутерската програма верзија 25.0 (IBM SPSS, Inc., Chicago, IL, USA). Значајноста на постоперативната промена на левокоморната систолна и/или дијастолна функција, односно левокоморната деформација определени ехокардиографски во однос на предоперативните параметри се анализирала со употреба на Wilcoxon’s signed rank test. Споредбата меѓу две групи на континуирани параметри била направена со непараметрискиот Mann-Whitney U тест на рангови, а меѓу повеќе групи со употреба на анализа на варијансата ANOVA и користење на post hoc мултиплата споредбата на Bonferroni. Категориските параметри се споредувале со помош на Pearson Chi-square тест. Поврзаноста меѓу клиничките и/или ехокардиографските параметри меѓу себе била испитувани со Pearson и/или Spearman-ова корелација. Повеќекратна линеарна регресиона анализа била изведена за утврдување на независни предиктори за постоперативно подобрување на функцијата на ЛК и нејзината лонгитудинална деформација. Area under the Receiver Operating Characteristic (ROC) анализа на криви била изведена со цел да се квантифицира дополнителната вредност на параметрите, нивната сензитивност и специфичност, како и гранични (cut-off) вредности. За сите тестови, вредноста на $p \leq 0.05$ се сметала за статистички значајна.

**Резултатите** од истражувањето се прикажани во шестото поглавје. Добиените резултати од спроведената статистичка анализа се прикажани прегледно во табели и графикони поделени во 5 тематски целини.

Анализата на демографските карактеристики на примерокот од 76 пациенти со ехокардиографски изразена АС кои ги исполниле критериумите за АВР покажала дека пациентите во просек биле на возраст од 66 години, најмладиот имал 30, а најстариот 80 години, речиси идентично биле застапени двата пола. Во однос на симптомите најчесто била застапена комбинацијата на градна болка и диспнеа, додека сите три симптоми, вклучително и вртоглавицата, односно синкопа биле присутни кај 8/10,5% од пациентите. Од ризик-факторите, најчесто со 82,9% била застапена артериската

хипертензија, а кај речиси половина пациенти, дислипидемијата. Претходна КАБ била забележана кај 10/13,3% пациенти, од кои кај 6% е изведена перкутана коронарна интервенција пред да бидат подложени на оперативен зафат, а кај 3 пациенти едновремено со АВР била изведена и коронарна бајпас графт хирургија. Од другите придружни заболувања, претходна преткоморна фибрилација била присутна кај 3/3,9% на пациенти, хронична опструктувна белодробна болест (ХОББ) кај 3/3,9% на пациенти, болест на штитна жлезда кај еден и претходна каротидна болест кај еден пациент. Од медикаментите кои им биле давани на пациентите, најмногу застапени биле ангиотензин конвертирачки ензим инхибитори (АКЕИ), бета-адренергични блокатори (ББ), статини и ацетил-салицилна киселина. Најбројна група во однос на симптомите била групата со лесно ограничување на вообичаената активност. Наодите од физикалниот преглед покажале присутност на знаци на срцева слабост кај 3/3,9% од пациентите, а вредностите на крвниот притисок, како и пулсот пред и по оперативниот зафат се движеле во референтните вредности. Кај 76 пациенти доминирала зголемена телесна тежина. На електрокардиограмот, волтажни критериуми за ЛК-хипертрофија биле присутни кај 28/41,8, а облик на напрегање кај 19/27,9% од пациентите. Ангиографски предоперативно, КАБ била регистрирана кај 27/36% на пациенти. АВР бил изведен со употреба на биолошка валвула кај 45/60,5% од пациентите, артефициелна била ставена кај 10/13,2%, а реконструкција била изведена кај преостанатите 20/26,3% пациенти.

**Споредбата на ехокардиографските параметри пред и по АВР** покажала дека **ехокардиографски параметри за степенување на АС** измерени предоперативно биле карактеристични за умерена/изразена аортна стеноза. Врвната брзина на протокот низ аортата во вредности од 3,0-4,0 карактеристични за умерена АС била измерена кај 23/30,2% од 76 пациенти, од кои 5/21,7% пациенти со ЛКЕФ < 50% и 8 пациенти со присутна КАБ. Истовремено, кај 14/18,4% пациенти врвната брзина на протокот низ аортата била ≥ 5,0 m/s. Средниот притисочен градиент кај 35/46,1% пациенти бил < 40 mmHg, од кои кај 6 пациенти бил<20 mmHg, а кај останатите 29 од 20-40 mmHg. Аортната валвуларна површина (АВА) кај 75 пациенти била < 1,0 cm2. Односот на брзини левокоморниот излезен тракт (ЛКИТ)/аорта (Ао) кај 26/34,2% пациенти бил од 0,25-0,50 карактеристичен за умерена АС.

Споредба на овие параметри пред и по аортен валвуларен репласман покажала дека без оглед на предоперативните вредности, по АВР дошло до статистички значајно намалување на врвната брзина на протокот низ аортата и средниот притисочен градиент, односно до значајно зголемување на аортната валвуларна површина и нејзината индексирана вредност, а исто така бил регистриран и статистички значаен пораст на односот на брзините на протокот низ левокоморниот истечен тракт и низ аортната валвула (p=0.0001).

**Проценката на левокоморната систолна функција** покажала глобално сочувана левокоморна систолна функција, левокоморна ејекциона фракција (ЛКЕФ) без оглед на полот, ударен и минутен волумен, како и внатрешните димензии и волумени на левата комора во систола и дијастола како пред, така и по АВР. Сепак, статистички значаен пораст покажала ЛКЕФ (p=0,001). Зголемената релативна ѕидна дебелина (концентрична хипертрофија) регистрирана пред АВР, останала и по репласманот, но статистички значајно се намалила (p=0,0001). Индексот на ѕидните абнормални движења (SAД) покажал статистички значајно опаѓање по репласманот (p=0,033), додека систолното движење на митралниот прстен (MAPSE) чијашто средна вредност била во референтни граници пред, значајно се зголемила по репласманот (p=0,0001). Врвната систолна ткивна брзина проценувана на ниво на митралниот прстен со ткивен доплер (s'TDI), покажала во просек редуцирани вредности во однос на референтите пред и по репласманот, но, сепак, по репласманот, брзината значајно се зголемила.

**Проценатa на ехокардиографските параметри на дијастолната функција на левата комора и димензиите и функцијата на десното срце** покажала дека во однос на димензиите и функцијата на левата преткомора (ЛП) пред и

по репласманот, речиси немало никаква промена. Истовремено, проценката на трансмитралниот проток покажала статистички значајна промена по репласманот (p=0,004). Исто така, бил утврден статистички значаен пораст на средната ткивна брзина мерена на ниво на митралниот прстен во рана дијастола определена со ткивен доплер (e') на кое било ниво мерено по репласманот (p=0,0001), иако средните вредности и натаму биле под референтните граници. Согласно со ова, соодносот меѓу брзината на трансмитрален проток и ткивната брзина мерена на ниво на митралниот прстен со ткивен доплер во рана дијастола (E/e') како одраз на левокоморниот притисок на полнење по репласманот значајно се намалил (p=0,0001), што би одело во прилог на евентуално намалување на дијастолната дисфункција, односно нејзино нормализирање. По репласманот немало значајни промени на внатрешните димензии на десните кавитети и средната вредност на пулмоналниот притисок во систола која пред репласманот била во референтни граници. Систолното движење на трикуспидниот прстен статистички значајно се намалило (p=0,001), иако средната вредност била во референтни граници.

**Мерење на миокардната ЛК-деформација** во трите ехокардиографски погледи покажало дека по репласманот, како експресија на глобалната левокоморна деформација, се јавило значајно подобрување на лонгитудиналната деформација, манифестирано како зголемена негативност на процентите, што е знак за подобрена, односно намалена глобална лонгитудинална деформација (GLS%) по репласманот. Бројот на сегменти со ЛК-лонгитудинална деформација од < 13% покажал исто така значајно намалување по репласманот.

**Анализата на поврзаноста меѓу клиничките, електрокардиографските, ангиографските, и/или конвенционалните ехокардиографски параметри и параметрите на левокоморната деформација кај пациентите со изразена аортна стеноза** покажала статистички значајна поврзаност меѓу одделни клинички, електрокардиографски, и ангиографски параметри и параметрите на ЛК-деформација кај пациентите со изразена аортна стеноза. Анализата покажала статистички значајна негативна корелација меѓу односот на брзините на протокот низ левокоморниот истечен тракт и низ аортната валвула и GLS% било пред или по АВР. Анализата на корелациите на вредностите на GLS% било пред или по репласман во однос на ехокардиографските параметри на систолна функција покажала значајно поврзаност на помалите внатрешни димензии и волумени, помалата индексирана ЛК маса и помалиот скор индекс на САД со намалената, односно повеќе негативна/подобра GLS%. Зголемените вредности на GLS% пред и по репласман покажале статистички значајни позитивни корелации со поголемите дебелини на меѓукоморната преграда и задниот sид и со поголемата валвуло-артериска импенданса (Zva) пред репласманот. Зголемените вредности, односно помалку негативна/полоша GLS% била значајно поврзана со намалената ЛКЕФ, намалената просечна вредност на MAPSE и намалената s'TDI како пред, така и по АВР. Анализата на поврзаноста на ехокардиографските параметри на дијастолната функција со GLS% покажала статистички значајни корелации само меѓу помалите вредности на ејекционата фракција на левата преткомора пред репласманот и зголемените вредности, односно помалку негативната/полоша GLS% пред и по репласманот.

Пациентите биле поделени според одредени значајни карактеристики како што се: полот; индексот на телесна маса; присуството/отсуството на КАБ; ЛКЕФ пред АВР; типовите на изразена АС според протокот и притисочниот градиент, како и според GLS%. Ехокардиографските параметри за стратификација на степенот на АС, параметрите за проценка на систолната и дијастолната функција на левата комора и параметрите за GLS% покажале статистички значајни промени, односно подобрување по репласман кај сите пациенти поделени во групи според горенаведените значајни карактеристики. Исто така, биле направени и **споредби на промените на испитуваните параметри пред и по АВР помеѓу одделните групи пациенти поделени според одредените значајни карактеристики,** како и нивни корелации.

Споредбата на вредностите на параметрите за процена на систолна функција **меѓу групите поделени по пол** покажала значајни разлики во однос на ЛК внатрешни димензии во систола и дијастола, дебелината на меѓукоморната преграда, како и индексираната мускулна маса пред и по АВР кои биле повисоки кај мажите. ЛКЕФ била значајно пониска кај пациентите од машки пол по АВР. Споредбата на параметрите за процена на дијастолната функција меѓу двата пола, сепак, покажала дека индексираниот волумен на ЛП по АВР бил статистички значајно поголем кај пациентите од женски пол кај кои по АВР постоел и статистички значајно повисок Е/е’ како одраз на ЛК притисок на полнење. Споредбата на вредностите на GLS% пред и по АВР кај пациентите поделени според пол покажала статистички значајна разлика речиси кај сите ехокардиографски погледи пред и/или по АВР меѓу пациентите од различен пол, односно пациентите од женски пол имале подобра ЛК-деформација во однос на мажите. Споредбата на вредностите на параметрите за процена на систолната функција меѓу трите групи пациенти **поделени според индекс на телесна маса** покажала дека Zva значајно паднала кај сите три групи на пациенти, но останала значајно повисока кај гојните пациенти во однос на оние со нормална или прекумерна телесна тежина. Споредбата на параметрите за процена на дијастолна функција покажала дека гојните пациенти пред и по АВР имале статистички значајно помала ЛПЕФ како во однос на оние со нормалната, така и во однос на оние со прекумерна телесна тежина. Споредбата на параметрите за процена на изразеноста на АС меѓу двете групи пациенти **поделени според присуство/отсуство на КАБ** покажала дека постоела статистички значајна разлика само во однос на АВА, која била значајно повисока кај пациентите без КАБ. Споредбата на параметрите за процена на систолната функција меѓу двете групи покажала дека по АВР кај пациентите со КАБ постоела значајно полоша ЛКЕФ во однос на пациентите без КАБ. Меѓусебната споредба покажала постоење на статистички значајно поголем индекс на САД кај пациентите со КАБ. Анализата покажала подобрување на GLS% кај пациентите без и со КАБ, иако по АВР кај оние без КАБ речиси дошло до нормализација на деформацијата, а кај пациентите со КАБ поради почетните многу пониски вредности останала лесно редуцирана. Споредбата на ехокардиографските параметри за ЛК-систолна функција меѓу групите пациенти **поделени според ЛКЕФ** покажала значајни разлики, пациентите со ЛКЕФ < 50% имале поголеми внатрешни димензии и волумени, пониска ЛКЕФ, поголема индексирана ЛК маса, поголема дебелина на ѕидови, помало MAPSE и поголем индекс на САД. Споредбата на вредностите на параметрите кои ја одредуваат диастолната функција меѓу двете групи покажала статистички значајни разлики пред и по АВР на ЛПЕФ која била значајно повисока кај пациентите со сочувана ЛКЕФ. По АВР, статистички значајна разлика постоела само во однос на просечната ткивна брзина мерена на ниво на митралниот прстен во рана дијастола одредена со ткивен доплер која покажала значајно повисоки вредности кај пациентите со сочувана ЛКЕФ. Пациентите со редуцирана ЛКЕФ имале значајно повисока/повеќе позитивна/полоша GLS% и поголем број на сегменти со лонгитудинална деформација<13%. Споредбата на ехокардиографските параметри за процена на АС меѓу групите формирани од 63 пациенти со ЛКЕФ>50 % кои биле **поделени според типовите АС**: „АС со нормален проток и низок градиент“ (НоП-НГ), 9/14,3 % пациенти; „АС со нормален проток и висок градиент“ (НоП-ВГ), 16/25,4 % пациенти; „Парадоксална АС со низок проток и низок градиент“ (пНП-НГ), 20/31,7 % пациенти и „АС со низок проток и висок градиент“ (НП-ВГ), 18/28,6 % пациенти покажала постоење на очекувани статистички значајни разлики во однос на вредностите на брзината на протокот и притисочниот градиент кој претставува негова изведена вредност, но АВА и нејзината индексирана вредност покажала значајни разлики меѓу групите само пред АВР. Споредбата меѓу групите за параметрите на систолна функција покажала дека пациентите со пНП-НГ пред АВР имале најмала внатрешна димензија во дијастола. Натаму, систолното движење на митралниот прстен (MAPSE) било значајно пониско во групата на пациенти со пНП-НГ во однос на оние со висок градиент. Во однос на Zva, таа покажала значајни разлики меѓу групите само пред АВР. Така, пациентите од групата на пНП-НГ покажале значајно

поголеми вредности во однос на другите две групи со нормален проток. Пациентите со НП-ВГ имале значајно повисока импенданса во однос на сите три останати групи. Резултатите на споредбата меѓу групите за параметрите на дијастолна функција покажале групни разлики само во однос на ЛПЕФ индексирана за површината на телото (ЛПЕФИ%) како пред, така и по АВР. Пред АВР, пациентите со висок градиент (НоП-ВГ и НП-ВГ) имале значајно пониски вредности на ЛПЕФИ во однос на пациентите со пНП-НГ, што се задржало и по АВР. Споредбата меѓу групите покажала и значајно намалување, односно подобрување на GLS% кај пациентите со низок проток, односно низок проток и низок градиент и низок проток и висок градиент. Кај пациентите **поделени според GLS%** на група со подобра деформација (GLS≥18,9 %) и група со лоша деформација (GLS<18,9 %) споредбата меѓу параметрите за процена на систолната функција на ЛК покажала дека кај пациентите со подобра/мала или отсутна ЛК-деформација по АВР дошло до значајно намалување на внатрешната димензија на ЛК во дијастола, значајно намалување на дебелините на меѓукоморната преграда (МКП) и задниот ѕид (ЗС) во дијастола, како и на индексираната ЛК-мускулна маса, односно до значајно зголемување на MAPSE. Кај пациентите со полоша/зголемена ЛК-деформација по АВР дошло до значајно намалување на внатрешните димензии на ЛК и индексираните ЛК-волумени, до намалување на дебелините на МКП и ЗС во дијастола и на индексираната ЛК-мускулна маса, до намалување на релативната ѕидна дебелина и на Zva, односно до намалување на индексот на САД, додека ЛКЕФ, индексираниот ударен волумен, како и MAPSE и s'TDI покажале статистички значајно зголемување. Споредбата на дел од параметрите кои, всушност, ја определуваат ЛК-дијастолна дисфункција кај пациентите поделени според GLS% пред и по АВР покажале значаен пораст по АВР на вредностите на E/e' кај пациентите со нарушена ЛК-деформација пред АВР.

**Определувањето на предиктори за постоперативно подобрување на морфологијата и функцијата на ЛК** покажало дека независни значајни предиктори за постоперативно подобрување на морфологијата и функцијата на ЛК, односно **намалување на левокоморна индексирана маса (ЛКИМ) по репласманот** биле: внатрешната димензија на ЛК во дијастола, дебелината на МКП и s'TDI. За пациентите со редуцирана ЛКЕФ од < 50% пред репласманот, независен предиктор за позитивно ремоделирање била GLS%. Вредноста на GLS% од -18,9 земена како нормална (cut-off) за апаратот Phillips, дава сензитивност од 100% и специфичност од 39% во предвидувањето на позитивното ремоделирање по АВР манифестирано со намалување на ЛКМИ. За пациенти со сочувана ЛКЕФ (≥50%) со пНП-НГ независни значајни предиктори пред репласманот биле индексиран крајно-систолен ЛК-волумен, индексираната АВА и бројот на сегменти со лонгитудинална деформација од < 13 %. За пациенти со НоП-НГ независни значајни предиктори пред репласманот биле дијастолната димензија на ЛК и бројот на сегменти со лонгитудинална деформација од < 13%. За пациенти со НоП-ВГ како независен предиктор се јавила пред репласманот вредноста на s'TDI. Кај пациенти со НП-ВГ не се издвоил независен предиктивен фактор за позитивно ремоделирање.

Независни значајни предиктори за постоперативно подобрување на функцијата на ЛК, односно **зголемување на ЛКЕФ по репласманот** биле: внатрешната димензија на ЛК во систола и GLS% измерени пред репласманот. За пациентите со ЛКЕФ ≥50% пред репласманот, независни предиктори биле: индексираниот крајно-систолен волумен, максималниот ЛП волумен и GLS% пред АВР. За пациенти со сочувана ЛКЕФ (≥ 50 %) со пНП-НГ независен значаен предиктор пред репласманот била ЛКЕФ пред АВР. За пациенти со НоП-НГ независни значајни предиктори пред репласманот биле ЛК внатрешна димензија во систола и полот. За пациенти со НоП-ВГ како независен предиктор се јавиле индексираната ЛК маса (ЛКМИ) и индексираната АВА пред АВР. Кај пациенти со НП-ВГ се издвоиле крајните ЛК-волумени во систола и дијастола како независни предиктивни фактори за позитивно ремоделирање.

Независни значајни предиктори за постоперативно **подобрување на GLS% по репласманот**, односно подобрување на супклиничката дисфункција на ЛК биле

индексот на sидни абнормални движења (SADи) и s'TDI како просек од два sида. Sидните абнормални движења покажале сензитивност од 67 % и специфичност од 60 %, а s'TDI покажала ниска сензитивност од 15 % и повисока специфичност од 80 % за предвидување на негативизацијата (нормализацијата) на GLS% по репласманот. За пациентите со ЛКЕФ ≥ 50 %, со пНП-НГ пред репласманот, независен предиктор била Zva. За пациентите со НоП-НГ независни предиктори биле индексираниот волумен на левата преткомора (ЛППВИ) и ЛКЕФ измерени пред АВР. Испитувањата на сензитивноста и специфичноста на ЛКЕФ пред репласманот покажале дека граничната вредност (cut-off) од 63,5 % има сензитивност од 66,7 % и идентична специфичност од 66,7 % во предвидувањето на порастот на GLS од ≥ 18.9 % по репласманот кај пациенти со изразена аортна стеноза, со сочувана ЛКЕФ и со нормален проток и низок градиент.

Сите пациенти кои биле предмет на испитување во оваа студија, во време од 6-12 месеци по АВР, не манифестирале симптоми и знаци за срцева слабост, ниту бил забележан пристап на нова преткоморна фибрилација, како и третман и/или хоспитализација поради тоа. Сите пациенти биле живи во периодот на следење од 12 месеци.

**Дискусијата** на докторската дисертација, која опфаќа детална анализа на добиените резултати, е елаборирана во седмото поглавје. Кандидатката систематизирано во одделни целини дава толкувања на добиените резултати и ги споредува со објавени релевантни резултати од современи автори кои дале значителен придонес во обработка на оваа проблематика. Широкиот спектар на достапни современи истражувачки студии и објавени резултати го оправдува и го прави актуелно ова истражување. Дискусијата започнува со образложување на типовите на АС и нивната преваленца, споредба со објавените преваленци на одделни типови АС како и коментирање на индикациите за примена на АВР кај одделните типови АС. Потоа, во дискусијата се разгледува влијанието на демографските карактеристики, ризик-факторите за кардиоваскуларни заболувања, индексот на телесна маса, симптомите и функционалната онеспособеност врз позитивното ремоделирање по АВР. Добиените резултати од оваа и други студии укажуваат дека мажите и жените треба да бидат различно третирани со востановување на полово засновани параметри за рано упатување на АВР и нивно следење. Од ризик-факторите (хипертензија, дијабетес, дислипидемија, пушење), артериската хипертензија во студијата била единствен ризик-фактор кој покажал значајна негативна поврзаност со редуцираната ЛКЕФ. Се смета дека гојноста е поврзана со атеросклеротичните ризик-фактори (артериска хипертензија, дислипидемија, дијабетес), како и со појавата на ЛК-хипертрофија, но сепак во однос на улогата на гојноста во АС, како и во опоравувањето на ЛК-функција по АВР, доказите се сè уште инконклузивни. Резултатите од ова испитување покажале дека вредноста на Zva пред АВР е од значење за разбирање на хемодинамиката на срцето, особено кај гојни пациенти. Наодите од оваа студија покажале дека би било од голема корист кога кај пациентите со АС навреме би се идентификувало постоење на КАБ и би се спречило натамошно влошување на ЛК-функција со примена на АВР. Примената на АВР кај симптоматски пациенти е секако индицирана според препораките на професионалните здруженија и според наодите од оваа студија. Резултатите од оваа студија покажале дека е мошне важна предоперативната проценка на систолната функција и особено маркерите на супклиничка систолна функција манифестирани како GLS% и/или број на сегменти со LS<13% особено кај пациентите кај кои постои сочувана ЛКЕФ пред АВР. Нивната проценка кај овие пациенти може да го предвиди постоперативното намалување на ЛК хипертрофија, односно појавата на позитивно ремоделирање. Исто така, резултатите добиени кај пациентите со редуцирана ЛКЕФ по АВР покажуваат дека овие пациенти се изложени на ризик од полоша долгорочна прогноза, со што се наметнува заклучокот дека пациентите со АС треба што е можно побрзо да бидат подложени на АВР пред да дојде до значајно намалување на ЛКЕФ. Кај пациентите со изразена АС и сочувана ЛКЕФ во проценката на систолната функција се користат и други параметри кои можат да идентификуваат суптилни нарушувања во систолната функција. Според сознанијата од литературата, но

и според наодите на оваа студија, како независни предиктори за долгорочна прогноза по АВР може да послужат MAPSE, sTDI и Zva. Проценката на ЛК-притисок на полнење претставува реален параметар за евалуација на ЛК-дијастолна функција кај пациентите со АС, кој истовремено има значајна улога како предиктивен фактор во постоперативната долгорочна прогноза кај пациентите со АС. Подобрувањето на дијастолната функција по АВР се чини е бавен процес, а фактори за кои се знае дека придонесуваат за забавено опоравување се отсуство на соодветствување меѓу пациентот и протезата (patient-prosthesis mismatch), неконтролирана хипертензија и екстензивна миокардна фиброза, односно многу изразена ЛК-хипертрофија пред АВР. АВР овозможува да дојде до регресија на фиброзата, миокардната клеточна хипертрофија, што се манифестира со подобрување на GLS%, MAPSE, sTDI, односно со намалување на Zva. GLS% значајно се подобрува по репласманот без оглед на големината на преоперативната ЛКЕФ. Оваа студија покажала дека GLS% е значаен предиктивен фактор за позитивно ремоделирање по АВР кај пациентите со изразена АС и ЛКЕФ < 50 % пред АВР, но не и за постоперативно подобрување на ЛКЕФ. Кај пациентите, пак, со сочувана ЛКЕФ од ≥ 50 % , GLS% пред АВР се јавува како независен предиктор за постоперативно подобрување на ЛКЕФ, а бројот на сегменти со лонгитудинална деформација од < 13 % се јавува како независен предиктор за позитивно ремоделирање само кај пациентите со низок проток (пНП-НГ и НП-НВ). Во литературата, бројни автори потенцираат дека GLS% претставува значаен и силен прогностички маркер за морталитет. Резултатите од оваа студија покажале дека предиктори за подобрување на супклиничката дисфункција, односно за порастот на GLS% од ≥ 18.9 % по АВР кај пациентите со АС, без оглед на големината на ЛКЕФ пред АВР, се помалиот индекс на sидните абнормални движења (SАДи) и поголемиот s'TDI, претставен како просек. Присуство на релативно висока, повеќе негативна GLS% кај пациентите со зголемено ЛК-постоптоварување ќе укаже дека се работи за релативно компензирана миокардна контрактилна функција, додека ако GLS% е редуцирана, повеќе позитивна, тоа би зборувало за зголемен ризик од појава на симптоми, иреверзибилно миокардно оштетување и зголемено присуство на миокардна фиброза. Не помалку значајно е да се истакне дека особено кај овие пациенти треба да се обрне внимание на базалните сегменти во кои е најголем sидниот стрес и таму да се проценува ЛК деформација со цел порано да се идентификуваат абнормалностите кај пациенти со изразена АС.

Во осмото поглавје, врз основа на анализата на податоците и добиените резултати од истражувањето, кандидатката ги формулира заклучоците од истражувањето: Примената на хируршки АВР доведе до значајно намалување на изразеноста на АС; Возраста не се покажа како значаен фактор во промената на ЛК функција по АВР; По АВР дојде до значајно подобрување на параметрите на изразеноста на АС, систолна и дијастолна функција без оглед на полот, но пациентите од женски пол имаа повеќе негативна/подобра ЛК-деформација по АВР и помал број на сегменти со ЛК-лонгитудинална деформација од < 13 %; Артериска хипертензија беше единствен ризик-фактор кој покажа значајна негативна поврзаност со редуцираната ЛКЕФ; Пациентите со зголемена телесна тежина и гојност по АВР покажаа значајна поврзаност со параметрите кои ги отсликуваат знаците за систолна и дијастолна дисфункција, како и со присуство на супклиничка ЛК-дисфункција (зголемена GLS% и број на сегменти со лонгитудинална деформација < 13 %); Класификацијата по NYHA покажа присуство на значајни корелации со параметрите на систолна и дијастолна дисфункција по АВР, како и позитивна корелација со присуство на субклиничка ЛК-дисфункција; По АВР кај пациентите со АС и КАБ отсуствуваше значајно намалување на внатрешните димензии на ЛК во дијастола, крајно-дијастолниот волумен и релативната sидна дебелина, а постоеше значајно полоша ЛК систолна функција, помала регресија на индексираната ЛКИМ и нејзина поголема апсолутна вредност, значајно поголем индекс на SАД, повеќе позитивни вредности/полоша GLS% и повисок број на сегменти со ЛК лонгитудинална деформација од < 13 %; Како независни предиктори на позитивното ремоделирање на ЛК, односно намалување на ЛКМИ без оглед на предоперативната ЛКЕФ, се појавија

внатрешната димензија на ЛК во дијастола, дебелината на МКП и s'TDI. Кај пациентите со редуцирана ЛКЕФ од < 50 % пред АВР, како независен предиктор се издвои намалената (повеќе негативна, подобра) GLS%. Вредноста на GLS% од -18,9 земена како нормална (cut-off) за апаратот Phillips, дава сензитивност од 100 % и специфичност од 39 % во предвидувањето на позитивното ремоделирање по АВР. Кај пациентите со сочувана ЛКЕФ од ≥ 50% како независни предиктори за позитивно ремоделирање се издвоија: кај пациенти со пНП-НГ крајно-систолниот ЛК-волумен, индексираната АВА и бројот на сегменти со лонгитудинална деформација од < 13%, кај НоП-НГ дијастолната димензија на ЛК и бројот на сегменти со лонгитудинална деформација од < 13%, кај НоП-ВГ s'TDI; Кај пациентите без оглед на предоперативната вредност на ЛКЕФ по АВР дојде до значајно намалување на изразеноста на АС, значајно се намалија внатрешните димензии и волумени на ЛК и значајно се подобри систолната функција. Но, пациентите со предоперативна ЛКЕФ < 50% по АВР имаа и натаму значајно поголеми внатрешни димензии и волумени, значајно пониска ЛКЕФ, значајно поголема индексирана ЛК-маса, поголеми дебелини на ѕидови, значајно помали MAPSE и s'TDI, како и значајно повисок скор на SAД што ги поставуваше на висок ризик од полоша долгорочна прогноза; По АВР кај пациентите без оглед на големината на предоперативната ЛКЕФ постои значајно намалување, односно подобрување на GLS%, но иако кај оние со сочувана ЛКЕФ речиси да дојде до нормализација на деформацијата, кај пациентите со редуцирана ЛКЕФ поради почетните многу повеќе позитивни/патолошки вредности GLS% остана да биде изразена и по АВР; За подобрување на ЛКЕФ по АВР, без оглед на предоперативната ЛКЕФ, како независни предиктори се појавија: внатрешната димензија на ЛК во систола и глобалната лонгитудинална деформација (GLS%). Кај пациентите кои предоперативно имаа сочувана ЛКЕФ од ≥ 50% како независни предиктори за подобрување на ЛКЕФ по АВР се издвоија: индексираниот крајно-систолен волумен, максималниот ЛП волумен и GLS%; Сите пациентите со сочувана ЛКЕФ од ≥ 50 % покажаа значајно зголемување на MAPSE (како параметар за проценка на глобална ЛК-систолна функција) по АВР, за што како предиктивни фактори се издвоија машкиот пол, намалената големина на ЛК внатрешна димензија во систола, намалениот ЛК волумен во систола, зголемената предоперативна ЛКЕФ, но и намалената ЛКИМ и помала индексирана АВА пред АВР; Во однос на s'TDI како параметар на систолна функција пациентите со сочувана ЛКЕФ од ≥ 50 % речиси сите покажаа значајно зголемување (освен пациентите со НоП-НГ) по АВР за што како предиктивни фактори се издвоија зголемената предоперативната ЛКЕФ и намалениот број на сегменти со лонгитудинална ЛК функција од < 13 %; Пациентите со пНП-НГ имаа и најниски вредности на МАПСЕ и s'TDI пред и по АВР што ги изложува на долгорочен зголемен постоперативен ризик и предупредува за навремено преземање на АВР; Освен пациентите со НоП-НГ кои по АВР покажаа парадоксално незначајно зголемување на Zva, кое кореспондираше и со поголемата ЛКИМ, Zva кај останатите пациенти покажа значајно постоперативно намалување, но сепак пациентите со НП-ВГ во однос на оние со пНП-НГ и НоП-ВГ постоперативно и натаму имаа повисока од нормална Zva што секако ги изложува на потенцијално зголемен ризик од лоша долгорочна прогноза; Проценката на дијастолната функција покажа дека пациентите имаа знаци за умерена ЛК-дисфункција со зголемени вредности на ЛПВИ, редуцирани вредности на брзината на движењето на митралниот прстен во рана дијастола определена со TDI на кое било ниво (септално или латерално) и висока средна вредност на ЛК-притисок на полнење манифестиран како E/e' однос. Пациентите хемодинамски имаа карактеристики на срцева слабост со сочувана ЛКЕФ. По АВР дојде до значајно подобрување на брзината на движењето на митралниот прстен во рана дијастола определена со TDI на кое било ниво, иако и натаму пониско на септално ниво и се појави значајно намалување на ЛК-притисок на полнење манифестирано како E/e' однос, но и натаму над нормална вредност; Односот E/e' по АВР значајно се намали само кај пациентите од машки пол, така што кај женскиот пол постоперативно беше значајно повисок заедно со повисоката вредност на ЛПВИ. Кај гојните пациенти вредностите на ЛПВИ по АВР беа значајно повисоки во однос на оние

со нормална или прекумерна телесна тежина. Иако E/e’ значајно се намали по АВР кај сите пациенти без оглед на висината на индексирана телесна маса (ИТМ), сепак гојните и оние со прекумерна телесна тежина имаа незначајно повисоки вредности во однос на пациентите со нормална телесна тежина со присутна значајна корелација на повисоката ИТМ со зголемениот E/e’ однос по АВР. Присуство на КАБ не се покажа како дискриминаторен фактор во промените на дијастолната постоперативна функција кај пациенти со изразена АС. Споредбата на пациентите со редуцирана и сочувана ЛКЕФ покажа дека кај оние со редуцирана ЛКЕФ по АВР иако значајно се зголемува брзината на движењето на митралниот прстен во рана дијастола определена со TDI, сепак останува значајно помала во однос на пациентите со сочувана ЛКЕФ. E/e односот покажа постоперативно значајно опаѓање само кај пациентите со сочувана ЛКЕФ, но постоперативно не се разликуваше од оние со редуцирана ЛКЕФ. Не постоеја значајни разлики во висината на овие параметри кај пациентите со сочувана ЛКЕФ поделени според големината на протокот и висината на притисочниот градиент. Параметрите на дијастолната дисфункција само делумно се јавија како дискриминаторен фактор меѓу оние со сочувана или нарушена ЛК-деформација; Резултатите покажаа дека пациентите од нашата кохорта имаа ниски/повеќе позитивни вредности на лонгитудинална деформација пред АВР во сите 3 погледи, односно како глобална вредност-GLS%. По АВР дојде до значајно подобрување на деформацијата, нејзина негативизација со вредности кои речиси да беа нормализирани ако се земе предвид дека вредноста на GLS% од -18,9 % се зема како нормална (cut-off) за апаратот Phillips на кој беа изведувани мерењата, а бројот на сегменти со ЛК лонгитудинална деформација < 13 % покажа исто така значајно намалување по АВР; Резултатите покажаа дека пациентите од нашата кохорта имаа ниски/повеќе позитивни вредности на лонгитудинална деформација пред АВР во сите 3 погледи, односно како глобална вредност-GLS%. По АВР дојде до значајно подобрување на деформацијата, нејзина негативизација со вредности кои речиси да беа нормализирани ако се земе предвид дека вредноста на GLS% од -18,9 % се зема како нормална (cut-off) за апаратот Phillips на кој беа изведувани мерењата, а бројот на сегменти со ЛК лонгитудинална деформација < 13 % покажа исто така значајно намалување по АВР; Пациентите со редуцирана ЛКЕФ имаа значајно повисока/повеќе позитивна/полоша ЛК лонгитудинална деформација и поголем број на сегменти со лонгитудинална деформација < 13 % по АВР. Кај пациентите, пак, со сочувана ЛКЕФ по АВР дојде до значајно подобрување на GLS% кај трите групи на пациенти поделени според големината на протокот и притисочниот градиент, додека таа отсуствуваше кај пациентите со НоП-НГ. Пациентите со НП-ВГ по АВР имаа најниска вредност на GLS% и најголем број на сегменти со ЛК лонгитудинална деформација од < 13 %, значи и најмногу миокардна фиброза; Споредбата на ехокардиографските параметри на систолната функција на ЛК по АВР кај пациентите поделени според големината на GLS% пред АВР покажа дека кај пациентите со GLS% ≥18.9 земен како апсолутна бројка, значи кај оние со подобра/мала или отсутна ЛК-деформација по АВР дојде до значајно подобрување на повеќето параметри на систолната функција со исклучок на ЛКЕФ која не покажа значајна промена. Параметрите на дијастолната функција покажаа значајно влошување по АВР кај пациентите со зголемена/повеќе позитивна ЛК-деформација пред АВР; GLS% се покажа како значаен предиктивен фактор за позитивно ремоделирање по АВР кај пациентите со изразена АС и ЛКЕФ < 50 % пред АВР, но не и за постоперативно подобрување на ЛКЕФ. Кај пациентите, пак, со сочувана ЛКЕФ од ≥ 50 %, GLS% пред АВР се јави како независен предиктор за постоперативно подобрување на ЛКЕФ, а бројот на сегменти со лонгитудинална деформација < 13 % се јави како независен предиктор за позитивно ремоделирање само кај пациентите со низок проток (пНП-НГ и НП-НВ); За порастот на GLS% од ≥18.9 % по АВР кај пациентите со АС без оглед на големината на ЛКЕФ пред АВР како независни значајни предиктори се појавија: помалиот индекс на sидните абнормални движења (САДи) и поголемиот s’TDI претставен како просек. Притоа cut-off вредност на s’TDI од 5,9 cm/s дава сензитивност од 66,7 % и специфичност од 62,8 % во предвидувањето порастот на GLS% од ≥ 18,9 % по

АВР кај пациенти со изразена АС без оглед на предоперативната ЛКЕФ; За порастот на GLS% од ≥ 18.9 % по АВР кај пациентите со редуцирана ЛКЕФ не се издвоија значајни предиктивни фактори, а за оние со сочувана ЛКЕФ значајни предиктори се издвоија само за пациентите со низок градиент пред АВР. Притоа, за пациентите со пНП-НГ за подобрување на супклиничката ЛК-функција се издвои намалената валвуло-артериска импенданса (Zva) пред АВР. Граничната вредност (cut-off) од 3,6 mmHg/ml/m² имаше сензитивност од 66,7 % и идентична специфичност од 66,7 % во предвидувањето на порастот на GLS% од ≥ 18,9 % по АВР. Кај пациентите со НоП-НГ за подобрување на супклиничката ЛК-функција како независни предиктори се издвоија: помалиот индексиран волумен на левата преткомора (ЛПВИ) и повисоката ЛКЕФ измерени пред АВР. Граничната вредност (cut-off) од 63,5 % имаше сензитивност од 66,7 % и идентична специфичност од 66,7 % во предвидувањето на порастот на GLS% од ≥ 18,9 % по АВР кај овие пациенти.

Последната глава од докторската дисертација ја содржи приложената литература која е обемна и прегледна, содржи 225 референци, и коректно е цитирана по прифатените стандарди.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката д-р Планинка Зафировска, со наслов: ЕХОКАРДИОГРАФСКА ПРОЦЕНА НА ЛЕВОКОМОРНА ФУНКЦИЈА И ЛЕВОКОМОРНА ДЕФОРМАЦИЈА (STRAIN) КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ИЗРАЗЕНА АОРТНА СТЕНОЗА ПРЕД И ПО АОРТНА ВАЛВУЛАРНА ХИРУРГИЈА, претставува актуелно истражување во клиничката медицина од областа на кардиологијата и кардиохирургијата. Докторската дисертација е изработена по сите принципи на научно истражување. Во согласност со мотивот на студијата дефинирани се и целите на истражувањето, научниот пристап е оргинален и внимателно избран, а методологијата на испитување е современа. Поставените цели се во целина реализирани, а добиените резултати се адекватно обработени, интерпретирани и дискутирани во согласност со нивната научна и клиничко применета вредност. Од добиените резултати се изведени соодветни заклучоци. Клиничкото значење и научниот придонес на оваа студија произлегуваат од добиените резултати кои покажуваат дека левокоморната деформација може да биде промовирана како дополнителен маркер во одлуката за навремен третман на аортна валвуларна стеноза со оглед на нејзините прогностички импликации. Придонесот на оваа студија се состои и во поткрепата што оваа студија го дава на дефинитивната имплементација на ЛК-деформација во одлуката за навремен третман на пациентите со аортна стеноза, со цел таа да го најде своето место во идните препораки за дијагноза и третман на професионалните здруженија.

Докторската дисертација на кандидатката д-р Планинка Зафировска со наслов: ЕХОКАРДИОГРАФСКА ПРОЦЕНА НА ЛЕВОКОМОРНА ФУНКЦИЈА И ЛЕВОКОМОРНА ДЕФОРМАЦИЈА (STRAIN) КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ИЗРАЗЕНА АОРТНА СТЕНОЗА ПРЕД И ПО АОРТНА ВАЛВУЛАРНА ХИРУРГИЈА, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани научноистражувачки трудови:

1. Zafirovska P, Georgievska Ismail Lj, Matveeva N, and Mitrev, Z. Evaluation of the left ventricular global longitudinal strain in patients with severe aortic stenosis that undergo surgical aortic valve repalcement: a case report. *JMS* 2018; *1*(2), 9-14. Retrieved from http://www.jms.mk/jms/article/view/31

2. Zafirovska P, Georgievska-Ismail Lj, Matveeva N, and Mitrev Z. Effect of overweight and obesity on left ventricular function recovery in patients with severe aortic stenosis after surgical aortic valve replacment. *JMS* 2018; *1*(2), 20-28. Retrieved from http://www.jms.mk/jms/article/view/37

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главен научен придонес на докторската дисертација е можноста од клиничка апликативна примена на добиените резултати кои укажуваат на значењето и прогностичката вредност на левокоморната супклиничка дисфункција, манифестирана како глобална левокоморна деформација која може да овозможи поставување на рана и навремена индикација за хируршки третман на аортна валвуларна стеноза меѓу широката палета на пациенти со сочувана левокоморна ејекциона фракција кои се разликуваат по протокот и/или притисочниот градиент. Дополнителен придонес на ова истражување е промоцијата на левокоморната деформација како маркер на одлука за третман на аортна валвуларна стеноза кој може да го најде своето место во идните Препораки за дијагноза и третман на пациенти со аортна валвуларна стеноза.
Подрачјето на примена на овој труд се клиничките дисциплини како кардиологијата и кардиохирургија, каде што постои можност за примена на добиените сознанија со цел да се постави навремена дијагноза и да се донесе правилна одлука за навремен третман на пациентите со аортната валвуларна стеноза.
Ограничување на оваа студија претставува неможноста да се следи радијалната и циркумференцијална коморна деформација поради технички тешкотии со софтверската анализа. Во современата литературата има ограничени податоци за овие две деформации, така што тие ќе бидат предмет на идни истражувања.

Докторската дисертација ЕХОКАРДИОГРАФСКА ПРОЦЕНА НА ЛЕВОКОМОРНА ФУНКЦИЈА И ЛЕВОКОМОРНА ДЕФОРМАЦИЈА (STRAIN) КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ИЗРАЗЕНА АОРТНА СТЕНОЗА ПРЕД И ПО АОРТНА ВАЛВУЛАРНА ХИРУРГИЈА, поднесена од д-р Планинка Зафировска, претставува оригинален и самостоен научен труд и во целост ги исполнува условите согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на третиот циклус - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
Комисијата смета дека трудот е автентичен и актуелен, има значаен научен и апликативен придонес, во целина ги обработува поставените проблеми и ги содржи сите елементи на научен труд, со јасно дефинирани цели, прецизно изложени материјал и методи и детално прикажани и статистички обработени резултати на студијата. Дискусијата и заклучоците се објективни и даваат прецизни одговори на поставените цели.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката Планинка Зафировска со наслов: ЕХОКАРДИОГРАФСКА ПРОЦЕНА НА ЛЕВОКОМОРНА ФУНКЦИЈА И ЛЕВОКОМОРНА ДЕФОРМАЦИЈА (STRAIN) КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ИЗРАЗЕНА АОРТНА СТЕНОЗА ПРЕД И ПО АОРТНА ВАЛВУЛАРНА ХИРУРГИЈА.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ники Матвеева, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Силвана Јованова, член, с.р.**
**Проф. д-р Сашко Јовев, член, с.р.**
**Проф. д-р Марија Вавлукис, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА, „ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА РЕНТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО“ ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 31.08.2017 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Ирфан Тефики со наслов „Договор за доживотна рента во Република Македонија и во споредбеното право“, во состав: проф. д-р Гале Галев (претседател), проф. д-р Родна Живковска (член), проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска (ментор), проф. д-р Дејан Мицковиќ (член) и проф. д-р Ненад Гавриловиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ирфан Тефики, со наслов „Договор за доживотна рента во Република Македонија и во споредбеното право“, содржи 222 страница компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 255 фусноти и 64 библиографски единици, меѓу нив книги, монографии, научни трудови, статии, публикации, зборници, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во вовед, пет дела, заклучок и дел кој се однесува на користена литература и прилози. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **Воведот** на трудот изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка, актуелноста на темата и методите на истражувањето.

Кандидатот смета дека експанзивноста на економскиот развој, развојот на новите технологии и глобализацијата покрај позитивните страни доведуваат до голем степен на отуѓеност на луѓето, како и состојба во која старите луѓе остануваат без грижа и нега во деновите кога ќе остарат, иако имаат свој имот. Според кандидатот, зголемениот број на старо население го актуализира значењето на договорот за доживотна рента што може да се уреди во позитивното право на современ начин како можност за обезбедување на безгрижна старост на старите лица или на лицата со определени здравствени проблеми или заостанат психолошко физички развој. Кандидатот, анализирајќи ги споредбено правните системи каде порастот на старата популација е проследен со зголемена грижа на државата и јавно правната регулатива социјално здравствена заштита на старите лица, дошол до сознание дека покрај ова во современите општества и приватното право, дава опции за обезбедување на условно речено мирна старост.

Во споредбеното право, освен вложувања во посебни фондови, кандидатот согледува дека се користат и договори со кои имотот на старите лица се отстапува

на правни и физички лица кои за возврат обезбедуваат определени плаќања во институции или грижа за старите лица преку различни форми во нивните сопствени домови кои обезбедуваат достоинствен живот на старите лица до нивната смрт. Кандидатот доаѓа до сознание дека во модерните, развиени држави во функција на обезбедување на правна сигурност на старите лица при склучување на различни договори постојат адвокатски канцеларии, приватни социолошки и психолошки советувалишта кои го одбираат вистинскиот модел на згрижување на старите лица. Кандидатот за своето истражување е иницира од фактичката состојба во нашата земја во која и покрај обврските за грижа кон старите лица од нивните потомци согласно законските обврски, настануваат реални ситуации во кои конкретно нема кој да се грижи за лицата за кои е потребна дополнителна грижа поради старост или болест, било поради немање на потомство, било поради просторната оддалеченост на оние кои би требале да се грижат за овие лица.

Во истражувањето кандидатот го споредува и анализира договорот за доживотна рента со договорите што се склучуваат помеѓу приватните старечки домови и семејствата на лицата кои се згрижени во овие домови, договорите на самите лица со домовите, нивните права и обврски, како во нашата држава, така и во други држави, воедно кандидатот прави споредбена анализа со сличните правни институти во голем број на други држави. Централен предмет на истражување на овој труд е неименуваниот договор за доживотна рента. Преку правна анализа на овој договор кандидатот се обидува да укаже дека со законското уредување на овој договор би можела да се постигне негова почеста имплементација во практиката. Со обработка на правата и обврските на договорните страни кандидатот се обидува да укаже дека овој договор би можел да им помогне не само на старите и болни лица , туку дека и државата би требало да е заинтересирана за негово спроведување, со што би се намалиле нејзините обврски кон старата популација согласно определбата дека според Уставот нашата држава е и социјална држава.

Материјата која е предмет на проучување на докторската дисертација кандидатот ја поделил на шест дела: **Дел први: Поим на договорот за доживотна рента; Дел втори: Субјекти, предмет, основ, форма на договорот за доживотна рента; Дел трети: Содржина на договорот за доживотна рента и престанок на договорот; Дел четврти: Разграничување на договорот за доживотна рента од другите правни институти и сличните договори; Дел петти: Споредбено правни аспекти на договорот за доживотна рента и сличните договори во современите правни системи; и Дел шести: Меѓународни аспекти на грижата и негата на старите лица**, при што сите делови се поделени на точки и потточки со наслови за полесно следење на материјата.

**Првиот дел** на трудот: **Поим на договорот за доживотна рента** е поделен на четири глави. Во **Глава прва: Поим на договор за доживотна рента** кандидатот ја дава дефиницијата на договорот за доживотна рента во правната теорија и ги определува карактеристиките на овој договор како двострано обврзувачки, алеаторен, консензуален, формален,каузален и товарен договор. Во **Глава втора: Местото и релациите на договорот за доживотна во граѓанското право и други правни дисциплини** кандидатот укажува дека овој договор е поврзан со повеќе правни дисциплини и е многу комплексен. Тој укажува дека овој договор е поврзан со главните институти на општиот дел на граѓанското право преку способностите и атрибутите на физичките и правни лица, со сопственоста во стварното право,

законското и тестаментално наследување од наследното право како и специфичните релации од трудовото право, здравствено и пензиско осигурување и социјалната грижа за стари лица. Во **Глава трета**: **Историски развој на договорот за доживотна рента** кандидатот прави анализа на уредувањето на овој договор во историски рамки и ги анализира дефинициите на овој договор во различни извори на право кои се применувале на територијата на нашата држава. При тоа, тој укажува дека во одредена историска рамка овој договор бил именуван или се работело за договор уреден во позитивното право во различни законски прописи. Кандидатот укажува на правната уреденост на договорот за доживотна рента во Австрискиот и Српскиот граѓански законик. Во **Главата четврта**: **Договорот за доживотна рента во нашето современо право**, којашто е поделена на неколку точки, кандидатот ја анализира правната рамка на сојузниот Закон за облигационите односи од 1978 година, на македонскиот Закон за облигационите односи и на хрватскиот Закон за облигационите односи. Кандидатот во овој дел ја анализира и практиката на имплементација на овој договор и сличните институти во современи услови во нашата држава. Во овој дел од трудот, кандидатот ги презентира резултатите од научното истражување спроведено со прашалник, интервју во старечките приватни и државни домови во нашата држава. Кандидатот во овој дел се осврнува на Националната стратегија на нашата држава за грижа за стари лица и улогата на Министерството за труд и социјална политика. Кандидатот се обидува да направи паралела на приватно правните договори за грижа за стари лица, обврските што произлегуваат од семејното законодавство на нашата држава и оние кои ги има државата која во својот Устав се декларира како социјална.

**Вториот дел** на докторската дисертација е поделен на четири глави. Во **Главата прва на Вториот дел** насловена како „**Субјекти на договорот за доживотна рента“** кандидатот анализира кој се може да се најде во улога на доверител на доживотната рента или должник на доживотната рента. Овде кандидатот укажува дека имотот на лицето на кое му е потребна негата може да биде отстапен на определен субјект што ќе плаќа рента во корист на одреден субјект што во рамките на добиените пари ќе му обезбеди грижа на лицето на кое му е потребна грижата. Можно е, исто така, лицето да вложи во фонд или да склучи договор со осигурителна компанија која потоа ќе му дава определена рента со која старото лице во институција или сопствениот дом ќе добие соодветна нега или грижа. Оттаму, може да се заклучи дека станува збор за двострано обврзувачки договор во кој што страните имаат взаемни права и обврски, како и дека, кога станува збор за стари лица, паричната рента вообичаено се користи за добивање на услуги од институција или поединци што на старото лице му овозможуваат потребна грижа, нега и потоа по смртта се грижат за сето што е поврзано со погребот на определеното лице.

**Главата втора на Вториот дел** насловена како **„Предмет на договорот за доживотна рента“** го обработува прашањето за предметот на овој договор што се состои во плаќање на определена рента и пренос на сопственост на ствари права. Кандидатот укажува дека предметот на договорот треба да биде определен или определив и дека тој мора да биде возможен и дозволен. Предметот на договорот е определено дејствие кое се состои во давање определена рента сума на пари, како против-сторување на пренос на недвижни или подвижни ствари или права.

Во **Главата трета на Вториот дел** насловена како **„Кауза на договорот за доживотна рента“** кандидатот го обработува прашањето за

каузата или целта која се постигнува со договорот за доживотна рента. Целта, каузата на договорот за доживотна рента е стекнување на право на сопственост на недвижни, подвижни ствари или права и стекнување на право на побарување на рента во вид на пари или услуги. Каузата како и кај другите договори треба да биде возможна и дозволена. Специфичноста се состои во тоа што каузата за договорот за рента е добивање на определен вид на услуги за грижа и нега на старото лице. Овде кандидатот се задржува на тоа што се очекува или каква грижа нега и услуги треба да му се пружат на старото лице и детално ги разработува.

Во **Четвртата глава на Вториот дел** насловена како „**Форма на договорот за доживотна рента“** кандидатот анализира во каква форма би требало да се склучува договорот за доживотна рента. Поради сложеноста на договорот и правните последици се предлага договорот да се склучува во форма на јавна исправа – солемнизирана приватна исправа или нотарски акт.

**Третиот дел** е составен од две глави: **Глава прва: Содржина на договорот за доживотна рента и Глава втора: Престанок на договорот за доживотна рента.**

Во повеќе точки во **Главата прва на Третиот дел** кандидатот ги анализира правата и обврските на договорните страни во договорот за доживотна рента. Акцентот е ставен на обврската за давање на рента и правото за примање на рента, како и на обврската за пренос на ствари или права од страна на оној што ќе прима рента и правото да ги побарува од страна на оној што ќе дава рента.

Во **Главата втора на Третиот дел** кандидатот во повеќе точки ги анализира начините на кои може да престане овој договор. Тука се врши анализа на можноста договорот да престане со раскин и тоа правото на договорен раскин или правото на едностран раскин на секоја од страните поради повреда на договорот. Кандидатот овдека ги обработува и состојбите на апсолутна ништовност и рушливост на договорот за доживотна рента и правните последици од огласувањето на ништовен или поништување на договорот за доживотна рента.

**Четвртиот дел** на докторската дисертација е насловен како „**Разграничување на договорот за доживотна рента од други слични правни институти и слични договори“.**

**Во Глава прва од Четвртиот дел** кандидатот во девет точки од оваа глава прави разграничување и ги анализира односите на овој договор со институтот на застапување, рента како парична компензација за надомест на штета, згрижувачко семејство, плаќање на алиментација за сопруг/а или деца, сместување и згрижување кај правно лице, итн.

Во **Глава втора на Четвртиот дел** кандидатот во повеќе точки ги определува сличностите и разликите помеѓу договорот за доживотна рента и нему сличните договори, односно со договорот за доживотна издршка, договорот за осигурување, договор за игри за среќа и договорот за продажба на надеж. Во овој дел кандидатот дава сугестии за правната рамка на овие договори. Исто така, укажува во кој случаи кој од овие договори може да се користи. Правната аргументација оди во насока дека овој договор поради своите специфики треба да стане именуван и почесто да се користи затоа што може да послужи во практиката и да ги намали состојбите за користење на договори што не обезбедуваат остварување на целта што се сака да се постигне.

**Делот петти: Споредбено правни аспекти на договорот за доживотна рента и сличните договори во современите правни**

**системи** има голем број на точки и потточки каде се анализираат договори со кои се обезбедува нега и грижа на старите лица во модерните развиени земји преку приватно правни договори, различни фондови и преку државни институции во форма на јавно правна грижа. Во овој дел се анализираат императивните услови кои се поставуваат пред институциите или физичките лица и згрижувачки семејства, волонтери и слично што треба да ги исполнат за да обезбедат грижа и нега на стари лица во хумани услови. Во таа смисла кандидатот направил определена анализа на правните рамка на грижа и нега за стари во Соединетите Американски Држави, Федералната држава Канада, Обединетата заедница Австралија, Република Северна Кореја, Тајван. Кандидатот ги анализира и состојбите на нега и грижа на стари лица во Република Австрија, Република Унгарија, Република Франција, Република Полска, Република Финска, Република Италија, Кралство Шпанија, Кралство Шведска, Сојузна Република Германија, Обединетото Кралство – Велика Британија и Шкотска, Република Србија и Република Албанија. Во овој дел преку споредбено правна анализа кандидатот укажува на предностите на новите облици на грижа и нега на стари лица во модерните развиени општества.

**Делот шести** на докторската дисертација насловен како „**Меѓународен аспект на нега и грижа на старите лица“** ги обработува Начелата на Обединетите Нации за стари лица, правилата на Меѓународната алијанса на негувателите и давателите на грижа и Меѓународните правила на волонтерите за грижа за стари лица. Кандидатот заклучува дека грижата за старите лица се издигнува на меѓународно ниво и дека постојано треба да се следат овие меѓународни стандарди за да се постигне задоволувачко ниво на почитување на правилата за лицата што можат да обезбедуваат грижа и нега за стари лица и да се обезбеди хуман третман на старите лица.

Кандидатот во **Заклучните согледувања** ги сублимира заклучоците кои ги дава на секој од одделните делови и констатира дека договорот за доживотна рента со определени модалитети може да има честа примена во практиката доколку се уреди во закон и се промовира како договор со кои би можеле да се решат актуелните состојби на голем број на стари лица на кои им е потребна нега, грижа, отсутноста на потомците и можноста да се обезбеди оваа грижа преку рента која ќе се плаќа на институции, згрижувачки семејства и обучени лица што можат да им пружат хумани услови на старите лица и да организираат погреб по нивната смрт. Во заклучните согледувања кандидатот укажува на предностите и негативните страни на овој договор во другите познати облици на згрижување на стари лица во споредбеното право.

На крајот се наоѓа прегледот на цитирана и консултирана домашна и странска литература, како и прилог кој се однесува на модел на договор за организирање на патување и користениот анкетен прашалник.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување и детална анализа на оваа докторска дисертација се четири клучни прашања, и тоа: 1.договорот за доживотна рента и неговата корисност во современи услови; 2. договорното уредување на односите со старите и болни лица сместени во приватни институции за згрижување на овие лица; 3. потребата од посебна правна помош следена со психолошки и социјални советници при одлучување на старите лица за нивното згрижување и особено компаративните искуства во модерните развиени земји; и 4. разграничувањето на приватно правните договори како што е договорот за доживотна рента од здравствената и социјална грижа за старите и болни лица во современите правни системи.

Најнакрај, истражувањето има за цел да ги сублимира теоретските наоди, компаративните сознанија, како и резултатите добиени од примарното истражување во насока на создавање релевантни заклучоци и препораки, креирање на нови размислувања и видици кај стручната јавност, со што би се добила целосна слика за прашањето кое е предмет на истражување, односно предмет на анализа во трудот, што кандидатот успешно го прави.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Темата која се обработува во оваа докторска дисертација и предметот на истражување од ваков вид досега не биле предмет на опсежно проучување во Република Македонија и соседството. Станува збор за проблематика која добива на интензитет и станува сè позначајна, особено во денешното време кога бројката на стари лица расте и кога поради честото селење на работоспособното население старите лица остануваат сами потребата од постоење на договори за доживотна рента и договори за услуги на институции што би се грижеле за старите лица е особено битно. Искуствата на правната уреденост на грижата за стари лица од формите во кои државата има особено активна улога и ги решава овие прашања со државни фондови, како и решавањето на статусот и живеењето на старите лица преку други форми на приватно правни договори на институционално згрижување или платени услуги претставуваат не обработувана тема. Прашањата поврзани со страчката популација имаат комплексна димензија, социолошка, психолошка, меѓутоа особено значајна е и правната димензија какви договори и со кого ќе склучат и што ќе добијат за возврат како грижа или услуга.

Спроведената компаративна анализа на позитивни прописи на различни национални законодавства, меѓународните извори, обидот за емпириско истражување кое даде само делумни резултати поради малиот број на приватни институции кои одговорија на прашалникот, овозможија добивање на определени насоки за потребата од интервенирање во постојната легислатива и внесување на договорот за доживотна рента во законска рамка.

**Краток опис на применетите методи**

Истражувањето на предметот на овој труд и постигнувањето на поставените цели се прави со помош на широк спектар методи. Доминантниот метод кој се користи при изработката на дисертацијата е *компаративниот*. Ваквиот приод е наложен од повеќе фактори. Најпрво, компарацијата се применува на секој чекор кон нови сознанија. Компарацијата на истражувањето е една од основните спознајни процеси при детерминирање на определени институти. Без компарирање на институтите и појавите не е можно да се согледаат сличностите и разликите кои постојат во споредбеноправните решенија. Имено, преку анализата на споредбеноправните решенија се формира јасна слика за ставовите на одделните национални законодавства во однос на правната рамка на договорите што обезбедуваат грижа за стари и болни лица, а особено договорот за доживотна рента, со цел да можат да се согледаат предностите и слабостите на овие правни системи. Покрај доминантната употреба на споредбениот метод, во дисертацијата се користени и други методи, меѓу кои *догматскиот метод,* преку кој се врши објаснување, дефинирање и елаборација на основните поими и институти кои се предмет на анализа. Анализите на правните прописи и правни извори за регулирање на оваа проблематика се направени со примена на *аналитичко-синтетичкиот* метод. Со помош на овој метод и анализа на домашна и странска литература, како и практични примери поврзани со оваа област, се добиваат логични поставки за

правилниот начин на уредување и правна заштита на договорите за грижа за стари лица, а особено на договорот доживотна рента и расчленување на композитни елементи од кои можат да се согледаат активностите кои може и треба да се применат на ова поле. Добиените податоци од истражување кандидатот ги подлегнува на *индуктивен и дедуктивен метод* на толкување, анализа и нивно споредување, сè до добивање на заклучоците, со цел да се потврдат, односно да се оправдаат поставените хипотези. Со наведената методологија се создава можност да се добијат релевантни и веродостојни заклучоци за предметот на истражување, подложни на понатамошна верификација.

Со овој комплекс на избрана методологија, кандидатот врши преглед и синтеза на постојните знаења, самостојно ги истражува и ги испитува актуелните состојби и проблеми во областа на истражување, обезбедува научни сознанија за причинско-последичните врски и мошне успешно предлага решенија на научните проблеми поставени како тези во оваа докторска дисертација.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Преку истражување кое го спровел кандидатот на темата која е предмет на неговиот интерес и анализа, успева да ги потврди хипотезите поставени на почетокот на истражувањето. Имено, тој докажува дека за примена на договорот за доживотна рента потребна е добра правна рамка и договорот ќе стане именуван. Кандидатот истакнува дека е потребна поразлична палета на договори со кои на старите лица ќе им се обезбеди грижа за старите денови. Воедно, кандидатот потенцира дека е неопходно да постојат специјализирани адвокатски канцеларии кои на лицата ќе им овозможат совети какви договори со кого и под кои услови да склучат за да си обезбедат мирни старечки денови и потполна грижа во услови кога се зголемува отуѓеноста, кога младите патуваат за да заработат и кога е неизвесно кои ќе се грижи за старите лица, кога тие ќе остарат. Кандидатот посочува дека државата треба да се погрижи за постоење на повеќе геријатриски установи со хумани услови, но и предвидување на построги критериуми и контрола на приватните институции кои за одреден надомест даваат грижа за стари лица. Кандидатот предлага да се развијат различни системи за грижа на старите лица преку користење на договори за осигурување, преку кои за стари денови, во случај на болест или телесни повреди ќе се обезбеди одредена парична рента која ќе се користи за плаќање на нивно институционално згрижување. Тука кандидатот укажува дека на старите лица, покрај грижата и негата треба да им се обезбеди и социјален и културен живот и остварување на сите вообичаени потреби кои во современи услови се многу поразновидни и треба да бидат побогати.

Кандидатот смета дека договорот за доживотна рента може да се искористи и како договор преку кој старото лице ќе може да остане во својот дом а преку плаќање на рентата од идните сопственици на целиот негов имот, пари, ствари или права ќе му се овозможи грижа и нега од обучени лица независно дали семејството и потомците се близу или просторно далеку.

Преку ваквото истражување и добиените резултати, кандидатот прави успешен обид да придонесе во креирањето на нови размислувања и видици кај стручната јавност за улогата и значењето на правната рамка за договорот за доживотна рента и сличните правни институти или соодветни договори од споредбената право. Одовде сметаме дека докторскиот труд ќе има, покрај теоретска, и практична примена во нашата држава.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ирфан Тефики, со наслов „Договор за доживотна рента во Република Македонија и во споредбеното право“, претставува научен труд изготвен во согласност со критериумите потребни за една докторска дисертација. Кандидатот солидно обработува една актуелна интердисциплинарна тема, која опфаќа делови и институти од граѓанското, семејното и делумно од социјалното и здравственото право. Кандидатот содржински успеал да опфати значајни прашања од областа која ја истражува.

Во методолошка смисла, дисертацијата е поставена врз дефинирани тези и цели на истражувањето, а притоа е користена соодветна методологија и, сообразена со поставените цели. Структурата и содржината на докторската дисертација даваат за право да се констатира дека кандидатот успеал да даде анализа на предметот на истражувањето, така што дисертацијата претставува заокружена целина. Поставената теоретска и структурна рамка на темата се добро поставени, но факт е дека трудот има и одреден степен на неотпорност , како и потреба од доработка и прецизирање што на кандидатот во повеќе наврати му е укажувано и што не ја доведува во прашање крајната оценка.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ирфан Тефики, со наслов ,,Договор за доживотна рента во Република Македонија и во споредбеното право“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди на докторски труд.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изложениот приказ и дадената оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторска дисертација што ги задоволува сите критериуми за подготвување на самостојни научни трудови од ваков вид, предвидени со соодветната законска регулатива и со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Ирфан Тефики со наслов „Договор за доживотна рента во Република Македонија и во споредбеното право“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гале Галев, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Родна Живковска, член, с.р.**
**Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Дејан Мицковиќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Ненад Гавриловиќ, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАВНА РАМКА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО ЕВРОПА, СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА СТУДИЈАТА НА СЛУЧАЈ ЗА КОСОВО “ ОД М-Р АРИАНА ЌОСА МУСТАФА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 01.11.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Ариана Ќоса Мустафа со наслов „Правна рамка против трговијата со луѓе во Европа, со посебен акцент на студијата на случај за Косово“, во состав: проф. д-р Билјана Поповска, проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Мелина Гризо (ментор), проф. д-р Мишо Докмановиќ и проф. д-р Исмаил Зејнели. Комисијата во наведениот состав со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

### Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација „Правна рамка против трговијата со луѓе во Европа, со посебен акцент на студијата на случај за Косово“ на кандидатката Ариана Ќоса Мустафа се состои од воведен дел, осум истражувачки поглавја, заклучок и препораки. Напишана е на 233 страници, 573 фусноти и обемна библиографија. Во **воведниот дел**, кандидатката ги објаснува своите тези и индикаторите врз кои почива истражувањето, нудејќи објаснување за потребата од проучувањето на трговијата со човечки битија, тема која во последните две децении сé повеќе го привлекува вниманието на бројни држави во светот. Во воведниот дел се истакнува дека трговијата со луѓе претставува нејасен термин, често поврзан со трговија со дрога и оружје, со проституција на жени и млади девојки и со транснационален организиран криминал. Останувајќи меѓу најприсутните профитабилни злосторства на локално и на глобално ниво, таа честопати е наречена „трговија со човечки битија“, „сексуална трговија“ или „сексуална индустрија“, а се поврзува со шверцување на луѓе, прекугранично движење или движење во рамките на една држава и може да вклучува различни форми на експлоатација. И покрај тоа што статистиките покажуваат дека мажите и момчињата ја сочинуваат речиси половината од луѓето кои биле предмет на ваквата трговија на глобално ниво, особено со цел присилна работа или питачење, дисертацијата се фокусира врз феномените на трговија со жени и девојчиња заради сексуална експлоатација. Истражувањето е насочено кон анализа на правниот одговор на Европската Унија (ЕУ) на проблемот на трговијата со луѓе, како и кон анализата на одговорот на Косово во однос на трговијата со луѓе, во согласност со правните барања на ЕУ.

При дискусијата за неодамнешниот развој на проблематиката во рамките на ЕУ, вклучувајќи ја студијата на одговорот на Косово на правните барања на ЕУ од оваа област, тезата методолошки се потпира врз историската и правната аналитичка перспектива. Истражувањето ја следи реакцијата на косовските

институции на криминалот поврзан со трговијата со луѓе, начините на неговото појавување по формирањето на меѓународна администрација на мисијата на Обединетите нации на Косово (УНМИК) во Косово, како и одговорот на косовските институции по 2008 година. Хронолошкиот период на анализа е избран со цел да се истражи одговорот на косовските институции на овој предизвик пред и по прогласувањето на независноста во 2008 година, кога бројни управни овластувања беа пренесени од УНМИК врз косовските институции.

Предмет на истражување се неодамнешните случувања на полето на правната теорија во однос на борбата против трговијата со луѓе на ниво на ЕУ и во меѓународното право воопшто, а особено прашањето за усогласеноста на косовските инсититуции со правните услови на ЕУ утврдени со Директивата 2011/36 за спречување и борба против трговија со луѓе и заштита на нејзините жртви. Како важен правен извор, оваа Директива претставува сеопфатен инструмент за анализа на разновидните одговори на државите членки на ЕУ и пошироко на предизвиците кои ги поставува трговијата со луѓе. Затоа, студијата на случајот на Косово нуди заклучоци поврзани со практичната примена на законската регулатива на ЕУ во разновидни контексти. Имено, и покрај тоа што Косово сè уште не е држава членка на ЕУ, процесите на интеграција во ЕУ се вклучени помеѓу неговите основни цели. ЕУ очекува од сите држави од Западен Балкан да ѝ посветат внимание на борбата против организираниот криминал, кој останува силен во регионот, без оглед на тоа дали станува збор за трговија со луѓе, дрога или оружје.

Во однос на користениот теоретски пристап, дисертацијата ги разгледува современите принципи и одговори на прашањата поврзани со борбата против трговијата со луѓе. Тој овозможува увид во хронологијата на правните одговори од страна на косовските институции во однос на барањата на ЕУ во врска со трговијата со луѓе, анализирајќи ги во длабочина политиките кои се имплементирани во практиката. Имено, усвојувањето на меѓународните конвенции како дел од меѓународното право отвори простор за регионални одговори кои балансираат помеѓу третманот на проблематиката како составен дел од борбата против организираниот криминал и пристапот заснован на човековите права. Помошта и заштитата на правата на жртвите на трговија со луѓе обезбедува побалансирани одговори кои се рефлектирани и во Директивата на ЕУ 2011/36 и кои отвораат простор за нови истражувања во различни контексти.

***Поглавје II*** нуди детален преглед на трговијата со жени и девојчиња на глобално ниво, основните причини за трговија со луѓе и видовите на трговци со луѓе. Истражувањето продолжува со дискусија за трговијата со луѓе од аспект на родовата перспектива и критика, како и различните научни дебати за ова прашање. Тоа нуди преглед на современата теорија и тековните пристапи при справувањето со трговијата со луѓе, при што се задржува врз феминистичката правна теорија која има силно влијание врз развојот на правната теорија на меѓународното право за трговијата со луѓе.

Особено е истакнат теоретскиот пристап на Кетрин МекКинон во „Политика на пеперутки“ (2017), според кој „отворањето на крилјата на пеперугата во Бразил може да предизвика торнадо во Тексас”. Зад оваа метафора стои пристап кој го прифаќа гледиштето дека глобалните интервенции овозможуваат интервенции на локално ниво, истовремено отворајќи простор за примена на глобални одговори. Трговијата со луѓе има третман на една категорија на „насилство врз жените“, при што се разгледани современите правни пристапи за решавање на

проблемот, особено од аспект на родовата перспектива. Според овој пристап, трговијата со сексуални односи е проблем на сексуалното насилство; тоа има свои придобивки, но не ги контролира длабоките тековни загуби.

Во ***Поглавје III*** се анализирани фазите, конститутивните елементи и компонентите во дефинирањето на трговијата со луѓе. Тоа дава преглед на актуелната состојба на трговијата со луѓе на глобално ниво, укажувајќи на бројни неточни перцепции кои постојат за ова прашање. Особено внимание е посветено на анализа на социо-економските фактори кои влијаат врз трговијата со луѓе и го попречуваат нејзиното успешно сузбивање. Истражувањето ги класифицира начините на работа на трговците со луѓе како носители на овие дејствија, нудејќи и анализа на категориите жени и девојки кои се жртви на ваквата трговија. Конечно, тоа завршува со анализа на феминистичката критика која е сконцентрирана околу одговори на прашањето дали се работи за проституција или за трговија со жени и девојки.

Истражувањето продолжува со ***Поглавје IV,*** кое ја следи еволуцијата на меѓународното право на трговијата со луѓе и засилувањето на пристапот заснован врз балансирање на различните начини на постапување при случаи на трговија со луѓе. Анализирани се постојните четири пристапи: а) дистанциран пристап кон трговијата со луѓе; б) пристап од аспект на кривично право; в) регулаторен пристап преку законодавство од областа на работните односи и емиграцијата/ бегалците; г) пристапот преку човековите права кој е применет и во соодветниот протокол на ОН од 2000 година. Пристапот е втемелен во членот 4 на Универзалната декларација за човекови права, според кој ниту еден човек не смее да биде држан во ропство; ропството и трговијата со робови се забранети во сите нивни форми. Анализата се потпира врз историската перспектива на правниот развој на меѓународно ниво и предвидува понатамошна дебата која мора да доведе до меѓународно договорената заедничка дефиниција за трговија со луѓе. Во овој контекст, контрадикторниот опис на проституцијата како најстара трговија во светот продолжува да ги дели теоретичарите, феминистичките научници и практичарите за тоа дали проституцијата е присилна или произлегува од слободниот избор на жените и девојчињата да се вклучат во сексуална трговија. Честопати се нарекува „сексуална трговија“ - појава што постоела уште од античко време, позната од римското право кое ја одржувало проституцијата како отворена и јавна, вклучувајќи ги барањата проститутките да се облекуваат во јавноста на начин кој го засилува нејзиниот комерцијален карактер; сè до неодамнешните времиња кога жените проститутки биле ограничени на одредени улици или населби или биле изложени на очите на јавноста како во случајот на Холандија. Поглавјето детално ја разгледува еволуцијата на меѓународното право на трговијата со луѓе и тенденцијата за балансирање помеѓу различните пристапи во постапувањето со случаи на трговија со луѓе.

Истражувањето укажува на предностите понудени со протоколот на ОН од 2000 година, според кој политиките и програмите што се развиваат треба да ги промовираат човековите права, да ги идентификуваат носителите на правата, односно жртвите на трговија и да ги идентификуваат носителите на должност кои се држави на системот на ОН и пошироко, како дел од меѓународното право за трговија со луѓе. Основните принципи и стандарди на меѓународното право за човекови права, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на еднаквост и недискриминација, универзалност на сите права и владеењето на правото треба да го водат одговорот во сите фази. Авторката нагласува дека во практика, сепак, останува да се види до која мера овие права се целосно издржани и почитувани.

***Поглавје V*** нуди историска анализа на развојот на правната дефиниција на трговијата со човечки битија од периодот на робовладетелството до дваесеттиот век. Ова поглавје го испитува развојот на трговијата со луѓе, потпирајќи се врз споредби на различни дефиниции, како и истражувајќи ги корелациите на шверцувањето, ропството и сексуалната експлоатација. Поглавјето нуди историска анализа на правната дефиниција на концептот „бело ропство“ и неговото постепено преобразување до дефиницијата постигната во Лигата на народите како „трговија на жени и девојчиња“, сé до актуелната дефиниција за прашањето на трговија со жени на меѓународно ниво кое подразбира истовремен одговор на ниво на секоја земја. Поглавјето особено го разгледува прашањето за дефинирањето на трговијата со жени во времето на Лигата на народите. Тоа нуди детална анализа на меѓународната дефиниција на овој поим, вклучувајќи го патот до утврдувањето на меѓународниот консензус за тоа како да се одговори на трговијата со луѓе како специфичен вид на транснационален криминал.

***Поглавје VI*** е посветено на последната фаза од развојот на дефиницијата за трговија со луѓе во меѓународното право. Имено, во повеќето дискусии помеѓу државите и невладините организации, вниманието е насочено кон наоѓање на согласност за сите конститутивни елементи на трговијата со луѓе, вклучително и идентификувањето на користените средства за време на циклусот на трговија со луѓе, како и при дефинирање на методите за експлоатација. Во глобализираниот свет на економска трговија, проследен со олеснувања на патните ограничувања на поединците, трговијата со луѓе сé повеќе се смета за феномен чие сузбивање не зависи само од меѓународно правното регулирање, туку и од соодветна домашна правна регулатива во сите засегнати држави. Поглавјето завршува со детално објаснување за новите елементи предвидени на меѓународното ниво по 2000 година - заедничкиот договорен пристап на ниво на ОН, како и регионални одговори, вклучително и изготвувањето и усвојувањето на Директивата на ЕУ 2011/36. Произлегува заклучокот дека меѓународната заедница долго време има нејасен пристап во дефинирањето на трговијата со луѓе, особено на жените и децата. Дури во 2000 година, меѓународната заедница успеа да се согласи за заедничка, поширока дефиниција на трговијата со луѓе и за усвојување на темелна дефиниција која е најшироко прифатена преку Протоколот на ОН од Палермо кој има 147 држави потписнички. Оваа дефиниција на трговијата со луѓе ги зема предвид правните, социјалните и економските случувања во различни држави, во исто време одразувајќи ја меѓународната природа на криминалот на трговија со луѓе како транснационален криминал.

Во рамките на ***Поглавје VII,*** анализиран е пристапот на ЕУ кон трговијата со луѓе, со посебен акцент врз урамнотежениот пристап на најновата правна регулатива, а особено Директивата 2011/36 и обврската на државите членки да ги заштитуваат, да ги почитуваат и да ги промовираат човековите права на жртвите на трговија со луѓе. Предмет на дискусијата се различните пристапи кон проблематиката, а особено дебатата за изготвување на дефиницијата на ова кривично дело. Анализирани се различните меѓународни и државни одговори при дефинирање на криминалот на трговија со луѓе. Поглавјето го отвора прашањето за „белото ропство“ како одлучувачки концепт кој често подлежи на критиката дека се потпира врз западноцентричен пристап, така поткопувајќи го третманот на ропството на глобално ниво. Истражувањето укажува дека овој концепт, сепак, успеа да ја мобилизира меѓународната заедница околу прашањето за тргување со жени и девојчиња како на национално, така и на меѓународно ниво.

Поглавјето дава детален преглед на правната регулатива на прашањето во рамките на ЕУ, вклучувајќи ги почетоците на развојот на овој правен домен преку дефинирање на криминалот на трговија со луѓе. Поглавјето особено се осврнува врз клучните одлуки на Европскиот суд за човекови права кои ја проширија идејата за позитивни државни обврски при третманот на случаи на трговија со луѓе. Опфатена е и анализа на предизвиците и недостатоците на различните фази на развојот на оваа правна област. Во изминатите две децении, ЕУ напорно работеше за да развие збир на правни и политички мерки за одговор на криминалот на трговија со луѓе. Така, во текот на 90-тите, во рамките на ЕУ, дискусиите главно се фокусираа на прашањето на миграцијата и регулаторната рамка за проституција. Трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација беше нејзиниот главен фокус. Поглавјето ги анализира активностите преземени на ниво на ЕУ за регулирање на трговијата со луѓе од страна на Европскиот парламент, Европската комисија и Европскиот совет, вклучително нивните стремежи за поизбалансиран пристап, кулминирајќи со усвојувањето на Директивата на 2011/36.

***Поглавје VIII*** е посветено на анализа на случајот на Косово. Тоа започнува со преглед на трендовите на оваа проблематика во регионот на Западен Балкан и на рутите за трговија со луѓе, објаснувајќи кои се трговците со луѓе, осврнувајќи се на модулите на трговија со луѓе, како и тековните трендови на криминалот на трговија со луѓе во Косово. Меѓу другото, поглавјето се осврнува врз прашањето за порастот на трговијата со луѓе на Косово за време на УНМИК.

Поглавјето продолжува со анализа на тековните состојби во примената на правото на ЕУ од оваа правна област. Имено, основната Директива на ЕУ 2011/36 балансира помеѓу пристапот базиран врз спречување и борба против трговија со луѓе, како и пристапот базиран врз заштитата на жртвите. Пристапот кој се потпира врз аспектот на човековите права е корисен за спречување на трговија со луѓе и заштита и помош на жртвите, додека организираниот пристап кон справување со криминалот го става акцентот врз гонењето на сторителите и борбата против организираниот криминал, чија компонента е трговијата со жени. Овој двостран пристап, врз кој инсистира ЕУ, располага со голем потенцијал за успешна борба против феноменот на трговија со луѓе, но останува допрва да се процени неговата ефикасност, имајќи предвид дека неговата имплементација на Косово започна неодамна. Поглавјето заклучува дека употребата на Директивата 2011/36 за спречување и борба против трговија со луѓе и заштита на жртвите овозможува поширока и ажурирана правна дефиниција за трговија со луѓе на Косово, а исто така, бара поизбалансиран одговор кон жртвите на трговијата со луѓе и гонењето на кривично дело трговија со луѓе.

Ова поглавје ја анализира правната рамка на Косово, нуди компаративна анализа на неговата усогласеност со барањата на ЕУ, правно приближување на законодавството на Косово од областа на борбата против трговијата со луѓе и завршува со анализа на тековниот институционален пристап на косовските институции при борбата против криминалот за трговијата со луѓе. Анализата продолжува со низа прашања за примената на меѓународните стандарди и правото на ЕУ од страна на косовските институции, особено на нивото на нивното практично спроведување.

***Поглавје IX*** нуди студии на случаи на гонење на криминалот на трговија со луѓе на Косово, заштитата и помошта на жртвите и нивна реинтеграција во косовското општество, во согласност со барањата на Директивата 2011/36. Поглавјето на тој начин нуди увид во тековните предизвици при спроведувањето

на постојните закони и меѓународните стандарди за човекови права во случајот со Косово, со специфично разгледување на пријавувањето и идентификацијата на жртвите, заштитата на жртвите, како и гонењето и казнувањето на кривичното дело трговија со човечки суштества по 2008 година. Понудена е анализа на овие стандарди, вклучително на продлабочените нивоа на имплементација. Особено внимание е посветено на анализата на тековниот институционален одговор поврзан со истрагата, гонењето и казнувањето на кривичните дела од областа на трговијата со луѓе, особено заштитата и помошта што им се дава на жртвите на трговија со луѓе во согласност со барањата на Директивата 2011/36. Анализата покажува дека неефикасно спроведување на законодавството поврзано со трговијата со луѓе е забележано во истрагата, гонењето и изречената казна за кривичното дело трговија со луѓе. Голем број на локални и меѓународни извештаи продолжуваат да покажуваат дека косовските институции имаат слаба улога, особено при државното гонење на случаи на трговија со луѓе.

Истражувањата покажуваат дека правосудството на Косово во континуитет не успева соодветно и ефикасно да ги казни злосторствата за трговија со луѓе, како што е предвидено со косовските закони. На пример, 2015 година го означи и најмасовниот број на пресуди за трговија со луѓе во Косово од 2010 година. Загрижувачки, продолжува практиката на изрекување казни кои се далеку под предвидениот законски минимум од пет години затвор. Овој тренд продолжил до 2017 година, при што само еден осуден добил пет години затвор и парична казна од 5.000 евра, додека 14 други добиле казни од 18 месеци до три години и седум месеци. Загрижувачки, обвинителите често ги деградираат случаите на помали кривични дела како „олеснување на проституцијата“, „сексуална злоупотреба на деца“ или „силување“, наместо класификација на делата како случаи на трговија со луѓе. Анализата укажува дека, честопати, судските власти ги обвинуваат жртвите за родово базирано насилство извршено врз нив, додека сторителите остануваат слободни или осудени со минимална казна затвор. Поради тоа, истражувањето укажува дека одговорот на правосудниот систем во текот на изминатата деценија останува слаб и примената на правната рамка останува неефикасна во практична смисла.

**Заклучокот и препораките** кои произлегуваат од истражувањето се осврнуваат на повеќе аспекти. Тие укажуваат на низа пропусти при исполнувањето на државните должности во областа на трговијата со луѓе и на потребата за ефикасно спроведување на меѓународното право за трговија со луѓе. На тој начин, неказнивост на сторителите продолжува, оставајќи ги на страна интересите на жртвите. Авторката заклучува дека мерки за заштита на жртвите на трговија со луѓе во Косово постојат, но остануваат низа предизвици во областа на повторното реинтегрирање на жртвите во општеството и гарантирањето на нивното право на еднакви можности. На пример, во согласност со Директивата на ЕУ 2011/36, законот предвидува низа специфични права, должности и одговорности за заштита на жртвите од трговија со луѓе, вклучително и правна помош, медицинска помош, психосоцијална поддршка, обезбедување компензација и други права. Сепак, невладините организации кои обезбедуваат засолништа продолжуваат да истакнуваат дека финансирањето од Владата е недоволно за да се задоволат потребите на жртвите. Покрај тоа, програмите за реинтеграција имаа ограничен успех како резултат на високата невработеност на Косово, како и недостатокот на ресурси што ги нуди Владата за давање приоритет за вработување на жртви на трговија со луѓе. Надоместок ретко е

доделен - само една жртва на трговија со луѓе е досега компензирана од државата.

Истражувањето завршува со заклучокот дека и покрај тоа што Косово вовело значителен број на закони и политики за обезбедување мерки за гонење, заштита и превенција на жртвите на трговија со луѓе, ефикасното обезбедување мерки за засолниште, идентификација и компензација на жртвите останува слабо. Ова влијае и врз обезбедувањето можности на жртвите да се дистанцираат од одредена насилна ситуација со која се соочуваат за време на циклусот на трговија со луѓе, како и да се одлучат за независно живеење и реинтеграција во општеството.

Заклучокот потенцира дека се неопходни, исто така, глобални реакции за криминалот на трговија со луѓе како транснационален криминал, но и ефективни одговори на ниво на земјата. Употребата на меѓународното право за трговија со луѓе, вклучувајќи го и регионалниот одговор на ЕУ, обезбеди место и го зголеми известувањето за криминалот на трговија со луѓе на Косово, по преземањето на соодветни правни мерки. Сепак, анализата го покажува пропустот на косовскиот правен систем да одговори на феномените. Поради тоа, истражувањето завршува со низа практични препораки за подобрување на нивото на имплементација на меѓународните стандарди, како и на правото на ЕУ.

## Заклучок и предлог

Горе наведениот преглед на докторската дисертација на Ариана Ќоса Мустафа на тема „Правна рамка против трговијата со луѓе во Европа, со посебен акцент на студијата на случај за Косово“ укажува на фактот дека кандидатката реализирала обемни истражувања на различни аспекти на анализираната проблематика. Таа располага со солидни познавања на темата, следи кохерентна методолошка рамка и располага со добри познавања на македонскиот јазик кој не е нејзин мајчин јазик. Истражувањата се однесуваат на правни прашања кои во регионот се малку проучувани и поради тоа даваат значаен придонес за разбирањето на предизвиците на имплементацијата на меѓународното право во правниот систем на една држава. Поради сето наведено, оценуваме дека истражувањето е успешно завршено.

Врз основа на изнесениот приказ и оценка, Комисијата едногласно и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да го усвои овој Извештај со позитивна оценка и да ѝ овозможи на кандидатката Ариана Ќоса Мустафа да пристапи кон јавна одбрана на нејзиниот докторски труд.

**К О М И С И Ј А**

**Проф. д-р Билјана Поповска, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.**
**Проф. д-р Мелина Гризо, с.р.**
**Проф д-р Исмаил Зејнели, с.р.**
**Проф. д-р Мишо Докмановиќ, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

За **ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК** ВО СИТЕ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА
**физиологија, ЗООфизиологија, друго и ЕНЗИМИ** НА
заводот за физиологија и биохемија ПРИ
ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА НА
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, донесена на седницата одржана на 28.11.2019 год., избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник од областа на физиологија, зоофизиологија, друго и ензими на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

**На конкурсот објавен во „Слободен печат” и „Коха” од 6.11.2019 година се пријави само еден кандидат, д-р Биљана Миова, вонреден професор на Заводот за физиологија и биохемија на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.**

По анализата на приложените материјали од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**I. Биографски податоци**

Кандидатката д-р Биљана Миова е родена на 7.3.1973 год. во Велес, каде штого завршила основното и средното образование. На Природно-математичкиот факултет во Скопје, на Институтот за биологија, биохемиско-физиолошка насока, се запишала во учебната 1990/1991, а дипломирала во 1996 г. со среден успех 9.19. Во текот на студиите била член на Интернационалната организација за размена на студенти за техничко усовршување (ИАЕСТЕ) во чии рамки биле реализирани три стручни пракси.

По дипломирањето во учебната 1996/97 година се запишала на постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје - биохемиско-физиолошка насока, а во 2003 година го одбранила магистерскиот труд под наслов „Влијание на високата надворешна температура врз некои ензими и супстрати од јаглехидратниот метаболизам во разни ткива кај стаорец”.

Докторската дисертација под наслов „Аклимација на умерена хипертермичка средина и генска експресија на клучни ензими од јаглехидратниот метаболизам кај никотинамид/стрептозотоцин дијабетични стаорци”, ја одбранила во 2010 година на Природно-математичкиот факултет.

По дипломирањето, кандидатката како **демонстратор** била вклучена во реализација на практичната настава на Институтот за биологија, во периодот од 1999 до 2001 година. Како **помлад асистент** е избрана во 2001 година (Билтен бр. 785 од 14.09.2001), реизбрана во истото звање е во 2003 година (Билтен бр. 834 од 1.9.2003), во 2004 година е избрана во звањето **асистент** (Билтен бр. 857 од 15.9.2004) и реизбрана во истото звање во 2007 година (Билтен бр. 920 од 15.5.2007) при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во 2010 година е избрана во наставно звање **доцент** по група предмети од областа на анимална физиологија, екофизиологија и ензимологија (Билтен бр. 987 од 1.6.2010 год.), додека во 2015 е избрана во звањето **вонреден професор** (Билтен бр. 1097 од 01.04.2015) во Заводот за физиологија и биохемија на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на кое работно место се наоѓа и денес.

Член е на Македонското биолошко друштво, Друштвото на физиолози и антрополози на Македонија, Друштвото на клинички биохемичари на Македонија, Македонското здружение за лабораториска медицина и наука, како и во Комисијата за благосостојба на животни при УКИМ.

**II. Наставна дејност**

Во изминатиот период, кандидатката д-р Биљана Миова била активно вклучена во изведувањето на теоретската и практичната настава на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во периодот 2015-2019 година, како вонреден професор на Институтот за биологија, д-р Миова била ангажирана во реализирањето на теоретската настава по задолжителните предмети: Анимална физиологија, Екофизиологија, Применета физиологија и Лабораториски практикум, како и во изведувањето на теоретската настава по изборните предмети Експериметалнa физиологија, Култура на анимални ткива и Применета ензимологија. Дополнително, проф. д-р Биљана Миова била вклучена и во осовременувањето на практичната настава по наведените предмети. Со воведување на новата студуска програма по нутриционизам, д-р Миова реализира и подготовка на теоретска и практична настава по предметот Исхрана и метаболизам 1. Проф. Миова, во извештајниот период активно е вклучена во реализацијата на наставата во вториот и третиот циклус студии организирани од Институтот за биологија.

Проф. д-р Миова активно била вклучена и во изработката на експерименталниот дел од релативно голем број дипломски работи (14 дипломски работи во изборниот период) кои се изведуваат на Катедрата за анимална физиологија, екофизиологија и ензимологија.

**III. Научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Биљана Миова, во изминатиот период, активно била вклучена и во научноистражувачката работа на Заводот за физиологија и биохемија и Институтот за биологија, пред сè од областа на анималната екофизиологија, ензимологијата и молекуларната биологија.

Како резултат на научноистражувачката активност, кандидатката **има објавено вкупно 26 трудови, од кои по изборот во звањето вонреден професор - вкупно 9 научни трудови кои** се објавени во статии со импакт фактор. Дел од добиените резултати кандидатката ги презентирала на научни собири и конгреси во земјата и во странство (**вкупно 49 соопштенија, од кои 8 по изборот во звањето вонреден професор**).

Проф. д-р Биљана Миова по изборот во звањето вонреден професор била ментор на една докторска дисертација и на еден магистерски труд, а како член на Рецензентска комисија на 3 докторски дисертации и на 3 магистерски трудови.

| | Problem Based Learning İn Dental Student`S Science Education<br>13th International Balkan Education and Science Congress, Trakya University – Edirne: Proceedings, 6-8 September 2018: 451-459<br><br>4th International Conference “Education Across Borders” - Education in the 21st Century: Challenges and Perspectives, Florina, Greece. 19th – 20th Oct. 2018<br>**Kirkov Antonio**<br>Contemporary teaching and evaluation methods in dental student`s science education<br>4th International Conference “Education Across Borders” - Education in the 21st Century: Challenges and Perspectives, Florina, Greece: Book of abstracts<br>19th – 20th Oct. 2018: 31 | **1**<br><br>1 |
| **9** | **Учество на научен/стручен собир со реферат - постерска презентација (*0,5):** | |
| | 23rd Congress of the European Association for Cranio-Maxillofacial Surgery, London, 13-16 September 2016<br>Benedetti, S. Naumovski, V. Popovski, D. Popovik Monevska, **A. Kirkov**, G. Pancevski, S. Dvojakovska, A. Stamatoski.<br>Giant Salivary Calculi of the submandibular glan: A Case Report<br>23rd Congress of the European Association for Cranio-Maxillofacial Surgery, London, 13-16 September 2016 | **0,5** |
| **10** | **Апстракти објавени во зборник на конференција - меѓународна (*1):** | |
| | Benedetti, S. Naumovski, V. Popovski, D. Popovik Monevska, **A. Kirkov**, G. Pancevski, S. Dvojakovska, A. Stamatoski.<br>Giant Salivary Calculi of the submandibular glan: A Case Report<br>23rd Congress of the European Association for Cranio-Maxillofacial Surgery, London, 13-16 September 2016<br><br>Џипунова Б., Тошеска – Спасова Н., **Кирков А.**, Радојкова – Николовска В., Поповска М.<br>Комбиниран ортодонтски и ортогнатохируршки третман на прогенија<br>Книга на апстракти, III конгрес на Здружението на специјалисти по ортодонција при МСД со меѓународно учество, Охрид, Македонија, 12-15 мај 2016:112<br><br>**Kirkov Antonio**<br>Problem Based Learning İn Dental Student`S Science Education<br>13th International Balkan Education and Science Congress, Trakya University – Edirne: Book of Abstracts, 6-8 September 2018: 103<br><br>**Kirkov Antonio**<br>Contemporary teaching and evaluation methods in dental student`s science education<br>4th International Conference “Education Across Borders” - Education in the 21st Century: Challenges and Perspectives, Florina, Greece: Book of abstracts<br>19th – 20th Oct. 2018: 31 | **1**<br><br>**1**<br><br>**1**<br><br>**1** |
| | **Вкупно** | **51,051** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **Книга од стручна област – коавтор (*7):** | |
| | ХПВ - инфекција и асоцирани болести – превенција, дијагноза и третман | **7** |
| **2** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија (*1)** | |
| | Основен суд – Битола, (вештачење и супервештачење) | **2** |
| **3** | **Идеен проект - учесник/соработник (*1)** | |
| | Стоматолошки факултет - амфитеатар | **1** |
| **4** | **Учество во промотивни активности на Факултетот (*0,5):** | |
| | - Отворени денови на УКИМ, 2015<br>- Отворени денови на УКИМ, 2016<br>- Отворени денови на УКИМ, 2017<br>- Запознај го УКИМ, 2018<br>- Запознај го УКИМ, 2019 | **0,5**<br>**0,5**<br>**0,5**<br>**0,5**<br>**0,5** |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| **5** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект – соработник (*0,5):** | |
| | „Употреба на фотограметрија за тродимензионална анализа на краниофацијалната морфологија“ – 2018 г. | **0,5** |
| **6** | **Раководител на внатрешна организациона единица (*3)** | |
| | Раководител на стационар при УК ЈЗУ Клиника за максилофацијална хирургија – Скопје. | **3** |
| | **Вкупно** | **16** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **53,14** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **51,051** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **16** |
| **Вкупно** | **120,191** |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Антонио Кирков.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Антонио Кирков поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област максилофацијална хирургија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Антонио Кирков да биде избран во звањето вонреден професор во научната област максилофацијална хирургија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владимир Поповски, претседател с.р.**
**Проф. д-р Алберто Бенедети, член ср.**
**Проф. д-р Александар Грчев, член ср.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОЦЕНКА НА СКЕЛЕТНИ, ДЕНТОАЛВЕОЛАРНИ И МЕКОТКИВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МАЛОКЛУЗИЈА II КЛАСА 1- во ОДДЕЛЕНИЕ" ОД Д-Р ИРЕНА ГАВРИЛОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на 22. седница одржана на 20.12.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Ирена Гавриловиќ со наслов „Проценка на скелетните, дентоалвеоларните и мекоткивните карактеристики на малоклузија II класа 1-во одделение”, во состав: проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова (претседател), проф. д-р Лидија Кануркова (ментор), проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска (член), проф. д-р Наташа Тошеска Спасова (член), и проф. д-р Маја Поп Стефанова Трпоска (член).

Комисијата, во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Ирена Гавриловиќ, со наслов **Проценка на скелетните, дентоалвеоларните и мекоткивните карактеристики на малоклузија II класа 1-во одделение**, содржи 136 страници, компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со 1,5 проред и големина на букви 12.

Содржината е поткрепена со 4 слики, 12 графикони и 37 табели. Во обликувањето на докторската дисертација се искористени 86 референци од литература од понов датум, претежно од странски автори (меѓу нив, научни трудови, статии, книги, интернет - ресурси и сл.).

Дисертацијата содржи десет дела: кратка содржина, вовед, литературен преглед, цел на испитувањето, материјал и метод, резултати, дискусија, заклучоци, користена литература и прилози. Деловите се систематизирани во наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во првиот дел од студијата кој е насловен, **Содржина**, авторката прецизно и последователно и систематизирано ги прикажува поглавјата кои се содржани во готовиот докторски труд.

Во **воведот** на трудот, кандидатката укажува на важноста на правилната проценка на малоклузиите, класифицирани по Angle (во антеропостериорен правец), кои се јавуваат не само на денталните структури, туку овие промени имаат свое влијание и на меките ткива на лицето. Кандидатката дава посебен осврт на промените кои се јавуваат кај малоклузија од II класа 1-во одделение, која се манифестира со протрузија на максиларните инцизиви. Овие промени се манифестираат со промени во дентоалвеоларните структури, промени на коскените ткива на максилата и мандибулата, а тоа резултира со промени на мекоткивните структури, односно сето тоа има реперкусија во позицијата на

усните, односно тоа влијае и на насмевката, која има голема улога во естетскиот изглед на пациентите.

Понатаму, во воведот, кандидатката детално ги објаснува анализите кои се прават на профилни телерадиографски снимки и наведува податоци за користење на тие анализи во дијагностиката на денталните и скелетните ортодонтски неправилности. Се е тоа со цел да се одреди позицијата на максилата и мандибулата во однос на предната кранијална база, нивниот меѓсебен однос и ја потенцира важноста од проценување на апикална и базална коска на максилата и мандибулата.

Исто така, кандидатката ги образложува методите за телерадиографска анализа и естетика на насмевката и дава историски осврт на нивно појавување и користење во доменот на дијагностиката на вертикалната, сагиталната и хоризонталната пропорционалност на скелетните, денталните и мекоткивните структури. Поединечно ги објаснува и ги образложува и телерадиографските анализи на апикалната и базалната коска на максила и мандибула, како директна метода во дијагностика на коскената потпора за ретрузивни и интрузивни движења на инцизивите.

Во воведниот дел, кандидатката цитира 25 истражувачи, чиј предмет на внимание се примената на теларадиографски анализи и анализи на промените на меките ткива, односно промените на поставеноста на усните и промените на насмевката што се јавуваат кај малоклузија од класа II/1.

Во вториот дел што се надоврзува на воведот е **прегледот низ литературата**. Целокупната користена литература која кандидатката ја прикажала е богата, хетерогена и во целост одговара на темата на обработка. Од неа се гледа дека кандидатката црпела идеи и искуства. Преку цитирање на 73 автори, таа ги објаснува методите кои се користат за класификација, дијагностика и одредување на план на терапија на сагиталната ортодонтска неправилност – малоклузија класа II/1. Тргнувајќи од најприфатените и најкористените класификации во доменот на ортодонтските сагитални неправилности како Angle-овата класификација, одредување на мекоткивните параметри, таа во целост ја образложува етиологијата и манифестацијата на сагиталните ортодонтски неправилности - малоклузиите. Во понатомашниот дел од литературниот преглед, кандидатката дава богат опис и на телерадиографските анализи кои ја одредуваат ширината и висината на алвеоларната и базалната коска на максила и мандибула и инклинација на максиларните и мандибуларните инцизиви во однос на нивните референтни рамнини. Освен овие анализи, од цитираната литература кандидатката ги истакнува и мерењата на истите параметри но направени на CBCT - снимки, како понова и попрецизна метода во анализирање на дадените вредности. Цитирајќи голем дел автори, кандидатката укажува и на можноста од појавата на несакани ефекти, при ретризивни или интрузивни движења на забите, како фенестрации, дехисценции и појава на ресорпција на апексот на корените на инцизивите.

Кандидатката Ирена Гавриловиќ во литературниот преглед ги елаборира промените кои се јавуваат на меките ткива кај присутната малоклузија од II класа 1-во одделение, како што се промените во поставеноста на усните во однос на естетската линија по Ricketts, промените на големината на букалниот, промените кои влијаат на естетиката на насмевката, а со тоа и на целокупната лицева естатика, давајќи целосен осврт на карактеристиките и промените кои ги дава оваа малоклузија.

Литературниот преглед, освен што е броен, е и од поново време, што зборува за оправданоста на материјалот кој е работен.

Третата глава, означена како **Цел на трудот**, концизно и јасно ги претставува целите на испитувањето. Во неа, кандидатката преку 8 утврдени цели ја поставува насоката на оваа студија за да ја определи коскената база како потпора на максиларните и мандибуларните инцизиви, која треба да се процени на теле-радиографски снимки за да може да се спроведе соодветната терапија кај пациенти со оваа малоклузија класа II/1. Бидејќи оваа неправилност дава реперкусии на меките ткива и промени на естетскиот изглед на пациентите и естетиката на насмевката, затоа кандидатката во ова испитување ја анализира насмевката кај пациенти со присутна малоклузија класа II/1. Па оттука се формулираат и поставените цели:

1. да се одредат скелетните односи на вилиците;
2. да се одреди големината на апикалната и базалната коскена основа на максила и мандибула кај пациенти со малоклузија класа II/1 и нормална оклузија;
3. да се одреди поставеноста на инцизивите во однос на нивните референтни рамнини;
4. да се одреди телерадиографска позицијата на усните во однос на естетската рамнина, да се утврди дали меките ткива ги следат промените на коскената основа;
5. да се одреди интраорално големината на букалниот простор;
6. да се одреди горната линија на насмевка кај испитаници со нормална оклузија и испитаници со малоклузија класа II/1, пред и после ортодонтската терапија;
7. да се одреди кој тип на насмевка е присутен, според комисурата, дали е комисурална, супракомисурална или инфракомисурална и нејзина застапеност;
8. да се види дали постои корелација помеѓу должината на горната усна и должината на максиларните инцизиви (односно видливоста на инцизивите), кај испитаници со нормална оклузија и испитаници со малоклузија класа II/1.

Во поглавјето **Материјал и метод**, кандидатката темелно и јасно го разработува материјалот кој го користела во своето испитување. Испитувањата се спроведени во просториите на Стоматолошкиот факултет во Скопје, Стоматолошки универзитетски клинички центар, “Свети Пантелејмон” – Скопје.

За реализација на поставената цел анализирани се 90 телерендгенски снимки, од кои, 60 телерендгенски снимки се од испитаници со малоклузија II класа 1-во одделение и 30 испитаници со нормална оклузија. Сите испитувани пациенти се на возраст од 12 до 18 години.

Секоја телерендгенска снимка е исцртана на паус хартија и се направени мерења на следниве параметри:

- склетни и дентални телерендген мерења:

- ангуларни телерадиографски мерења: SNA – поставеност на максила во однос на предна кранијална база, SNB – поставеност на мандибула во однос на предна кранијална база, ANB – меѓусебен однос на максила и мандибула, 11/Sp – инклинација на максиларните инцизиви-11 во однос на палатинала рамнина, по Schwarz, 31/Mp – инклинација на мандибуларните инцизиви-31 во однос на мандибуларната рамнина, по Tweed, Is/Ii – интернцизивен агол, агол помеѓу максиларни и мандибуларни инцизиви, по Downs;

- линеарни телерадиографски мерења: Sna-Snp – должина на телото максилата, Go-Gn – должина на телото на мандибулата, MxAD – максиларна алвеоларна длабочина (од A до A’), MxBaD – макслрна базална длабочина,

MxIAH – максиларна алвеоларна висина од инцизалната ивица на максиларни инцизиви-11 до палатинална рамнина, MxAH – максиларна алвеоларна висина на коренот – од Supra dentale до палатинална рамнина, MdAD – мандибуларна алвеоларна длабочина (од B до B’), MdBaD – мандибуларна базална длабочина, MdIAH – мандибуларна алволарна висина од инцизална ивица на мандибуларен инцизив-31 до мандибуларната рамнина, MdAH – мандибуларна алвеоларна висина на корен –од Infra delntale до мандибуларната рамнина

Мерени се и линеарни телерадиографски мерења на мекоткивниот профил: UL – EL – од напроминентниот дел на горна усна до естетска линија-EL по Ricckets, LL – EL – од најпроминентниот дел на долна усна до естетска линија-EL по Ricckets, Ul –должина на горна усна (од Subnasale-Sn до долна ивица на горна усна), UL – дебелина на горна усна (од максиларните инцизиви-11 до Labrale superior-Ls), Ll – должина на долна усна (од горна ивица на долна усна до sulcus mentolabialis), Ll – дебелина на долна усна (од мандибуларните инцизиви-31 до Labrale inferior-Li), експозиција максиларните инцизиви, 11 – од stomion до инцизална ивица на максиларен инцизив.

Во втората насока од испитувањето, естетската компонента на оваа малоклузија на екстаоралните промени, дополнително е испитана на уште 60 испитаници, од кои 30 се со малоклузија класа II/1, пред и после ортодонтската терапија и 30 испитаници се со нормална оклузија.

За анализа се користат следниве екстраорални параметри, мерени екстраорално: должина на перманентен лев максиларен инцизив (21) – од инцизалниот раб на максиларниот инцизив до највисоката точка на маргиналната ивица; горна линија на насмевка при максимално смеење – хоризонталата која поминува низ цервикалната ивица на максиларните централни инцизиви е нулта точка. На неа се замислива нормала, која поминува низ средината на лицето, градуирана во мм. Се мери растојанието од нултата оска до долниот раб на горната усна при максимална насмевка. Ова растојание е “+”, кога усната е над нултата оска и “-“, кога усната е под него; висина на горна усна при мирување – кога мандибулата е во физиолошко мирување и се мери растојанието од Sn до долната ивица на горната усна (мм); висина на горна усна при максимална насмевка; растојание помеѓу долната ивица на горната усна и инцизалниот раб на горниот максиларен инцизив при смеење; вид на насмевка – се повлекува линија која поминува помеѓу комисурите на устата, служи како референтна линија врз основа на која се добиваат 3 типа на дентолабијална насмевка - супракомисурална – кога базата на слободниот раб на горната усна е над интеркомисуралната линија, -комисурална – кога базата на слободниот раб на горната усна се совпаѓа со интеркомисуралната линија и инфракомисурална – кога базата на слободниот раб на горната усна е под комисуралната линија; тотална антериорна лицева висина – Trichion – најдолен раб на брада; горна третина на лице – Trichion – Supranasale; средна третина лица – Supranasale – Subnasale; долна третина на лице – Subnasale – најдолна ивица на брада; долна третина на лицето е поделена на две третини – горната третина од Sn до средина на усните и долните две третини од средина на усните до најдолниот раб на брадата; интеркомисурална должина – растојание помеѓу комисурите на усните при максимална насмевка; интерлабијален простор – растојание помеѓу долниот раб на горната усна и горниот раб на долната усна при максимална насмевка; букален (негативен) простор – просторот кој се јавува помеѓу букалната страна на максилатрните постериорни заби кои се гледаат и комисурата на усните при максимална насмевка.

Во делот **Резултати** обемно се прикажани сите добиени вредности од испитувањето. При тоа, кандидатката направила корелација на добиените податоци, што дава прегледност и ја објаснува првобитната идеја на ова испитување. Практично, ја образложува и ја оправдува основната замисла на авторот. Со извршените премерувања на телерендгенските снимки, кандидатката Ирена Гавриловиќ го прикажува антерио – постериорниот однос на максилата и мандибулата во однос на предната кранијална база, ги добива резултатите кои ја покажуваат поставеноста на инцизивите во однос на нивните референтни рамнини, големината на алвеоларната и базалната коска на максила и мандибула кај пациенти со нормална оклузија и кај пациенти со малоклузија од II класа 1-во одделение, позицијата на усните во однос на Естетската рамнина и нивната должина и дебелина.

Кандидатката дава приказа на разликите на скелетни, дентални и мекоткивни телерендгенски вредности кај испитаници со малоклузија класа II/1 и испитаници со нормална оклузија, каде што користи метод на мерење по Schwarz, за вредноста на инклинација на максиларните инцизиви-11 во однос на палатинала рамнина, метод на мерење по Tweed за вредноста на инклинација на мандибуларните инцизиви-31 во однос на мандибуларната рамнина, метод на мерење по Ricckets, за поставеноста на горната и долната усна во однос на естетската рамнина.

Кандидатката дава приказ на разликите помеѓу екстраоралните параметри кај испитаници со малоклузија класа II/1, пред и по спроведена ортодонтска терапија и истите екстраорални параметри споредени кај испитаниците со нормална оклузија.

Кандидатката ја разработила и половата дистрибуција за сите дадени испитувани параметри.

Во овој труд, кандидатката дава табеларен и графички приказ на процентуалната застапеност на видот на насмевката според комисурата на устата, кај испитаници со нормална оклузија, испитаници со малоклузија класа II/1 пред ортодонтска терапија и испитаници со малоклузија класа II/1 по ортодонтската терапија.

На крајот од резултатите, кандидатката дава корелациски односи кај испитаници со малоклузија класа II/1, пред, по терапија и кај испитаници со нормална оклузија во односот на висина на горна усна и должина на максиларниот инцизив.

Поглавјето **Дискусија** е систематично подредено според редоследот на испитувањата. Тука, кандидатката ги дискутира и ги поврзува своите резултати со другите резултати кои ги има во литературата, а се директно врзани со оваа проблематика.

Употребувајќи телерадиографска Steiner-ова анализа, кандидатката ги добива вредностите на аглите SNA, SNB и ANB - аголот, кои го утврдува антерио-постериорниот однос на максилата и мандибулата. Наоѓа дека вредноста на IMPA (по Tweed) аголот е намалена кај испитаници со малоклузија класа II/1, што укажува на нивна ретрузија и потенцирање на присутната малоклузија.

Коскената основа во алвеоларниот и во базалниот дел на максиларната и на мандибуларната коска (MxAD, MxBaD, MdAD, MdBaD, MdAD) е важна компонента каде што се сместени корените на забите. Укажува дека морфолошките карактеристики, како ширина и висина на коската во оваа регија, на максилата и мандибулата, ја дефинираат границата каде што може да се изведуваат движењата на инцизивите како ретрузија, протрузија, интрузија или екструзија на забите во фронталната регија.

Во останатиот дел од дискусијата кандидатката се задржува на делот на поставеноста на усните во однос на естетската линија по Ricketts и наоѓа дека кај испитаниците со малоклузија класа II/1 горната усна е поблиску до оваа линија, што кореспондира со податоците кои се најдени во литературата.

Во однос на должината и дебелината на горната и долната усна, кандидатката не наоѓа значајни разлики кај испитаниците со малоклузија класа II/1 и испитаниците со нормална оклузија.

Кандидатката ги испитува вредностите на висината на горната усна при мирување и при насмевка, кај испитаници со малоклузија класа II/1 пред и после ортодонтската терапија и резултатите кои ги добива укажуваат дека пациентите со присутна малоклузија класа II/1 имаат пократка горна усна и тоа машките незначително пократка во однос на женските испитаници. Тоа резултира и со поголема експонираност на максиларните инцизиви. Добиентите вредности укажуваат дека по ортодонтската терапија кај пациенти со малоклузија класа II/1 доаѓа до зголемување на висината на горната усна и намалена експозиција на инцизивите.

Во доменот на влијанието на букалниот простор на естетиката на насмевката, кандидатката наоѓа дека по ортодонтската терапија кај испитаници со малоклузија класа II/1 доаѓа до намалување на овој простор и подобрување на насмевката кај овие пациенти.

Литературните податоци сé повеке се зголемуваат за оваа проблематика и добиените резултати апсолутно корелираат со литературните сознанија.

Податоците за кој вид на насмевка е застапен укажуваат дека комисуралната насмевка е застапена со 70 % кај испитаниците со нормална оклузија, 60 % кај испитаниците со малоклузија класа II/1 пред терапија и 83 % кај испитаниците со малоклузија класа II/1 по терапија, додека супракомисуралната насмевка е застапена со 30 % кај групата со нормална оклузија, 40 % кај групата со малоклузија класа II/1 пред терапија и 17 % кај групата со малоклузија класа II/1 по терапија.

Оваа студија содржи релевантни податоци за промените на скелетните, дентоалвеоларните и мекоткивните структури кои се манифестирани кај пациенти со малоклузија класа II/1, споредени со испитаници со нормална оклузија, нивниот степен на експресија, содржи податоци за телерадиографска анализа на овие промени и резултати од екстраоралните параметри кај истите испитаници.

**Заклучоците**, дефинирани во овој дисертациски труд, се резултат на опсежна и долга работа. Претставени се во повеќе точки, со јасен израз. Тие се потврда од добиените резултати, разгледани низ призмата од литературата и дискусијата. Кандидатката е точна во изразот и поентата. Мислата од заклучокот претставува затворање на кругот како една целина.

Последното поглавје, **Литературен преглед**, содржи 86 референци, правилно нумерирани, по редослед на појавување во текстот. Референците се од понови датуми, но не изостануваат и референци од постари датуми. Ова ја покажува присутноста и актуелноста на проблематиката низ времето.

Во поглавјето **Прилог,** претставени се 4 слики. На првата и втората слика се приказани профилни слики на глава, на кои се направени дентоалвеоларни, коскини и мекоткивни премерувања; на третата слика се прикажани мерењата кои се однесуваат на насмавката, а на четвртата слика е прикажана анфас фотографија со поделбата на трите третини на лицето.

**Предмет на истражување** во оваа докторска дисертација е детерминирањето на морфолошките промени на максиларните и

мандибуларните скелетни и дентални структури кај пациенти со малоклузија класа II/1, споредени со испитаници со нормална оклузија, утврдувањето на степенот на изразеност на овие неправилности, притоа употребувајќи ја телерадиографска анализа на скелетни и дентални (линеарни и ангуларни) премерувања и телерадиографски линеарни премерува на меките ткива и премерување на екстаоралните параметри кај испитаници со малоклузија класа II/1 пред и по ортодонтската терапија и кај испитаници со нормална оклузија.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Подрачјето чиј предмет на истражување го содржи овој труд е актуелен. Докторската дисертација која ни е на увид укажува дека кандидатката добро ја апсолвирала проблематиката на научната дисциплина поврзана со истражувањата кои ги реализирала. Литературата која е користена и цитирана во докторската дисертација е од релевантни автори и списанија со понови датуми.

**Краток опис на применетите методи**

Во оваа студија се опфатени 90 телерадиографски снимки од пациенти и испитување на екстраорални параметри кај 60 пациенти. Телерадиографските снимки се исцртани на паус хартија и направена е анализа на дадените параметри и извршени се директни мерења екстраоралните параметри.

**Статистичката анализа** е реализирана со статистичката програма Statistics 10.0; SPSS 20.0. Добиените испитувани вредности се класифицирани во Excel табели, за подобра прегледност на податоците. Добиените вредности се прикажани табеларно и графички. Атрибутивните статистички серии анализирани се со утврдување на статистичката значајност меѓу откриените разлики со помош на студентскиот t тест. Нумеричките серии анализирани се со мерки на централна тенденција и со мерки на дисперзија на податоците (средна вредност и стандарна девијација). За да се измери степенот на линеарна врска или корелацијата на два параметра, користен е коефициент на корелација на Pearson. За да се изрази застапеноста на насмевка во однос на комисурата користен е процентуалниот однос. Резултатите се табеларно и графички прикажани.

**Оцена на трудот**

Согласно со комплетно приложената документација, деталната анализа на докторската дисертација, актуелноста на темата, како и досегашната стручна и научна работа на кандидатката, Комисијата смета дека докторската дисертација на м-р Ирена Гавриловиќ, со наслов **Проценка на скелетните, дентоалвеоларните и мекоткивните карактеристики на малоклузија II класа 1-во одделение**, научно подрачје стоматологија, од областа ортодонција, според актуелноста, зацртаните цели, прикажаниот материјал и методологија, статистичката обработка и добиените резултати кои се адекватно обработени и презентирани во корелација со литературата, целосно ги задоволува правилата и критериумите на докторска дисертација.

Истражувањата од оваа студија партиципираат во прогресија на научноистражувачката мисла, но и широката клиничка практика.

Научниот придонес од оваа докторска дисертација е што овие податоци добиени од истражувањето ќе овозможат избор на најдобри параметри, како телерадиографски така и мекоткивни екстраорални, во одредување на правилна дијагноза и поставување на план на терапија кај пациенти со малоклузија класа II/1 и утврдување на степенот на нивната изразеност и одредување на естетиката на лицето. Оваа студија ја нагласува важноста на утврдувањето на врската помеѓу мекоткивните и коскените параметри на краниофацијалниот комплекс, кое има големо значење во разбирањето на промените на краниофацијалните структури. Сметаме дека проценката на големината на алвеоларната и базалната коскена основа се важни параметри за предвидување на ретрузивните и интрузивните движења на максиларните инцизиви, со цел да се избегне појава на несакани ефекти, како фенестрации, дехисценции и ресорпција на апексот на корените. Со тоа ќе се овозможат стабилни резултати од ортодонтската терапија и ќе се намали можноста за појава на рецидиви во ретенционата фаза.

## Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. **Irena Gavrilovikj**, Lidija Kanurkova, Gabriela Kurcieva Cuckova, Biljana Bogdanovska - Tele-roentgen analysis of changes in skeletal and soft tissue in patients with class II Division 1 Malocclusion and normal occlusion – Macedonian Dental Reviw ISSN 2545-4757, 2018; 41 (4):101-107.
2. **Gavrilovikj I**, Kanurkova L, Bogdanovska B, Kjurchieva- Chuchova G - Changes in the buccal corridor space in patients with Class II Division 1 Malocclusion before and after orthodontic therapy - Macedonian Dental Reviw ISSN 2545-4757, 2019 42(3): 85-88.

## Заклучок и предлог

Главни научни придонеси на кандидатката се: избор на најдобри параметри, како теларадиографски така и мекоткивни екстраоорални параметри, утврдување на степенот на изразеност на малоклузија класа II/1 и нејзина реперкусија на естетиката на лицето.

Врз основа на реализацијата на поставените цели, анализата на резултатите и нивната компарација со бројни релевантни автори, докторската дисертација ќе даде сериозен придонес во развојот и унапредувањето на научноистражувачката мисла и дејност.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката д-р Ирена Гавриловиќ со наслов **Проценка на скелетните, дентоалвеоларните и мекоткивните карактеристики на малоклузија II класа 1-во одделение**.

## КОМИСИЈА

**Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова, претседател с.р.**
**Проф. д-р Лидија Кануркова, ментор с.р.**
**Проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска, член с.р.**
**Проф. д-р Наташа Тошеска Спасова, член с.р.**
**Проф. д-р Маја Поп Стефанова -Трпоска,член с.р**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ВО ОБЛАСТА - ПРОЕКТИРАЊЕ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Со Одлука број 0202-420/2-X-3, донесена на 20.12.2019 година на X седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на група предмети во областа проектирање на мебел и ентериер, во состав: д-р Владимир Каранаков, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, д-р Митко Хаџи-Пуља, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје и д-р Ѓорѓи Груевски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

На конкурсот објавен на 20.11.2019 година во дневните весници „Нова Македонија” и „Коха”, се пријави само кандидатката д-р Елена Никољски Паневски, вонреден професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, за избор на наставник во сите наставно-научни звања на група предмети во областа проектирање на мебел и ентериер. Врз основа на извршениот преглед на поднесената документација и другите чинители релевантни за избор на кандидатката, Комисијата го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката проф. д-р Елена Никољски Паневски диа, е родена на 19.4.1969 година во Скопје. Основното образование го завршила во о.у. „Ј.Х.Песталоци”, а средното образование во гимназијата „Никола Карев” во Скопје. Студиите на Архитектонскиот факултет во Скопје ги започнала во 1989-90, а ги завршила во 1993 година, дипломирајќи со проектот за „Градска ботаничка градина“, изработен под менторство на проф.д-р Никола Павловски.

Во студиската 2001 година се запишува на постдипломските студии на Архитектонскиот факултет во Скопје. Магистерскиот труд под наслов: „Дизајнирањето на мебел, ергономијата, технолошкиот развој и нивното влијание врз прогресивната еволуција во проектирањето и дизајнирањето на кујните во станот“ го одбранила на 6.7.2006 година на Архитектонскиот факултет во Скопје. Магистерскиот труд го изработила под менторство на проф. д-р Иванка Кировска.

Докторската дисертација: „Интегралност кај недвижниот и движниот мебел, во македонската куќа од XIX век и можности за континуитет“, а рецензијата за докторската дисертација, изготвена од Комисијата за нејзина оцена и одбрана, е објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје бр.969 од 1.9.2009 година и е прифатена од Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје на 0201-72/VI-2, седница одржана на 23.9.2009 година. Докторската дисертација кандидатката ја изработила под менторство на проф. д-р Јасмина Хаџиева - Алексиевска, и ја одбранила на 19.10.2009.

Како студент на постдипломските студии, кандидатката д-р Елена Никољски била ангажирана, како демонстратор, во реализацијата на вежбите по предметите: Индустриски дизајн и Организација на простор, насока: проектирање и технологија на мебел и ентериер (ПТМЕ) на Шумарскиот факултет во Скопје, под раководство на проф. д-р Иванка Кировска, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје. Вежбите се изведувани во учебните 2004/2005 и 2005/2006 година.

Во ноември 2006 година била избрана за асистент на Шумарскиот факултет, на насоката проектирање на мебел и ентериер (Билтен бр. 905 од 16.10.2006). Од септември во учебната 2006/2007, година па се до април 2010, кандидатката ги реализирала наставата и вежбите по следниве предмети: Историја на уметноста, Историја на уметноста низ стилови, Конструктивни системи на градба, Елементи во организација на простор, Индустриски дизајн и Организација на простор (само во 2009 година), под покровителство на доц. д-р Владимир Каранаков на Шумарскиот факултет, насока проектирање на мебел и ентериер.

На 15.9.2010 година, д-р Елена Никољски Паневски била избрана во научно звање - доцент, на наставната програма Проектирање на мебел и ентериер, на предметните програми: Елементи на проектирање мебел и ентериер, Проектирање на мебел и ентериер, Проектирање на мебел и градежна столарија, Елементи на организација на простор, Организација на простор, Индустриски дизајн, Перспектива и Нацртна геометрија со техничко цртање. Во звањето доцент била избрана со одлука бр. 0201-63/V-5, од 1.6.2010 година, од страна на Наставно - научниот совет на Шумарскиот факултет, Скопје, со примена од 15.9.2010 година.

Во наставниот процес редовно ги изведувала предавањата и вежбите на додипломските и постдипломските студии по предметите: Историја на уметност; Историја на уметност низ стилови; Конструктивни системи во обликување на просторот; Елементи на организација на простор; Организација на простор и индустриски дизајн, од додипломските студии како и предметите: Развој на ентериерот од 20.век до денес и тенденции во дизајнот и Детал во дизајнот од постдипломските студии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

Со Одлука број 0202-232/2-V-2 од 16.6.2015 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, Кандидатката е избрана во наставно-научното звање вонреден професор во сите наставно - научни звања на група предмети во областа проектирање на мебел и ентериер, со усвојување на извештајот на Рецензентската комисија во состав: Д-р Владимир Каранаков, вонреден професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, во пензија, д-р Виолета Ефремовска, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, објавен во Билтен на Универзитетот бр. 1099 од 30.4.2015 година.

Учествувала во повеќе комисии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, во жири-комисијата за оценка на Саемот за мебел во Скопје, како и во комисии на други институции. Учествувала во изработка на повеќе апликативни проекти за ентериери и дизајн на мебел, на конкурси и јавни повици, преку Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер. Од 2018 година е организатор и куратор на Годишната изложба на студентите од Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

Кандидатката во континуитет пишува научно-истражувачки трудови во полето на нејзиниот потесен интерес - дизајнот, традицијата и континуитетот на традицијата во современоста. Учествува со трудови и усна презентација на Интернационалната конференција Wood, design & Technology која Факултетот традиционално ја организира во Универзитетскиот кампус на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј”, сместен во Охрид.

Во мај 2019 учествува во изработката на Монографија за Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер и неговата генеза од Шумарскиот факултет - сегмент кој е објавен во збирната Монографија издадена по повод 70години од Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј” - Скопје.

Во јануари 2019 година излезе од печат нејзината прва научна книга ,,Мебелот во македонската куќа од 19 век” - промовирана во МАНУ 20 јуни 2019 година. Промотор на презентацијата беше проф. Сашо Цветковски претседател на Центарот за Културно наследство ,,Цветан Грозданов”, при МАНУ.

Кандидатката д-р Елена Никољски Паневски во професијата ги користи следните светски јазици: германски јазик, англиски јазик, италијански јазик, како и одредени софтвери и програми: MSOffice, Auto Cad, Adobe (In Design, Photoshop).

## 2. НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во текот на својата работа како вонреден професор, кандидатката д-р Елена Никољски-Паневски се изградила во педагог со широк дијапазон на афинитети кон наставата и наставно-образовниот процес на Факултетот. Нејзиниот капацитет особено се истакнува во работата со студентите, покажувајќи интерес кон развивањето на нивната критичка мисла за аналитичко размислување при совладувањето на знаењата. Темелна, методична и креативно предиспонирана за активно учество, развивање и унапредување на наставниот процес, таа постојано придонесува кон подобрувањето на организацијата на наставата, внесувајќи притоа нови свежи идеи и конструктивно-практични начини за работа со студентите.

Од учебната 2013/2014 година со воведувањето на новите студиски програми за додипломските студии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (Инженерство на мебел и дрво и Дизајн на мебел и ентериер), кандидатката ги реализира новововедените предмети со предавања и вежби: Стилови и декорација; Композиција осветлување и бои; Проектирање - основи; Проектирање - реализација и предметот Индустријски дизајн - современи движења.

На постдипломските студии од областа на дизајнот и технологиите на мебел и ентериер на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, кандидатката ја реализира наставата по предметите: Теорија на дизајн, Структура на ентериерот, Индустрискиот дизајн во современите ентериери, Историја и критика на ентериерите, Естетика и етика во проектирањето, Домашни простори и култура на домување, Урбана опрема, Самоодржливи ентериери, Ентериерите во филм, сценографија и фотографија, Социјална ергономија во дизајнот.

Наставата ја изведува на високо педагошко ниво, базирајќи се пред се на искуството од долгогодишната кариера во областа на ентериерите и дизајнот, како и на богатата референца (67 ентериери) од реализирани објекти. Во наставата од големо значење и се и искуствата во научноистражувачката дејност (9 труда објавени во релевантни меѓународни научни списанија од изборот во вонреден професор до денес) и бројните контакти кои ги имала со соработници од земјата и од странство. И покрај исклучително големиот обем на предмети и задолженија во наставата, кандидатката со совесност и чесност ја исполнува мисијата да се биде едукатор, професор, подготвувајќи ги студентите одговорно да навлезат во една дејност која се покажа како исклучително апликативна во нашата држава, стекнувајќи се со дипломата: дипломиран инженер по дизајн и технологии на мебел и ентериер.

Во периодот од изборот во звањето вонреден професор до денес, д-р Елена Никољски Паневски била ментор на 50 (педесет) дипломски труда и учествувала како член на комисија за оцена и одбрана на 10 (десет) дипломски труда. Во изминатиот период била ментор на магистерски труд и член во комисии за одбрана на магистерски трудови.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

1. NIKOLJSKI PANEVSKI, E. (2016): Semantics of symbolic Decoration on Macedonian Traditional Movable Furniture from 19$^{th}$ century, Drvna Industrija,Vol.67,2, Zagreb, 2016.

Трудот е анализа на симболичкото декорирање на движниот и вградениот мебел, во македонската преродбена куќа од XIX век. Во трудот се истакнува дека декорирањето во овој период било процес на експресија на внатрешниот, мисловниот свет со надворешниот животниот. Анализирајќи ја семантиката на декорацијата и потребата да се изрази себеси во трудот понатаму се согледува дека самоукиот мајстор тоа го правел преку исцртување, врежување или длабење, резбање на мебелот. Овие сознанија го појаснуваат процесот како свесна потреба кај народот за декорација на своето окружување. Преку кусата диференцијација помеѓу античкиот и христијанскиот контекст, како два модела на изразување на народот од ова поднебје

во анализираниот период, се заклучува дека тие непобитно оставиле белези во сите форми на космолошки слики и претстави кај движниот и вграденият мебел во Македонија од XIX век.

2. NIKOLJSKI PANEVSKI, E.(2015): A. Petanovski, I. Spirovski, Published Papers about Interior Design from South East Europe in the Scopus Database (1977-2015), Vol.1, SEE J archit. Des. Nov. 09; 2015:10007, Skopje 2015.

Во трудот е направен преглед на публикувани научноистражувачки трудови од областа на дизајнот во југоисточна Европа. Се констатира дека најголем број на научноистражувачки трудови од областа на дизајн се објавени во италијанските референтни списанија кои се влезени во базата на податоци Скопус, а веднаш потоа следуваат турските списанија со истите референтни податоци. Истражувањето е важно за сите научници кои професионално се занимаваат со истражувањата во дизајнот како сегмент од биотехничките науки, кој е недоволно истражен, за сметка на тоа колку дизајнот е присутен во животот на луѓето. Трудот го истражува значењето на зборот истражување во дизајнот каде што резултатите до кои доаѓаме не можат да се изразат со емпириска формула.

3. Aziri, Z., NIKOLJSKI PANEVSKI, E. (2016) An Analysis of the Concept for organization and Arranging with Furniture of Office Spaces, Vol.2, SEE J archit. Des. May 09; Skopje 2016.

Во трудот е анализиран концептот на организација на постоен простор (ентериер од 300м2 во Скопје) и негово уредување со канцелариски мебел, антропометриските и ергономските референци како двигатели на современите концепти на организација на канцелариски простор.

4. NIKOLJSKI PANEVSKI, E. (2016): Children Bedroom Furniture of Preschool period according to child development, Wood, design and technology - Journal of wood science, design and technology, Vol.4, No1, Skopje, 2016.

Предмет на разработка во овој труд е пристапот при уредувањето на детските соби со мебел и, особено, изборот на соодветен материјал, согласно со возраста и потребите на децата. Понатаму, направена е анализа на стандардите усвоени од Европската Унија околу материјалите подобни за изведба на мебел за детските соби.

5. NIKOLJSKI PANEVSKI, E., Aziri, Z. (2017): Divergent office interior design for two different purposes, Wood, design and technology, Scientific - Journal of wood science, design and Technology, Vol.6, No1, Skopje, 2017.

Во трудот се потенцира дивергентниот пристап при организација на еден простор со две сосема поинакви намени и разликата при подготовка на проектната програма за секоја од намените.

6. NIKOLJSKI PANEVSKI, E., Trajkovska, D., (2018): Macedonian house from the beginning of the XIX century in Veles, Wood, design and technology - Journal of wood science, design and technology, Vol.7, Skopje, 2018.

Извршено е тематско истражување на конструктивните и естетските вредности во традиционалната македонска архитектура, со цел утврдување на архитектонските категории вградени во сите народни градителски творби на македонско тло. Истражувањето е спроведено во рамки на историското старо ткиво на градот Велес, РС Македонија, меѓутоа преку него се издвоени основните белези на народната архитектура карактеристична за ова поднебје. Подетално се анализирани оние вредности кои го диференцираат овој крај од останатите. Во истражувањето се вклучени повеќе методи преку кои е овозможено да се определат сите параметри употребени од страна на народниот градител.

7. NIKOLJSKI PANEVSKI, E., Takovska, E., (2018): Decorative values of the built in furniture in Berovo Monastery complex from the beginning of the XIX century, Wood, design and technology - Journal of wood science, design and technology, Vol.7, Skopje, 2018.

Во трудот е направено истражување на декоративните вредности на вградениот мебел во манастирскиот комплекс од почетокот на XIX век, ситуиран покрај градот Берово, РС Македонија. Манастирскиот комплекс има своја специфична историска посебност, воедно е и пример за конструктивните и естетските вредности во традиционалната македонска архитектура. Во трудот подетално се обработени

вградениот и движниот мебелот во манастирската трпезарија и во собата за гости. Спроведеното истражување резултира со констатацијата дека народната сакрална архитектура изобилува со естетски вредности кои проникнуваат од секој вграден детал, а самиот народен мајстор со голема градителска вештина успеал тие вредности да ги презентира во вистинско светло.

8. NIKOLJSKI PANEVSKI, E., Kanevce, I. (2019): Quality of the wooden material in outdoor furniture. Proceedings of the 4th international scientific conference ,,Wood technology &product design", 2019, Ohrid, pp.

9. NIKOLJSKI PANEVSKI, E., Tashkova,E. (2019): Urban furniture design. Proceedings of the 4th international scientific conference ,,Wood technology &product design", 2019, Ohrid, pp.

Трудовите се разултат на истражувањата во областа на мебелот за екстериери и урбаниот дизајн. Предмет на интерес е изработката на проект за мебел (гарнитура или сет) предвидени да одговорат на повеќе специфични барања, како на пример: избор на материјал резистентен на надворешни влијанија и изработка на дизајн за сите или за поширока потрошувачка.

**Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)**

10. NIKOLJSKI PANEVSKI, E.,: Quality of the wooden material in outdoor furniture. 4th International scientific conference ,,Wood technology &product design", 2019, Ohrid, pp.

11. NIKOLJSKI PANEVSKI, E.,: Urban furniture design. 4th International scientific conference ,,Wood technology &product design", 2019, Ohrid, pp.

На последната 4-та интернационална конференција организирана од Факултетот за дизајн и технологии намебел и ентериер, а одржана во септември 2019 година, кандидатот проф. д-р Елена Никољски Паневски реализираше две усмени презентации на погоренаведените трудови од областа на дизајнот.

12. ,,Потенцијал за развој на рурален туризам низ призмата на архитектурата на селата во Република Македонија", носител на проектот: Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје. Научноистражувачки проект финансиран од средствата на Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј", 2015 година.

**4. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

Во периодот од избор во звањето вонреден професор до денес (2015-2020 година) кандидатот проф. д-р Елена Никољски Паневски реализираше неколку идејни проекти кои следувателно беа реализирани. Помеѓу нив се и следните:

1. Идејно архитектонско решение: Проект за ентериер на повеќенаменски простор за невработени млади од социјално загрозени категории - СОС Детско село - општина Гази Баба, Скопје, 2017 година.

2. Идејно архитектонско решение: Проект за ентериер на канцелариски простор на Јавното комунално претпријатие - општина Гази Баба, Скопје, 2017 година.

| 15. | Гонтарев С. и Крстевски Б. (2011). Влијанието на некои психосоцијални фактори врз мотивацијоната подготвеност за промена на навиките за физичката активност ка ученичките од 15 до 18 годишна возраст. *Федерација на училиштен спорт на Македонија, Дојран, (1), 281-287.* | 1.8 |
| 16. | Стаменов Р. Гонтарев С., Крстевски Б, Каршаковска Д.Ј. (2011). Утврдување на факторската стуктура и основните мерни карактеристики на некои тестови за проценување на прецизноста. *Федерација на училиштен спорт на Македонија, Дојран, (1), 315-320* | 1.2 |
| 17. | Krstevski B., Stamenov R., Kalach. R. Seryozha G. ,Krstevska M., Krstevska E. Determining the condition and diferences between some anthropometric and motor, spectral - motor indicators and body composition of the students of the besketball sports class. 2 nd *internstionsl scientific conference. 03-05 june 2016, Skopje, Macedonia.* | 3 |
| 18. | Kalach. R. Seryozha G. Krstevski B., Difference of some specific motor skills for boxers in diffrtrnt level of competitive success. 2 nd *internstionsl scientific conference. 03-05 june 2016, Skopje, Macedonia.* | 4 |
| 19. | Krstevski B., Krstevska M. Slavica Novacevska The physical activity and the interests of the students of university 'Cyril and Methodius' in Skopje. 3 nd *internstionsl scientific conference. 03-05 june 2018, skopje, macedonia., 29.05-01.06.2018, skopje, macedonia.* | 4 |
| 20. | Slavica Novacevska, Jana Karshakovska Dimitrioska, Luka Popovski, Risto Stamenov, Branko Krstevski. *Significance of the differences and the development trend of the systole and diastole pressure and the heart rate of students of early school age from schools in municipality of kisela voda. Belgrade*. Treća međunarodna naučna konferencija **"SPORT, REKREACIJA, ZDRAVLJE"**, u organizaciji Visoke sportske i zdravstvene škole strukovnih studija, održana je 10. i 11. maja 2019. godine u | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Beogradu. | |
| 21. | Branko Krstevski, Luka Popovski, Sasho Todorovski, Elena Krstevska, Mirjana Krstevska. *Differences in some anthropometric characteristics, body composition and motor capabilities in 12-year old basketball players that train two, three and more times per week*. International journal of scientific issues in physical education, sport and health. Publisher: (1/2019) Faculty of physical education, sport and health in Skopje, Republic of Macedonia | 3 |
| 22. | Slavica Novachevska, Jana Karshakovska Dimitrioska, Branko Krstevski, Risto Stamenov, Sasho Todorovski. *Development changes and comparative relationships of flexibility at pupils from two sexes ages 6 to 14*. International journal of scientific issues in physical education, sport and health. Publisher: (1/2019) Faculty of physical education, sport and health in Skopje, Republic of Macedonia | 3 |
| 23. | Рецензија на научен труд (8) | 1.6 |
| | **Вкупно** | **51.4** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | Идеен проект -учесник/соработник ( 1 бод )<br>*Министерството за образование на Р. Македонија*<br>**Биро за развој на образованието**<br>**Носител на на проект***: Унапредување на спортот и спортските кошаркарски училиштата од 5 до 8 одделение* | 1 |
| | Идеен проект -учесник/соработник ( 1 бод )<br>***Агенцијата за млади и спорт***<br>Прокт: ,,Ефектите од едногодишен тренажен процес врз некои антропометриски и моторни показатели кај млади кошаркари од 7 до 14 годишна возраст во школата за мини баскет Јуниор”,<br>***Носител на проектот:*** | 1 |
| | Идеен проект -учесник/соработник ( 1 бод )<br>***Владата на Република Македонија***<br>Проект: Експеримент за воведување на нови облици и содржини на воспитно-образовната работа во ДУФК „Методиј Митевски – Брицо“ - Скопје<br>**Соработник на проектот** | 1 |
| | Идеен проект -учесник/соработник ( 1 бод )<br>***Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје***<br>Универзитетски спортски сојуз на УКИМ<br>**Координатор на универзитетските лиги** | 1 |
| | Идеен проект - учесник/соработник ( 1 бод )<br>***Министерство за образоване и наука***<br>***Спортска академија - Скопје***<br>Проект: Експриментална програма за паралелка за кошарка во ДУФК „Методиј Митевски – Брицо“- Скопје<br>**учесник** | 1 |
| | Основен школски или средношколски учебник ( 7 бода )<br>Автор на учебникот (скрипта) за средно образование „Теорија и методика на спортски тренинг” - Спортска гимназија, 2000. | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | Основен школски или средношколски учебник (7 бода)<br>Автор на учебникот за средно образование “Основи на теорија и методика на спортот” за II година - Спортска гимназија, одобрен од Министерство за образование и наука на РМ, 2010. | 7 |
| | Идеен проект -учесник/соработник ( 1 бод )<br>Учевство во изработка на наставни програми по наставниот план за спортската гимназија на барање на Центарот за стручно образование и наука при МОН и тоа по следните предмети за трета година: Теорија и методика на спортски тренинг, Атлетика Гимнастика, Основи на психомоториката, Теорија и методика на физичко образование, како и изработка на наставни програми за четврта година по предметите: Теорија и методика на спортскиот тренинг, Атлетика, Гимнастика, Боречки спортови и Основи на биомеханика. | 1 |
| | | |
| **Спортска дејност** | | |
| | 1982 – со кадетите на МЗТ Скопје, генерација 1967, како прв тренер го освоил првото место на Кадетското првентство на РМ што се одржа во Скопје | 1 |
| | 1983 - на Државното кадетско првенство на СФРЈ, како прв тренер, го освоил четвртото место во Земун, Србија, со кадетите на МЗТ Скопје | 1 |
| | 1986-1989, тренер во ЖКК “Студент” (Прва Б лига на СФРЈ) | 1 |
| | 1987-1988, тренер на женската кадетска репрезентација на Македонија со која настапи на куп ,,Братсво и Единство” во Сански Мост (1987) и Маглај (1988) | 1 |
| | 1997 - со УФК „ММ Брицо” го освоил 10. место на Светското првенство за средни училишта во Острава, Чешка. | 1 |
| | 1997-1999, тренер на кадетската репрезентација на Р Македонија со која го освоил шестото место на Европското првество во Цеље. | 1 |
| | 2012 - 2018 - главен и помошен тренер во Спортската паралелка по кошарка во Спортската академија. | 1 |
| | Од јуни 2019 до август 2019 година, тренер на кошаркарска репрезентација на Македонија - М14 која ќе учевствува на Словенија Балл 23-26.8 2019 | 2 |
| | 2019 - Тренер во Кошаркарскиот клуб МЗТ Скопје - Аеродром (младински, кадетски и пионерски возрасти) | 1 |
| | Селектор на студентска репрезентација 87 | 4 |
| | Селектор на студентска репрезентација 89 4 | 4 |
| | **Вкупно** | 18 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **289,1** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **51,4** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **18** |
| **Вкупно** | **358,5** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија оцени дека од вкупно 4 пријавени кандидати, еден (1) не ги исполнува конкурсните услови предвидени со Законот за високото образование (не ги исполнува условите според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје). Кандидатката Елена Цане Соклевска не го исполнува минималниот број поени за посебните услови што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањето доцент.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Славица Блажо Новачевска – професор, д-р Сашо Стефан Тодоровски – виш предавач и д-р Бранко Крстевски – виш предавач, поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето **доцент** во научната област применета кинезиологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, кандидатите: д-р Славица Блажо Новачевска – професор, д-р Сашо Стефан Тодоровски – виш предавач и д-р Бранко Крстевски – виш предавач, да бидат избрани во звањето **доцент** во научната област применета кинезиологија на предметите: Спорт и здравје и Организација и рекреација, на нематичните факултети, во состав на УКИМ.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Милан Наумовски, претседател с.р.**
**Проф. д-р Гино Стрезовски – член с.р.**
**Вонр. проф. д-р Руждија Калач – член с.р.**

**Прилог бр. 2**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ОПШТЕСТВЕНА КИНЕЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАЈЕ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/факултетот/институтот, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 14.12.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) општествена кинезиологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0201-1404/3, донесена на 27.12.2019 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р. Ленче Алексовска Величковска, редовен професор на Факултетот за физичко образование спорт и здраје во Скопје, д-р Душко Иванов, редовен професор на Факултетот за физичко образование спорт и здраје во Скопје и д-р Иван Атанасовски, редовен професор на Факултетот за физичко образование спорт и здраје во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) општествена кинезиологија, во предвидениот рок се пријави д-р. Лука Поповски.

**12. Биографски податоци и образование**

Кандидатот предавач д-р Лука Поповски е роден на 16.1.1980 год., во Скопје. Средно образование завршил во Скопје на СДУ „Владо Тасевски “ - Скопје. Со високо образование се стекнал на Факултетот за физичка култура во Скопје, на 20.8.2008 година. Дипломирал како ррофесор по физичка култура во 2008 година, со просечен успех 8.80.

Кандидатот активно се служи со англиски јазик.

Во учебната 2006/07 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Кинезиологија. Студиите ги завршил на 2008 година, со просечен успех 8,33. На 30.10.2009 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Валоризација на спортско рекреативните активности на планината Водно како природен и туристички потенцијал”.

Докторска дисертација пријавил на 1.2.2012 година на Факултетот за физичка култура во Скопје. Дисертацијата на тема: „Влијанието на социо-демографски карактеристики врз фомирањето на ставот и мотивите кон физичката активност кај учениците од 11 до 14 годишна возраст” ја одбранил на 17.12.2014 година, пред Комисија во состав: д-р Ленче Алексовска Величковска, редовен професор на Факултетот за физичко образование спорт и здравје во Скопје, д-р Милан Наумовски, редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, д-р Жарко Костовски, редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, д-р Вујица Живковиќ, редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, д-р Иван Анастасовски, редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област општествена кинезиологија.

На 3.11.2018 година е избран во звањето (наставно) предавач на Факултетот за физичко образование, спорт и здраје во Скопје во областа применета кинезиологија.

Во моментот е предавач на предметот Спорт и здравје на Факултетот за физичко образование, спорт и здраје во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр.1178 од 15.10.2018 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1178 од

15.10.2018 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**13. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за физичко образование спорт и здравје - Скопје, кандидатот д-р Лука Поповски изведува настава (настава, вежби, теренска настава итн.) на прв циклус студии на студиската програма на нематични факултети на УКИМ.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Лука Поповски има објавено вкупно 16 научни трудови од кинезиолошката област, од кои 6 се во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како и 10 труда во меѓународни научни списанија. Д-р Лука Поповски учествувал како член во 1 научен проект.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Лука Поповски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје и во реализација на идејни проекти. Врши стручна работа во промотивни активности на Факултетот. Кандидатот д-р Лука Поповски остварил експертски активности во комисии и тела на државни органи (Општина Ѓорче Петров) и во програми за развој на здруженија поврзани со струката.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.

Во изборниот период, д-р Лука Поповски учествувал во изготвување и пријавување на стручно-апликативни проекти на МОН и 1 развоен проект.

**ОБРАЗЕЦ 1**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Лука Спиро Поповски***
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ***ОПШТЕСТВЕНА КИНЕЗИОЛОГИЈА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: *8,80*<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: *8,33*<br>Просечниот успех изнесува *8,56* за интегрираните студии. | **ДА** |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: *општествена кинезиологија*, поле *кинезиологија* , подрачје *општествени науки*. | **ДА** |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **ДА** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со **трудови достапна на интернет**, како што се: **Ebsco**, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>17. Назив на научното списание: Research in physical education, sport and health<br>18. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>19. Наслов на трудот: **Comparative analysys of antropometric characteristics between males and females at the age of 11.**<br>20. Година на објава: 2019<br><br>5. Назив на научното списание: Research in physical education, sport and health<br>6. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>**7.** Наслов на трудот: **Differences in some anthropometric characteristics, body composition and motor capabilities in 12-year old basketball players that train two, three and more times per week**<br>Година на објава: 2019 | **ДА** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Research in physical education, sport and health<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>3. Наслов на трудот: **Psychosocial factors and their impact on physical activity among students**<br>4. Година на објава: 2019 | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од **најмалку три земји**<br><br>6. Назив на зборникот: 10nd internstionsl scientific conference<br>7. Назив на меѓународниот собир: Меѓународен дијалог: исток – запад (психологија и образование)<br>8. Имиња на земјите: Република Северна Македонија, Русија, Босна и Херцеговина, Србија и Бугарија<br>*9.* Наслов на трудот: **Differences in motivation to physical activity among boy and girl from different ethnicity**<br>10. Година на објава: 2019<br><br>1. Назив на зборникот: „SPORT, REKREACIJA, ZDRAVLJE“<br>2. Назив на меѓународниот собир:TREĆA MEĐUNARODNA NAUČNA KONFERENCIJA<br>3. Имиња на земјите: Србија, Хрватска, Македонија,<br>**4.** Наслов на трудот: **Significance of the differences and the development trend of the systole and diastole pressure and the heart rate of students of early school age from schools in municipality of kisela voda.**<br>5. Година на објава: 2019 | **ДА** |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>17. Странски јазик: *англиски ( Б2 според CEFR )*<br>18. Назив на документот: *Уверение*<br>Издавач на документот: У*ниверзитет „Св. Кирил и Методиј”- Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје*<br>19. Датум на издавање на документот: *2019* | **ДА** |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | **ДА** |

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Лука Спиро Поповски**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **општествена кинезологија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | Одржување на настава од прв циклус студии (поени 0.04 ) | |
| | *Спорт и здравје 2018/19, I – семестар (10 x 15 x 0.04) =6*<br>*Спорт и здравје 2018/19, II – семестар (10 x 15 x 0.04) =6*<br>*Спорт и здравје 2019/20, I – семестар (10 x 15 x 0.03) =6* | 18 |
| | Консултации со студент (0.002) | |
| | *Во просек 350 студенти по семестар (350*0.002=0.7,)*<br>*3 семестри (3*0.7=2.1)* | 2.1 |
| | Пакет материјал за вежби за предметот Спорт и здравје | 1 |
| | Интерна скрипта од предавања | 4 |
| | **Вкупно** | **25.1** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Popovski L., M. Naumovski, M. Dadasovic, N. Meshkovska**. *The impact of motives for engaging in physical and sports activity with different level of physical activity* | 3 |
| | **M. Naumovski, B. Daskalovski, L. Popovski, Z. Stanisic.** *The interconnection of the manifested qualitative and quantitative variables among participants of the first macedonian basketball league* | 3 |
| | **Popovski L.** *Motivation of the high school students engaged in sports* | 5 |
| | **M. Naumovski, L. Aleksovska-Velichkovska, B. Daskalovski, L. Popovski.** *Multivariate and univariate differences of variables for assessment of the morphological characteristics in respondents from I, II, III and IV year* | 3 |
| | **Popovski L.** *Differences in motivation for physical activity between boys and girls living in urban and rural environment* | 3 |
| | ***K. Ruzhdija, l. Popovski, S. Gontarev, N. Markovski.*** *Comparativ analysis of some motor tests among the greatest wrestlers and boxers in the Republic of Macedonia* | 3 |
| | **Popovski L.** *the impact of residential status on motivation and attitude towards physical-sport activity among students 11 to 14 years* | 5 |
| | **L. Aleksovska - Velickovska, N.Meskovska, L. Popovski, Z. Stanisic.** *Factor structure of psychological space in athletes - members of national teams from different sports in macedonia* | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | **S. Novacevska, J. Karshakovska Dimitrioska, L. Popovski, R. Stamenov, B. Krstevski.** *Significance of the differences and the development trend of the systole and diastole pressure and the heart rate of students of early school age from schools in municipality of kisela voda. Belgrade.* Treća međunarodna naučna konferencija **“SPORT, REKREACIJA, ZDRAVLJE”**, u organizaciji Visoke sportske i zdravstvene škole strukovnih studija, održana je 10. i 11. maja 2019. godine u Beogradu. | 3 |
| | **B. Krstevski, L. Popovski, S. Todorovski, E. Krstevska, M. Krstevska**. *Differences in some anthropometric characteristics, body composition and motor capabilities in 12-year old basketball players that train two, three and more times per week.* International journal of scientific issues in physical education, sport and health. Publisher: (1/2019) Faculty of physical education, sport and health in Skopje, Republic of Macedonia | 3 |
| | **J..Karshakovska Dimitrioska, L. Popovski, S. Novachevska, R. Stamenov, S.Todorovski,** . *Comparative analysys of antropometric characteristics between males and females at the age of 11.* | 3 |
| | **J. Karshakovska Dimitrioska, L.Popovski, S. Novachevska, S.Todorovski.** *Psychosocial factors and their impact on physical activity among students* | 3 |
| | ***L. Popovski.*** *Differences in motivation to physical activity among boy and girl from different ethnicity* | 5 |
| | ***Л. Поповски.*** Поставеноста на физичкото образование во Репулика Македонија и во некои европски земји | 2 |
| | ***Г. Никовски, М. Савовски и Л. Поповски,*** Здравствено-превентивни програми во туризмот | 1.6 |
| | ***Г. Никовски, И. Карпузи, Л. Поповски, В. Прибичевиќ и Д. Проковиќ,*** Брзински бадминтон | 1.4 |
| | Учесник на меѓународен научен проект *( ЕРАЗМУС + КА2 )*: Подобрување на квалитетот на физичкото образование и презентирање на неговото значење и важност за здравјето и добросостојбата на идните генерации. ***Соработник за Анализа и и давање на стручно мислење за изготвените пилот-наставни програми по наставниот предмет ФЗО од прво до петто одделение за реализација на наставата со тандем наставници.*** | 5 |
| | **Вкупно** | **55** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | Учество во промотивни активности на Факултетот ( 0,5 *4 ) | 2 |
| | Учество во комисии и тела на државни органи ( 1 бод )<br>***Виш соработник за спорт и култура во Општина Ѓорче Петров***<br>*2011 – 2012 , 1 – години (1* 1 ) = 1* | 1 |
| | Учество во комисии и тела на државни органи ( 1 бод )<br>***Советник за Спорт во Општина Ѓорче Петров***<br>*2012 – 2018 , 6 – години (6*1) = 6* | 6 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | Претседател на здружение поврзано со струката ( 2 бода )<br>*Два мандата 2010 – 2014 и 2014 -2018 (2 * 2 ) = 4* | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Член на управен одбор на здружение поврзано со струката ( 0,3 бода )<br>*Два мандата 2010 – 2014 и 2014 -2018 (2 * 0,3 ) = 0,6* | 0,6 |
| | Идеен проект -учесник/соработник ( 1 бод )<br>*Учесник во проект за унапредување на физичко и здравствено образование во одделенска настава (I-IV одд.) во општина Карпош* | 1 |
| | Идеен проект -учесник/соработник ( 1 бод )<br>*Учесник во проект за развој на меѓу факултетски спорт на УКИМ* | 1 |
| **Спортска дејност** | | |
| | Тренер на спортски клуб *( 1 бод )*<br>*Кошаркарски клуб „Водно санс“ - Скопје* | 1 |
| | Тренер на спортски клуб *( 1 бод )*<br>*Кошаркарски клуб „Ѓорче Петров“-Скопје* | 1 |
| | **Вкупно** | **17,6** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 25,1 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 55 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 17,6 |
| **Вкупно** | **98,7** |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Лука Поповски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Лука Поповски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научната област општествена кинезиологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје во Скопје, д-р Лука Поповски да биде избран во звањето **доцент** во научната област општествена кинезиологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р. Иван Атанасовски - претседател с.р.**
**Проф. д-р. Ленче Алексовска Величковска – член с.р.**
**Проф. д-р. Душко Иванов – член с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ВО ОБЛАСТА ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесена на XVII редовна седница одржана на 31.12.2019 година, а согласно со Законот за високото образование, Законот за научноистражувачката дејност, критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Правилникот на Факултетот, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Љубица Шутуркова, проф. д-р Зоран Стерјев и проф. д-р Александар Димовски, на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

На конкурсот објавен на 12.12.2019 година во јавните гласила „Нова Македонија“ и „Коха“ за избор на еден асистент во областа фармацевтска хемија, се пријави м-р фарм. Александар Димковски. Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставената документација, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Александар Димковски е роден на 6.1.1991 год. во Скопје. Во Скопје го завршил основното образование со одличен успех. Средно образование завршил во гимназијата СГУС „Раде Јовчевски Корчагин“ во Скопје, со континуиран одличен успех. Во учебната 2009/2010 година се запишал на додипломски студии на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а ги завршил во март 2015 година со одбрана на трудот со наслов „Конвенционални и неконвенционални биолошки дејства на хинолонските деривати “ со просечен успех 9, 25.

Од септември 2014 до мај 2015 година бил ангажиран како демонстратор во наставната дејност на Институтот за фармацевтска хемија при Фармацевтскиот факултет во Скопје. Од мај 2015 до декември 2019 година бил вработен во Институтот за истражување и развој при фармацевтската компанија Алкалоид АД во Скопје. Од декември 2019 година е вработен во Синцеритас ДОО, на работното место истражувач во Истражување и развој.

Во септември 2019 година се пријавил на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус – докторски студии во академската 2019/2020 година во научното подрачје медицински науки и здравство, студиска програма: Фармација. Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, м-р фарм. Александар Димковски беше вклучен како демонстратор во изведувањето на вежбите на интегрираните студии од прв и втор циклус по фармација и на прв и втор циклус студии на студиската програма за лабораториски биоинженери на Институтот за фармацевтска хемија при Фармацевтскиот факултет во Скопје.

### Научноистражувачка дејност

М-р фарм. Александар Димковски е коавтор на 1 оригинален научен труд и бил учесник на 1 научен/ стручен собир со реферат – постер-презентација.

Научни трудови објавени во референтни научни списанија или во зборници од конгреси и конференции:

Kazandjievska E., Antova I., Mitrevska S., **Dimkovski A.**, Dimov E., Hadzieva Gigovska M., Antovska P., Ugarkovic S., Tonic Ribarska J., Trajkovic-Jolevska S., 2019. Non-compendial *vs* compendial analytical tests - a powerful tool for predicting *in vitro* similarity of highly viscous oral suspension. *Macedonian pharmaceutical bulletin* vol. 64(2).

Учество на научен/ стручен собир со реферат – постер-презентација:

**Dimkovski A.**, Petrovska A,. Velickovska M., Popovska Jakimovska V., Brasnarska I., Sapkareva B., Ugarkovic S., 2016. Peak purity assessment during forced degradation study on novel solid dosage form. XXIV Congress of Chemist and Technologists of Macedonia, Ohrid, September 11$^{th}$-14$^{th}$ , 2016.

### Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во периодот од февруари до јули 2014 година, кандидатот м-р фарм. Александар Димковски ја вршел аптекарската практика во ПЗУ Аптека Еурофарм на Клиничкиот центар во Скопје.

Во периодот 2016-2019 година учествувал на 4 обуки поврзани со развој на аналитички методи и примена на инструментални техники во лабораториското работење:

*HPLC Troubleshooting Seminar,* Dr. Heiko Behr, Skopje, October 26$^{th}$, 2015.

*4th World Congress on Chromatography*, held by Conference series and Journal of Chromatography & Separation Techniques, Journal of Analytical & Bioanalytical Techniques and Journal of Molecular Biomarkers & Diagnosis, Rome, August 7$^{th}$-9$^{th}$, 2017.

*DryLab4 User Course*, Molner Institute for applied chromatography, Skopje, September 5$^{th}$-6$^{th}$, 2017.

*Reversed Phase HPLC/UHPLC Method Development*, Dr. Heiko Behr, Skopje, March 28$^{th}$, 2018.

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
## за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 9, 25 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува:<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: | |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: УВЕРЕНИЕ<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>4. Датум на издавање на документот: 30.8.2019 | да |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатот м-р фарм. Александар Димковски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека кандидатот поседува научни и стручни квалитети и ги исполнува сите услови предвидени за избор во соработничко звање според Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, кандидатот м-р фарм. Александар Димковски да биде избран во звањето асистент во научната област фармацевтска хемија.

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Љубица Шутуркова, с. р.
Проф. д-р Зоран Стерјев, с. р.
Проф. д-р Александар Димовски, с. р.

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. Магистерски труд по ЛАБОРАТОРИСКА АНАЛИЗА И ИНЖЕНЕРСТВО ВО ФАРМЦИЈАТА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Емилија Анѓелкоска | Модел за проценка на еквивалентност помеѓу хроматографски колони | Model for estimation of equivalence between chromatographyc columns | Доц. д-р Јелена Ацевска | 02-757/8 од 19.11.2019 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. Специјалистички трудови по ФАРМАЦЕВТСКА РЕГУЛАТИВА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ивана Јосифовска | Постмаркентишко следење на препаратите на база на канабис | Postmarketing survailance of the medicinal cannabis preparations | Доц. д-р Зорица Наумовска | 02-792/12 од 10.12.2019 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. Специјалистички труд по КОЗМЕТОЛОГИЈА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Елмедина Алија Мазлуми | Козметички супстанции и производи во третман на лузни | Cosmetic substances and products in treatment of scars | Проф. д-р Марија Главаш Додов | 02-757/9 од 19.11.2019 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД ПО ЗДРАВСТВЕН МЕНАЏМЕНТ И ФАРМАКОЕКОНОМИЈА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Андријана Апостоловска | Снабдување со инсулин преку националниот систем за електронска евиденција во здравството – Мој термин | Supply with insulin via national system for electronic evidence in public health – My term | Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска | 02-792/13 од 10.12.2019 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

### 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Ивана Митревска | Споредба на in vitro профили на растворливост со примена на конвенционални и мултиваријантни статистички методи | Assessment of in vitro dissolution similarity by conventional and multivariate statistical methods | Проф. д-р Анета Димитровска | 02-757/7 од 19.11.2019 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **УЛОГАТА НА МЕТАКОГНИТИВНИТЕ СТРАТЕГИИ ВО РАЗВИВАЊЕ НА ВЕШТИНАТА ЧИТАЊЕ ПРИ ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ НА УНИВЕРЗИТЕТСКО НИВО ВО КОСОВО** ОД М-Р НАЗЛИ ТУФЕКЧИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата триесет и шеста редовна седница одржана на 18.9.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Назли Туфекчи со наслов „Улогата на метакогнитивните стратегии во развивање на вештината читање при изучување на англискиот јазик како странски на универзитетско ниво во Косово“, во состав: проф. д-р Екатерина Бабамова (претседател), проф. д-р Анжела Николовска (ментор), проф. д-р Орхидеја Шурбановска (член), проф. д-р Мира Беќар (член) и проф. Солзица Поповска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Назли Туфекчи, со наслов „Улогата на метакогнитивните стратегии во развивање на вештината читање при изучување на англискиот јазик као странски на универзитетстко ниво во Косово“, содржи 194 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12 и над 250 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во пет глави, библиографија и прилози. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во првата глава, *Воведот* на трудот, изложени се мотивацијата за трудот, предметот и целите на истражувањето, хипотезите и истражувачките прашања. Дефинирани се некои од основните поими од областа на усвојување на странски јазици како што се усвојување мајчин и немајчин јазик и читање со разбирање кои понатаму ќе биде елаборирани во втората глава.

Во согласност со теоретската рамка образложена во прегледот на литературата (втора глава), примарната цел на ова истражување е да се испитаат ефектите од обучувањето на студентите да користат метакогнитивни стратегии врз развивање на вештината читање во наставата по англиски јазик како странски на додипломско ниво. Друга цел е да се испита кои метакогнитивни стратегии студентите најчесто ги користат.

Согласно со целите, студијата се фокусира на следниве истражувачки прашања:

1. До кој степен студентите кои го изучуваат англискиот како странски јазик на универзитетско ниво во Косово имаат развиено метакогнитивна свест за стратегиите на читање кои ги користат?

2. Кои стратегии за читање најчесто ги користат студентите кои го изучуваат англискиот како странски јазик на универзитетско ниво во Косово?

3. Дали постои врска меѓу обуката на студентите да користат метакогнитивни стратегии за читање и нивниот успех при читањето?

Во трудот се испитуваат следниве хипотези:

1. Студентите кои го изучуваат англискиот јазик како странски во високото образование во Косово имаат низок степен на метакогнитивна свест за стратегиите за читање кои ги користат.

2. Постои позитивна врска помеѓу користењето на метакогнитивните стратегии и успехот на студените при читањето на англиски како странски јазик.

3. Експлицитната обука за примена на метакогнитивни стратегии при читањето придонесува за развивање на вештината читање кај студентите.

*Втората глава* од докторската дисертација, насловена *Преглед на литературата*, ја поставува теоретската рамка на трудот. Во неа се анализирани релевантните сознанија од областа на развивање на вештината читање. Се нагласува улогата на оваа вештина во развивање на писменоста и на јазичните компетенции пошироко како при усвојување на мајчин, така и при усвојување на немајчин јазик. Понатаму, се дискутираат комплексните когнитивни процеси вклучени во декодирањето на пишан текст и во интеракцијата меѓу читателот и текстот низ трите основни модели на читање: Bottom-up, Top-down и интерактивниот модел. Следува преглед на најпознатите истражувања на стратегии за читање при усвојување на мајчин јазик (Пис, 1986; Доул, Даркер и Титен, 1996; Грифитс, 2008) кои констатираат дека постои корелација меѓу експлицитното поучување како да се чита и успехот во разбирањето пишан текст. Прегледот на студиите во чиј фокус се стратегиите на читање при усвојување странски јазик ги синтетизира карактеристиките на успешните и помалку успешните читатели (Хозенфелд, 1977; Грифитс, 2008), улогата на претходното знаење и факторите кои влијаат врз разбирањето на пишан текст како што се полот, нивото на јазична компетенција итн. Исто така, се проследуваат и заклучоците од неколку емпириски истражувања на влијанието на обучувањето на изучувачите на странски јазик да применуваат одредени стратегии на читање врз успехот во читањето.

Во следниот дел од оваа глава, кандидатката м-р Туфекчи ги анализира и ги синтетизира најзначајните истражувања од областа на метакогницијата. Метакогницијата се дефинира како: „мислење за мислењето или способност да се биде свесен за сопствените ментални процеси,“ Флавел (1979). Таа вклучува свест за когнитивните процеси, афективните состојби, за сопственото знање и за тоа како да се насочат мислењето и учењето кон постигнување одредени цели. Резултатите од досегашните истражувања покажуваат дека учениците кои свесно преземаат чекори за да осознаат како мислат и учат, го следат и го регулираат сопствениот напредок имаат висок степен на метакогнитивна свест се најуспешни во учењето. Понатаму, кандидатката се осврнува на карактеристиките на метакогнитивните процеси од повисок и понизок ранг и применливоста на метакогнитивното знаење.

Следува преглед на најпознатите дефиниции и таксономии на стратегии на учење (О'Моли и Чамот; Венден и Рубин, 1987; Оксфорд, 1990), со фокус на теоретската рамка и класификацијата што ја предлага Оксфорд (1990) според која стратегиите се делат на: когнитивни, метакогнитивни, социјални, афективни и компензациски. Се нагласува улогата на метакогнитивните стратегии кои им овозможуваат на учениците да го планираат, да го контролираат и да го самооценат учењето и да постигнат повисоки цели и подобар успех во учењето. Според досегашните истражувања, заедничка карактеристика на успешните ученици е високиот степен на метакогнитивна свест и честа примена на метакогнитивните стратегии што доведува до автономност во учењето. Автономното учење, пак, е во тесна корелација со зголемување на мотивацијата, успехот во учењето и способноста за доживотно учење надвор од рамките на формалната настава.

Понатаму се дискутираат когнитивните и метакогнитивните стратегии кои се користат при читањето и нивната примена од страна на успешните и помалку успешните читатели. По

исцрпната анализа на досегашните истражувања од оваа област во светот (Карел, 1989; Андерсон, 1991; Шоери и Моктари, 2001; Барнет, 1988; Шрам, 2001; Чамот и Купер, 1990; Вандергрифт, 1997;Салатаки и Акиел, 2002; Бидабади и Јамат, 2011), кандидатката заклучува дека успешните ученици покажуваат поголема метакогнитивна свест, контрола над учењето и усет за тоа кои стратегии да се применат според спецификите на контекстот, додека стратегиите сами по себе не се ефикасни или неефикасни. Истражувањата покажале колку е значајно учениците да се обучуваат како да применуваат различни стратегии во зависност од контекстот и целта на учењето. Ефикасната примена на стратегиите за учење јазик може да игра клучна улога за развивање активно и свесно автономно учење.

Согласно со тоа, кандидатката констатира дека за да се поттикне успешното учење странски јазик, неопходно е да се научат учениците како да учат поефикасно. Следствено, учениците треба да се обучуваат да користат различни стратегии за учење и да развиваат свест како да учат поуспешно со што би се оспособиле за самостојно доживотно учење.

*Третата глава* насловена „Истражување“ дава детален преглед на методологијата, инструментите на истражувањето, испитаниците, постапката за реализација на експериментот и постапката за анализа на податоците. Истражувањето, засновано на квантитативна истражувачка методологија, е експериментално и има за цел да испита до кој степен студентите кои го изучуваат англискиот како странски јазик на Универзитетите во Косово користат метакогнитивни стратегии за читање и кои стратегии се најчести. Исто така, се испитува влијанието на експлицитната обука за примена на метакогнитивни стратегии врз развивање на вештината читање. Истражувањето било реализирано во академската 2016/17 год. Во првиот дел од истражувањето била спроведена анкета во која учествувале вкупно четиристотини студенти на јазично ниво А2 според ЗЕРРЈ. Испитаниците биле студенти од прва година од три државни и еден приватен универзитет од Косово. Тие биле од различни студиски групи: Педагошки факултет, Информатика, Бизнисадминистрација, Право и Меѓународен менаџмент. Анкетата која имала за цел да измери колку е развиена кај студентите метакогнитивната свест за стратегиите за читање кои ги користат, била реализирана со прашалникот МАРСИ (Моктари и Ричард, 2002) кој бил користен и во други истражувања.

MARSI е прашалник кој се состои од 30 искази за стратегиите кои читателите ги користат при читање групирани во три категории: глобални метакогнитивни стратегии за читање, метакогнитивни стратегии за решавање на проблеми и стратегии за поддржување на читањето.

Во експерименталната фаза од истражувањето учествувале други 100 студенти од кои 50 во експерименталната група и 50 во контролната група. За разлика од контролната група, експерименталната група била експлицитно обучувана да користи метакогнитивните стратегии во траење од 8 недели. Со прашалникот МАРСИ била анкетирана и експерименталната група на студенти во фазата пред обуката и по обуката за да добие увид во ефектите на обуката врз развивањето на метакогнитивната свест. Влијанието на обуката врз успехот во читањето кај студентите било мерено со преттест и постест со прашања со повеќечлен избор и прашања од отворен тип.

*Глобалните стратегии за читање* (13 прашања) се однесуваат на општи стратегии за читање што се стремат кон подготовка за процесот на читање, на пр. да се има цел при читањето и да се прегледа содржината на текстот.

*Стратегиите за решавање на проблеми* (8 прашања) се користат кога ќе настанат проблеми при разбирањето на смислата на текстот. Тука спаѓаат: стратегии директно поврзани со информациите во текстот, обрнување повеќе внимание на текстот, менување на брзината на читањето и визуелизација на информациите.

*Стратегиите за поддршка на читањето* (9 прашања) се користат за да се воспостави соодветна реакција на прочитаното, како на пр. фаќање белешки, гласно читање, подвлекување и издвојување на информации и користење на речник.

Понудените одговори на прашањата се рангирани на Ликертова скала составена од 5-точки (никогаш, ретко, понекогаш, вообичаено, секогаш). Испитаниците го

определуваат степенот на користење на одредени метакогнитивни стратегии за читање при читање текстови од универзитетски учебници.

Во воведните сесии на обуката студентите биле запознаени со улогата на метакогнитивните стратегии при читањето. Целта на оваа фаза е да се подигне свеста на студентите во однос на стратегиите и тие да се запознаат со трите категории стратегии според МАРСИ. Во следната фаза од обуката, наставникот ја надгледува работата на студентите кои работат во групи и сами го следат процесот на разбирање при читањето. Метакогнитивните стратегии кои биле предмет на обуката биле засновани на инвентарот за метакогнитивна свест за стратегии за читање, но комбинирани со различни техники како што се: Анкетирај! Прашај! Читај! Рецитирај! (SQ3R); прегледај, прашај, читај, размисли и оцени ( PQ4R); Реципрочно учење (CQSP) и др. Сесијата за оценување била одржана во последната недела од обуката кога наставникот ги упатувал студентите да го оценат процесот на разбирање при читањето преку пополнување на чек-листа.

*Во четвртата глава* се претставени применетите статистичките постапки, демографската анализа и и анализата на резултатите, а во *петтата глава* резултатите се дискутираат во контекст на претходно образложената теоретска рамка на трудот. На крајот од оваа глава се резимираат заклучоците, и се сугерираат соодветни методички импликации и препораки. Покрај ова, се посочуваат и ограничувањата на истражувањето и евентуалните насоки за идни истражувања.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување на докторскиот труд е примената на метакогнитивни стратегии за читање од страна на студентите кои го изучуваат англискиот како странски јазик на универзитетите во Косово. Исто така, се проучува корелацијата меѓу експлицитната обука за примена на метакогнитивни стратегии во додипломската настава и развивањето на вештината читање.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Иако во светот интензивно се проучуваат метакогните стратегии и нивната улога во развивање на сособноста за успешно учење, трудот претставува пионерски обид да се истражи улогата на метакогнитивните стратегии во развивање на вештината читање при изучување на англискиот јазик како странски на терциерно ниво во Косово. Ова е прво истражување во Косово од областа на метакогницијата воопшто. Со оглед на значењето на метакогнитивните стратегии во развивање на капацитетот на учениците за самостојно доживотно учење, трудот претставува значаен придонес како од аспект на скенирање на состојбата на полето на истражување, така и од аспект на применливоста на сознанијата во подобрување на квалитетот на наставата и усовршување на наставните програми и планови на додипломско ниво.

**Краток опис на применетите методи**

Во истражувањето се применети низа статистички постапки. Податоците се обработени со со дескриптивна анализа (аритметичка средина, стандардна девијација, skewness и kurtosis) со која се опишуваат добиените податоци од тестирањата.

За испитување на првата хипотеза, односно дали студентите се метакогнитивно свесни за стратегиите за читање кои ги применуваат се користи еднонасочна ANOVA.

Корелацијата меѓу примената на метакогнитивните стратегии и успехот при читањето (хипотеза 2) се испитува со Пирсоновиот (r) коефициент на корелација и Спирмановиот коефициент на ранг - корелација.

Третата хипотеза која се однесува на влијанието на експлицитната обука за примена на метакогнитивни стратегии се испитува со мултифакторска анализа на варијанса со која се споредуваат резултатите од пред- и посттестовите од експерименталната фаза.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Првата хипотеза со која се тврди дека: *Студентите кои го изучуваат англискиот јазик како странски во високото образование во Косово имаат низок степен на метакогнитивна свест за стратегиите за читање кои ги користат* се отфрла. Табеларниот приказ на резултатите од еднонасочната ANOVA открива дека, генерално, студентите се свесни за метакогнитивните стратегии за читање кои ги користат и тоа најмногу во доменот на глобалните стратегии (46.03M±5.9 S.D), помалку во доменот на стратегиите за решавање на проблеми (30.71M±3.52 S.D) и стратегиите за поддршка на читањето (32.64M±4.9 S.D). Констатирана е статистички значајна разлика меѓу групите и во рамките на групите кај глобалните стратегии и Стратегиите за поддршка на читањето (p=0.03, p=0.01 < 0.05, 95% C.I.). Од друга страна, кај стратегиите за решавање на проблеми не е констатирана статистички сигнификантна разлика (p=0.17> 0.05, 95% C.I.). Најчесто користена стратегија меѓу глобалните е *Читање со специфична цел* (4.125±0.90SD), а најчеста стратегија за поддршка на читањето е *Заокружување на информации во текстот* (4.222±1.07SD). Стратегијата *Препрочитување за да се разбере текстот* е најчеста стратегија за решавање проблеми при читањето (4.209±0.95S.D).

Втората хипотеза гласи: *Постои позитивна врска помеѓу користењето на метакогнитивните стратегии и успехот на студените при читањето на англиски како странски јазик.* Корелацијата меѓу примената на метакогнитивните стратегии и успехот при разбирањето на пишан тест се испитува со Пирсоновиот коефициент на корелација и Спирмановиот коефициент на ранг - корелација. Резултатите откриваат дека постои висок степен на позитивна корелација меѓу примената на метакогнитивни стратегии и резултатите на тестовите за читање кај глобалните и стратегиите за поддршка на читањето (r = 0.81, 0.08). Кај Стратегиите за решавање проблеми, констатирана е негативна корелација (-0.089). Следствено, хипотезата делумно се прифаќа.

Третата хипотеза според која: *Експлицитната обука за примена на метакогнитивни стратегии при читањето придонесува за развивање на вештината читање кај студентите* се испитува со мултифакторска анализа на варијанса со која се споредуваат резултатите од пред- и пост-тестовите од експерименталната фаза. Анализата на варијанса на прашањата со повеќекратен избор кај посттестовите (за експерименталната група p = 0.431, t-test = 0.507, за контролната p = 0.120, а t- test = 0.507) и на прашањата од отворен тип (за експерименталната група p = 0.427, t-test = 0.173, а за контролната група p = 0.216 , t- test = 0.173) окрива статистички значајна разлика. Резултатите укажуваат на позитивна корелација меѓу примената на метакогнитивни стратегии при читањето и развивање на вештината читање кај студентите што се совпаѓа со резултатите од претходните истражувања.

Резултатите се дискутирани во контекст на сродни истражувања од оваа област во светот.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Назли Туфекчи, со наслов „Улогата на метакогнитивните стратегии во развивање на вештината читање при изучување на англискиот јазик како странски на универзитетско ниво во Косово“, претставува оригинално истражување од областа на методиката на наставата по англиски јазик. Трудот претставува пионерски обид да се истражи едно значајно, но досега неистражено подрачје во Косово, па и пошироко. Кандидатката ги реализирала целите на трудот со примена на релевантна научноистражувачка методологија, а добиените резултати се соодветно обработени и интерпретирани. Трудот има како теоретска, така и апликативна вредност во смисла на педагошко-методичките импликации од сознанијата добиени по емпириски пат. Изработката на темата на оваа докторска дисертација чија главна цел

е да се проучи влијанието на метакогнитивните стратегии врз развивање на вештината читање претставува значаен придонес кон подобрување на квалитетот на наставата по странски јазик на додипломско ниво од повеќе аспекти.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Назли Туфекчи со наслов „Улогата на метакогнитивните стратегии во развивање на вештината читање при изучување на англискиот јазик како странски на универзитетско ниво во Косово“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила како прв автор, во меѓународни научни списанија, следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Tufekci, N. E. Dujaka. 2017. “The Effects of Metacognitive Learning Strategy in Writing Enhancement of Englich Students“, Prizren Social Science Journal 1 (1), 47-66.
2. Tufekci, N. 2017**.** “The Metacognitive Strategy Training Effects on Students’ Reading Skill Performance“, Mesleki Bilimler Dergisi 6 (2), 80-87.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Докторскиот труд на кандидатката м-р Назли Туфекчи претставува значаен придонес во областа на методиката на наставата по странски јазик од неколку аспекти. Главниот научен придонес се однесува на откривање на позитивните ефекти од експлицитното упатување на изучувачите на англискиот јазик и другите странски јазици во користење на метакогнитивни стратегии врз подобрување на способноста за разбирање на пишан текст. Експериментот што го спровела кандидатката може да послужи како пример за дизајнирање на други обуки за развивање на вештината читање како еден од столбовите на писменоста не само на ниво на терциерното образование туку и на останатите нивоа на образование. Сознанијата од студијата може да се земат предвид при редизајнирање на наставните програми и планови во високото образование и при изработката на наставни материјали. Кандидатката препорачува имплицитно и експлицитно развивање на метакогнитивната свест кај студентите, особено кај идните наставници. Развивање на богат репертоар стратегии на учење од кои учениците би ги избрале оние кои им соодветствуваат на нивните специфики е од суштествено значење за поттикнување на автономното доживотно учење.

Резимирајќи ги како главни ограничувањата должината на обуката и големината на истражувачкиот примерок, кандидатката дава насоки за идни истражувања од оваа област. Идните истражувања би можеле да се фокусираат на проучување на корелацијата меѓу фактори као што се: националната припадност, полот, возраста, нивото на јазична компетенција и билингвалноста и примената на метакогнивитните стратегии.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет„ Блаже Конески“ да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Назли Туфечки** со наслов „Улогата на метакогнитивните стратегии во развивање на вештината читање при изучување на англискиот јазик како странски на универзитетско ниво во Косово“.

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Екатерина Бабамова, претседател с.р.**
**Проф. д-р Анжела Николовска, ментор с.р.**
**Проф. д-р Орхидеја Шурбановска, член с.р.**
**Проф. д-р Мира Беќар, член с.р.**
**Проф. д-р Солзица Поповска, член с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

## ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

### 2. МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Димитар Христовски | Индиректно семантичко кодирање на поимот зло во англискиот и преводните еквиваленти во македонскиот јазик | Indirect Semantic Coding of the Concept of Evil in English and the Translation Equivalents in Macedonian | проф. д-р Билјана Наумоска-Саракинска | 25.12.2019г. 10-2227/4 |
| 2. | Дарко Ѓорѓијовски | Македонскиот предлог ПОД и неговите англиски еквиваленти UNDER, BELOW и BENEATH (контрастивна анализа)“, | The Macedonian preposition POD and its English equivalents UNDER, BELOW & BENEATH(contrastive analysis) | проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска | 25.12.2019г. 10-2492/3 |
| 3. | Сара Павловска | ,Медицинска терминологија при толкувањето македонски германски јазик и обратно | Medical Terminology in Interpreting from Macedonian to German and Vice Versa | проф. д-р Емилија Бојковска | 25.12.2019г. 10-2596/3 |

# П Р Е Г Л Е Д

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје**

**Магистерски трудови**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Оливера Аритоновска | Влијанието на новите медиуми во образовниот процес кај студентската популација | The influence of the new media in the process of the education of student population | проф.д-р Петар Атанасов | 02-1099/8 од 24.12.2019 |
| 2. | Џабир Емини | Влијанието на социјалните мрежи врз политичките перцепции кај младите | The influence of the social networks on political perceptions of the youth | проф.д-р Петар Атанасов | 02-1099/6 од 24.12.2019 |
| 3. | Ристо Митрев | Задоволство од работата кај вработените и импликации за поврзаноста со успешноста на компанијата: Студија на случај Алма-М | Job satisfaction of the employees and implications about the relationship whit the firm's success: Case study Alma-M | вон. проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ | 02-1099/7 од 24.12.2019 |

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје**

**ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **м-р Јетон Ракипи** | **Соработка на Владата на Република Северна Македонија и локалната самоуправа во насока на остварување на јавниот интерес со посебен осврт на општина Гостивар** | **The collaboration of the Government of the Republic of North Macedonia and the local self-government in the direction of achieving public interest, with particular reference to the municipality of Gostivar** | **проф.д-р Ружица цацаноска** | **02-1099/16 од 24.12.2019** |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА АНТИЧКА И СРЕДНОВЕКОВНА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА (ДО 1371 ГОД.) НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА – СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 17.9.2019 година, за избор во звање - виш научен соработник/вонреден професор во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 год.) и врз основа на Одлуката бр. 02-347/2 на Советот на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје од 24.10.2019 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Катерина Младеновска-Ристовска, научен советник/редовен професор во ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, д-р Милан Бошкоски, научен советник/редовен професор во ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, и д-р Јасминка Кузмановска, виш научен соработник/вонреден професор во ЈНУ Институт за национална историја – Скопје.

По разгледувањето на приложената документација, Рецензентската комисија на Советот на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 17.9.2019 година за избор во звање-виш научен соработник/вонреден професор во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 год.), во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Дарко Леитнер-Стојанов, научен соработник/доцент во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 год.) при ЈНУ Институт за национална историја – Скопје.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот доц. д-р Дарко Леитнер-Стојанов е роден на 3.1.1981 година во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Јосип Броз Тито“ – Скопје во 1999 год. Образованието го продолжил на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет – Институт за историја, каде што ги завршил студиите на 16.6.2004 година, со просечен успех 9,80.

Во учебната 2005/2006 година кандидатот се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Ecole Pratique des Hautes Etudes – Paris. Студиите ги завршил на 20.9.2006 година, со просечен успех 14,1. На 20.9.2006 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Les Ostrogoths dans le diocèse de Macédoine (474-482): Récherche des relations byzantino-gothiques“, пред Комисија во состав: проф. д-р Мишел Казански, проф. д-р Константин Цукераман и проф. д-р Дени Фесел (ментор).

Во октомври 2006 година кандидатот пријавил докторска дисертација на Ecole Pratique des Hautes Etudes – Paris. Дисертацијата под наслов: „Les villes de l'Illyricum protobyzantin face aux grandes invasions“, ја одбранил *magna cum laude* на 22.04.2013 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Мишел Казански (претседател), проф. д-р Дени Фесел (ментор), проф. д-р Магдалена Мачжинска и проф. д-р Константин Цукерман, со што се здобил со научниот степен доктор по историски науки.

Во периодот декември 2008 – април 2009 година, кандидатот работел како интервјуер во музејот „Лувр“, Париз, а во периодот јануари – март 2009 година, како помошник-библиотекар во Колеж де Франс (Collège de France), Византолошка библиотека, Париз. Во 2009 година се вработил како помлад асистент истражувач во ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 год.), каде што во 2011 година бил избран во звањето асистент истражувач, а во 2014 година во звањето научен соработник/доцент (Билтен на УКИМ бр. 1082 од 15.08.2014).

Негови области на научен интерес и истражување се: историјата на Македонија и на Балканот во доцноантичкиот период, историјата на Големите миграции (IV – VI век) и на „варварските“ племиња, како и анализа на учебниците по историја. Тој е коавтор на пет монографии, неколку стручни преводи од француски на македонски јазик, како и дваесетина научни трудови објавени во домашни и меѓународни списанија. Освен богатата научноистражувачка дејност, тој е ангажиран и како професор на трет циклус студии по предметите Историја на големите миграции (3-6 век) и Социјална историја на доцната антика (4-6 век) на студиската програма Историја на Македонија при ИНИ, држел настава по предметот Светска историја и цивлизации на University of New York во Тирана (2016 год.) и по предметот Увод во историјата на античка Македонија, ИНИ (програма за размена на Универзитетот во Аризона). Резултатите од своите научни истражувања ги презентирал на повеќе научни конференции во земјата и во странство. Реализирал голем број научноистражувачки престои во странство и учествувал во многубројни проекти, предавања, презентации, семинари и работилници. Освен тоа, бил член на Националната комисија за учебници при Министерството за образование и наука (2017-2019), член на иницијативниот одбор на Здружението на македонски студенти во Франција (2006-2007) и ко-основач и член на Клубот на млади историчари на Македонија – Клио (2003-2004), а член е и на Заедничката комисија за историски и образовни прашања меѓу Р Македонија и Р Бугарија, член на Управниот одбор на Фондацијата „Отворено општество Македонија“ и член (ко-основач) на Центарот за истражување на национализмот и културата (Скопје).

Кандидатот активно се служи со англискиот, францускиот, германскиот јазик и со јужнословенските јазици.

Во моментов е научен соработник/доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1082 од 15.08.2014 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на УКИМ при претходните избори на кандидатот во звање, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од изборот во звањето научен соработник/доцент до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**2. Научноистражувачка и наставно-научна дејност на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата**

Од изборот во звањето научен соработник/доцент, кандидатот д-р Дарко Леитнер-Стојанов, како автор или коавтор, има објавено 11 научни трудови, од кои 5 монографии и 6 статии со оригинални научни резултати во научни списанија со меѓународна редакција. Тој учествувал со реферат на 8 меѓународни и национални научни собири и во 8 меѓународни научни проекти. Реализирал 11 научноистражувачки престои во странство, одржал 10 предавања на официјална покана на научни и образовни институции, бил уредник на 1 зборник на трудови, а се јавува и како рецензент на 1 научна монографија и 5 статии објавени во научни списанија со меѓународна редакција (*Гласник на ИНИ, Der Donauraum, Contemporary Southeastern Europe*). Кандидатот учествувал и во подготовката на 2 нови наставни предмета: Историја на големите миграции (3-6 век) и Социјална историја на доцната антика (4-6 век) на најновата студиска програма од трет циклус „Историја на Македонија“ при ИНИ.

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-научната дејност, Комисијата ги зеде предвид сите активности остварени од кандидатот во периодот од последниот избор во наставно-научно звање до денот на објавување на конкурсот, ги разгледа и ги вреднуваше со вкупно 182,1 поени. Комисијата констатираше дека во научноистражувачката и наставно-научната дејност кандидатот го остварува, но и го надминува пропишаниот минимален број поени со Правилникот за начинот и постапката за избор во научно звање, Правилникот за постапката и поблиските

критериуми за избор во научни звања (Сл. весник на РМ бр.82/09) и Правилникот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во научно звање на ЈНУ Институт за национална историја - Скопје.

**3. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во периодот од 5.9.2014 година до поднесувањето на пријавата за избор во звање од 17.9.2019 година, во рамките на стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, д-р Дарко Леитнер-Стојанов како коавтор подготвил 3 преводи на монографии од француски на македонски јазик и 7 енциклопедиски одредници за научно фундирана енциклопедија/историски речник. Учествувал на 19 летни школи, семинари и работилници и добил 3 стипендии за научни истражувања од странски институции и универзитети. Држел настава на прв циклус студии на University of New York во Тирана (2016 год.) и на прв циклус студии на Универзитетот во Аризона (програма за размена), а покажал и особена активност во дејностите од поширок интерес како член во работата на 5 комисии и тела на државни и други органи/здруженија и коавтор на колумна во медиум.

Земајќи ги предвид сите активности од изборот во звањето научен соработник/доцент до поднесувањето на пријавата, Комисијата констатираше дека кандидатот бил активно вклучен во реализација на стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, со што остварил вкупно 63,25 поени согласно со Правилникот за начинот и постапката за избор во научно звање, Правилникот за постапката и поблиските критериуми за избор во научни звања (Сл. весник на РМ бр.82/09) и Правилникот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во научно звање на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, надминувајќи ги предвидените поени.

**Оцена од самоевалуација**

За периодот 2014-2019 година, на анонимно спроведената анкета од студентите на ЈНУ Институт за национална историја - Скопје, кандидатот доби позитивна оценка.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на севкупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научно-истражувачката, наставно-образовната и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Дарко Леитнер-Стојанов.

Врз основа на изнесените податоци за активноста на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Дарко Леитнер-Стојанов поседува научни и стручни квалитети пропишани со Законот за научноистражувачка дејност, Правилникот за начинот и постапката за избор во научно звање, Правилникот за постапката и поблиските критериуми за избор во научни звања и Правилникот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во научно звање на ЈНУ Институт за национална историја. Комисијата утврди дека д-р Дарко Леитнер-Стојанов за време на извршувањето на работните задачи при ЈНУ Институт за национална историја – Скопје како научен соработник/доцент остварил вкупно 245,35 поени, со што тројно го надминува минималниот број потребни поени (75) за избор во звањето виш научен соработник/вонреден професор.

Во согласност со изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Советот на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, д-р Дарко Леитнер-Стојанов да биде избран во звањето виш научен соработник/вонреден професор во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 год.).

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска с.р.**

**Проф. д-р Милан Бошкоски с.р.**

**Проф. д-р Јасминка Кузмановска с.р.**

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Дарко Леитнер-Стојанов
Институција: ЈНУ Институт за национална историја – Скопје
Научно поле: хуманистички науки
Подрачје: историски науки
Научна област: историја и археологија на византискиот и поствизантискиот свет

| Р. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | Во странство |
| 1. | Монографија | | |
| 1.1 | ➢ *Revisiting 2001*, Forum Civil Peace Service (Skopje office)/Institute of Ethnology and Anthropology/Center for Research of Nationalism and Culture, Skopje, 2019 (trilingual edition). (со J. Kocevska, V. Reçica, D. Bernhardt, A. Ashtalkovska Gajtanoska, & I. Jakimovska) | 4,8 (60% од 8) | |
| 1.2 | ➢ *Животот на фронтот: Македонија за време на Првата светска војна*, АЛДА и ЦИНИК, Скопје, 2018. (со П. Тодоров и Ј. Коцевска) | 6,4 (80% од 8) | |
| 1.3 | ➢ *It's all gone now: Yugoslavia in the memories of people from Macedonia*, Forum Civil Peace Service (Skopje office)/Institute of Ethnology and Anthropology/Center for Research of Nationalism and Culture, Skopje, 2017 (тројазично издание). (со A. Ashtalkovska Gajtanoska, D. Bernhardt, I. Jakimovska & J. Kocevska) | 4,8 (60% од 8) | |
| 2. | Дел од монографија | | |
| 2.1 | ➢ „Zemlja progresa ili zemlja krize: socijailstička Jugoslavija u makedonskim udžbenicima istorije“, во: Grandits, H. et alii (eds.), *Reprezentacija socijalističke Jugoslavije: Preispitivanja i perspective*, UMHIS & Srednja Europa: Sarajevo-Zagreb, 2019, 73-80. | | 6 |
| 2.2 | ➢ „Between History and Politics: Understanding Antiquitas Myths in Macedonian History Textbooks“, во: C. Lichnofsky, E. Pandelejmoni & D. Stojanov (eds.), *Myths and Mythical spaces. Conditions and Challenges for History Textbooks in Albania and South-Eastern Europe*, (Eckert. Die Schriftenreihe, Band 147), V&R unipress, Goettingen, 2018, 77-95. | | 6 |
| 3. | Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание со меѓународна редакција: | | |
| 3.1 | ➢ „Militarization via Education: A 1945 Primer from Socialist Macedonia“, *JEMMS* 11/1 (2019), 35-52. | 6 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.2 | ➢ „‚Сагата за Острогота’ и Codex Vindobonensis Hist. gr. 73“, *Жива антика* 68/1-2 (2018), 81-98. (со С. Пановски) | 5,4 (90% од 6) | |
| 3.3 | ➢ „A Tale in Stone and Bronze: Old/New Strategies for Political Mobilization in the Republic of Macedonia“, *Nationalities Papers* 45/3 (2017), 356-369. (со И. Стефоска) | 5,4 (90% од 6) | |
| 3.4 | ➢ „Indices archèologiques sur l’installation des barbares dans les villes d’Illyricum protobyzantin. Un essai d’interprètation“, *Živa antika* 66/1-2 (2016), 139-158. | 6 | |
| 3.5 | ➢ „Remembering and Forgetting SFR Yugoslavia: Historiography and History Textbooks in the Republic of Macedonia“, *Südosteuropa* 64/2 (2016), 206-225. (со И. Стефоска) | 5,4 (90% од 6) | |
| 3.6 | ➢ „Кога митот и историјата се среќаваат: Getica 10.56-66“, *Гласник на ИНИ* 60/1 (2016), 47-70. (со С. Пановски) | 5,4 (90% од 6) | |
| 4. | Учество на меѓународен и национален научен собир со реферат: | | |
| 4.1 | ➢ 27-28.10.2017 (Ерфурт) – „The myth of antiquitas in post-Yugoslav Macedonia. Construction, significance and dynamics“, *“In unsern Adern Römerblut”: zur politischen Nutzung antiker Geschichte in zwei jungen Staaten Osteuropas*, Универзитет во Ерфурт/Катедра за античка култура | | 2 |
| 4.2 | ➢ 02-06.10.2017 (Минхен/Тутзинг) – „Antiken Rekurse in Makedonien: der Aufstieg eines politischen Mythos“, *Antike und Byzanz als historisches Erbe in Südosteuropa (19.-21. Jahrhundert)*, Здружение за југоисточна Европа од Минхен и Академија за политичко образование во Тутзинг | | 2 |
| 4.3 | ➢ 13.09.2017 (Скопје) – „Историските наративи и авторитарните тенденции во современа Македонија“, *Наративите во полуавторитарните режими*, Фондација Хајнрих Бел – Сараево | 1,5 | |
| 4.4 | ➢ 01-02.09.2017 (Белград) – „Vizuelne reprezentacije jugoslovenskog socijalizma u makedonskim istorijskim udžbenicima (1970-1980)“, *Historiography of Socialist Yugoslavia*, Универзитет Хумболт во Берлин и Универзитет во Белград | | 2 |
| 4.5 | ➢ 27-28.11.2015 (Тирана) – „The Slow Disappearance of an Idea: The Marxist Concept of a ‘Slaveholding’ Antiquity in Post-Socialist Macedonian History Textbooks“, *Transition in Retrospect: 25 Years after the Fall of Communism*, Универзитет Њујорк во Тирана | | 2 |
| 4.6 | ➢ 13-14.11.2015 (Брауншвајг) – „Militarization through Education: the 1945 Primer from Socialist Macedonia“, *After the War – A New Beginning? A Comparative Examination of Reading Primers Published and Used in 1945 in Europe*, Георг Екерт институт за меѓународно истражување на учебници (Брауншвајг), Истражувачка библиотека за историско образование при Германскиот институт за меѓународно образование во Берлин, и Група со специјален интерес во буквари при Меѓународното здружение за | | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | историско и систематско проучување на учебници и образовни медиуми. | | |
| 4.7 | ➢ 1-2.12.2014 (Берлин) – „Production of Knowledge on Late Antiquity in Socialist Macedonia (1944-1991): A Preliminary Investigation“, *Repräsentationen des sozialistischen Jugoslawien im Umbruch II*, Универзитет Хумболт во Берлин | | 2 |
| 4.8 | ➢ 22-24.10.2014 (Тирана) – „Between history and politics: understanding antiquitas myths in Macedonian history textbooks“, *Myths in South-Eastern European Textbooks*, Георг Екерт институт за меѓународно истражување на учебници, Брауншвајг во соработка со Универзитетот во Тирана | | 2 |
| 5. | Учесник во научен проект | | |
| 5.1 | ➢ 2019 – (истражувач) *Bedroliche Wende nach ideologischer Erstarrung: das jugoslawische 1989 ”revisited”*, Универзитет Хумболт во Берлин – финансирано од ДААД | | 3 |
| 5.2 | ➢ 2018 – (истражувач) *Das Jubiläumsjahr 2018 in der historischen und gesellschaftlichen Debatte*, Универзитет Хумболт во Берлин – финансирано од ДААД | | 3 |
| 5.3 | ➢ 2017 – (истражувач) *Historiographie des sozialistischen Jugoslawiens*, Универзитет Хумболт во Берлин – финансирано од ДААД | | 3 |
| 5.4 | ➢ 2016/2017 – (истражувач) *Civils et militaires: expériences et rôles croisées dans le Front d'Orient (1915-1918)*, ЦИНИК & АЛДА | 2 | |
| 5.5 | ➢ 2016 – (истражувач) *Repräsentationen des sozialistischen Jugoslawien im Umbruch: Entwicklungen seit den 1970er Jahren*, дел 4, Универзитет Хумболт во Берлин – финансирано од ДААД | | 3 |
| 5.6 | ➢ 2015/2016 – (ментор и истражувач) *Oral History Project*, ФорумЗФД & ЦИНИК | 2 | |
| 5.7 | ➢ 2015 – (истражувач) *Repräsentationen des sozialistischen Jugoslawien im Umbruch: Entwicklungen seit den 1970er Jahren*, дел 3, Универзитет Хумболт во Берлин – финансирано од ДААД | | 3 |
| 5.8 | ➢ 2014/2015 – (истражувач) *The Image of the "Other" in History School Textbooks of the Albanian-Speaking Regions of SEE (1886-2010's)*, Универзитет Њујорк во Тирана | | 3 |
| 6. | Научноистражувачки престој, архивско/теренско истражување | | |
| 6.1 | ➢ 1-31.10.2019 – Ото Бенеман грант за иновативни методолошки пристапи во меѓународното истражување на учебници (Георг Екерт институт за меѓународно истражување на учебници, Брауншвајг, Германија) | | 4 |
| 6.2 | ➢ 15.11.2018-15.5.2019 – Византолошка библиотека при Универзитетот во Виена | | 4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6.3 | ➢ 10-23 април 2018 – Универзитет во Белград (DAAD програма) | | 4 |
| 6.4 | ➢ мај 2017 – Универзитет Хумболт во Берлин (DAAD програма) | | 4 |
| 6.5 | ➢ 25-31 март 2017 – Воен архив, Велико Трново (ALDA) | | 4 |
| 6.6 | ➢ ноември 2016 – јануари 2017 – Универзитетски библиотеки за византологија, археологија и античка историја во Виена | | 4 |
| 6.7 | ➢ 22-28 јануари 2017 – Архиви и библиотеки во Париз (ALDA) | | 4 |
| 6.8 | ➢ 27 октомври-12 ноември 2015 – Универзитет Хумболт во Берлин (DAAD програма) | | 4 |
| 6.9 | ➢ 10-30 август 2015 - Георг Екерт институт за меѓународно истражување на учебници, Брауншвајг | | 4 |
| 6.10 | ➢ октомври 2014-мај 2015 – Ернст Мах грант при Универзитетот во Грац/Центар за истражување на југоисточна Европа | | 4 |
| 6.11 | ➢ 15-21 септември 2014 – Универзитет во Белград (DAAD програма) | | 4 |
| 7. | <u>Предавања одржани на официјална покана на научна и образовна институција:</u> | | |
| 7.1 | ➢ 23.10.2019 – „We Live in Incredible Times! Science and Technology in Yugoslav History Textbooks“, Георг Екерт институт за меѓународно истражување на учебници, Брауншвајг. | | 3 |
| 7.2 | ➢ 3.4.2019 – „Political Mythology and History Education in (North) Macedonia: Old and New Crossroads“, CSEES/University of Graz. | | 3 |
| 7.3 | ➢ 25.3.2017 – „Готското присуство во доцноантичка Македонија: причини, контекст и последици“, ISHA Скопје. | 2 | |
| 7.4 | ➢ 9.12.2015 – „Идентитетите во доцната антика и раниот среден век“, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. | 2 | |
| 7.5 | ➢ 30.10.2015 – „Remembering and Forgetting SFR Yugoslavia: the Politics of Memory in Nowadays Macedonia“, Универзитет Хумболт во Берлин. (со И. Стефоска) | | 3 |
| 7.6 | ➢ 19.8.2015 – „Legitimizing political ideologies through visual content in history textbooks in communist and post-communist Albania and Macedonia: a comparative historical perspective“, Георг Екерт институт за меѓународно истражување на учебници, Брауншвајг. (со К. Гјакумис) | | 3 |
| 7.7 | ➢ 6.5.2015 – „The (re-)making of the myth of ancient origin in Macedonian history textbooks“, Георг Екерт институт за меѓународно истражување на учебници, Брауншвајг. | | 3 |
| 7.8 | ➢ 17.3.2015 – „History education and ethno-nationalism(s) in post-conflict Macedonia (2001-2014)“, Универзитет во Грац. | | 3 |
| 7.9 | ➢ 6.11.2014 – „Islamization in Macedonia as presented in historiography, textbooks, film and literature“, гостинска презентација на семинарот *The Historical* | | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *Roots of Islam in Southeastern Europe* воден од проф. д-р Керем Октем, Универзитет во Грац. | | |
| 7.10 | ➢ 17.9.2014 – „A Tale in Stone & Bronze: (Mis-)Use of History in the R. of Macedonia“, Универзитет во Белград/Филозофски факултет, (со И. Стефоска) | 2 | |
| 8. | Уредник на зборник на трудови | | |
| 8.1 | ➢ *Myths and Mythical Spaces. Conditions and Challenges for History Textbooks in Albania and South-Eastern Europe*, C. Lichnofsky, E. Pandelejmoni & D. Stojanov (eds.), Eckert. Die Schriftenreihe, Band 147, V & R unipress, Goettingen, 2018. | | 3 |
| 9. | Рецензент на научна монографија | | |
| 9.1 | ➢ 29.10.2019 – рецензија на ракопис (монографија) од м-р Здравко Стојкоски *Историјата и изградбата на националните идентитети* | 2 | |
| 10. | Рецензент на научен труд/статија: | | |
| 10.1 | ➢ 09.5.2019 – рецензирана статија за *Гласник на ИНИ* | 1 | |
| 10.2 | ➢ 21.5.2016 – рецензирана статија за *Гласник на ИНИ* | 1 | |
| 10.3 | ➢ 31.8.2015 – рецензирана статија *за Contemporary Southeastern Europe* | 1 | |
| 10.4 | ➢ 27.8.2015 – рецензирана статија за *Der Donauraum* | 1 | |
| 10.5 | ➢ 4.5.2015 – рецензирана статија за *Гласник на ИНИ* | 1 | |
| 11. | Подготовка на нов предмет на III степен студии | | |
| 11.1 | ➢ Историја на големите миграции (3-6 век) на студиската програма Историја на Македонија при ИНИ. | 1 | |
| 11.2 | ➢ Социјална историја на доцната антика (4-6 век) на студиската програма Историја на Македонија при ИНИ. | 1 | |
| | ВКУПНО ПОЕНИ: | 182,1 | |

| Р. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТИ ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | Во странство |
| 1. | Преведена монографија што претходно била објавена на еден странски јазик | | |
| 1.1 | ➢ Мишел Фуко, *Безбедност, територија, население. Предавања од Колеж д'Франс (1977-1978)*, Скопје: Фондација Отворено општество - Македонија, 2017, 453 стр. (превод од француски на македонски јазик со Петар Тодоров) | 4 | |
| 1.2 | ➢ Бернар Лори, *Битола. Најбалканскиот град во текот на Првата светска војна: извадоци*, Скопје: Француски институт во Скопје, 2016, 70 стр. (превод од француски на македонски јазик со Петар Тодоров) | 4 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.3 | ➢ Натали Клејер, *Кон потеклото на албанскиот национализам. Раѓањето на една мнозинско муслиманска нација во Европа*, Скопје: Фондација Отворено општество - Македонија, 2015, 716 стр. (превод од француски на македонски јазик со Петар Тодоров) | 4 | |
| 2. | <u>Коавтор во научно фундирана енциклопедија/историски речник:</u> | | |
| 2.1 | ➢ Енциклопедиски одредници во: B. Dumézil (ed.), *Les barbares*, Presses Universitaires de France, Paris, 2016 (v. „Dyrrachium“, „Gépides“, „Goths avant 418“, „Illyricum“, „Naissus“, „Ruges“, „Sirmium“). | 1,4 (0,2x7) | |
| 3. | <u>Учество на летни школи/семинари</u> | | |
| 3.1 | ➢ 28-31.8.2019 (Пула) – Industrial Societies in Late Socialism: European Comparisons, Универзитет Јурај Добрила во Пула и Универзитет Хумболт во Берлин | | 2 |
| 3.2 | ➢ 14-21.7.2019 (Охрид) – (предавач) Летна школа Challenge History – REACT for the Future, Хелсиншки комитет за човекови права во Р. Македонија, и др. | 1 | |
| 3.3 | ➢ 23-27.7.2018 (Брауншвајг) – Георг Арнхолд летна школа за образование за оддржлив мир „Preventing Violent Extremism through Education“, Георг Екерт институт за меѓународно истражување на учебници | | 2 |
| 3.4 | ➢ 31.5.-3.6.2018 (Сараево) – History Fest Sarajevo, Здружение за модерна историја | | 2 |
| 3.5 | ➢ 10.3.2018 (Скопје) – (предавач) Работилница за Историјата на Југославија како усна историја, со ученици од основно и средно училиште (О.У. Димитар Миладинов), Агенција за локална демократија Суботица и ИНИ Скопје | 1 | |
| 3.6 | ➢ 18-23.7.2017 (Логара/Влора) – Going Beyond Pride and Pain? History that Connects the Balkans, Летна школа за настава по историја, Euroclio, CDRSEE & Anne Frank House | | 2 |
| 3.7 | ➢ 20-22.7.2017 (Логара) – 2nd Annual Meeting of the Standing Working Group on History Education (ePACT project), Euroclio & CDRSEE | | 2 |
| 3.8 | ➢ 2-4.6.2017 (Сараево) – History Fest Sarajevo, Здружение за модерна историја и Музеј за историја на Босна и Херцеговина | | 2 |
| 3.9 | ➢ 17-18.2.2017 (Дојран) – (предавач) Exploring the Battlefield through Multimedia, 2 (АЛДА и Британска амбасада) | 1 | |
| 3.10 | ➢ 18-19.11.2016 (Битола) – (предавач) Exploring the Battlefield through Multimedia (АЛДА и Британска амбасада) | 1 | |
| 3.11 | ➢ 1-2.9.2016 (Пула/Бриони) – Докторска работилница: Yugoslav Socialism: Similarities and Exceptionalities, Универзитет Јурај Добрила во Пула и Универзитет Хумболт во Берлин | | 2 |
| 3.12 | ➢ 9-11.6.2016 (Виена) – Регионална средба на експерти за образовни реформи, Euroclio & CDRSEE | | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.13 | ➢ 26.5.2016 (Скопје) – (предавач) Работилница за Првата светска војна со ученици од Д.С.У. Васил Антевски – Дрен, Француски институт во Скопје | 1 | |
| 3.14 | ➢ 25.5.2016 (Скопје) – јавна дебата: Критичка педагогија наместо педагогија на потчинување, Контрапункт и Есперанца | 1 | |
| 3.15 | ➢ 19.5.2016 (Скопје) – (предавач) Работилница за Првата светска војна со ученици од Д.С.У. Орце Николов, Француски институт во Скопје | 1 | |
| 3.16 | ➢ 4-6.12.2015 (Скопје) – (предавач) Справување со минатото и усна историја, ФорумЗФД и ЦИНИК | 1 | |
| 3.17 | ➢ 29.11.-1.12.2015 (Белград) – Promene reprezentacija socijalisticke Jugoslavije, Универзитет во Белград и Универзитет Хумболт во Берлин | | 2 |
| 3.18 | ➢ 10-13.6.2015 (Пула) – Докторска работилница: The History of Everyday Life in Socialist Yugoslavia, Универзитет Јурај Добрила во Пула | | 2 |
| 3.19 | ➢ 27-29.3.2015 (Тирана) – Visual sources in history textbooks in Southeastern Europe, Георг Екерт институт за меѓународно истражување на учебници, Брауншвајг | | 2 |
| 4. | <u>Стипендист на странски институции (влади, универзитети и сл.)</u> | | |
| 4.1 | ➢ 1-31.10.2019 – Ото Бенеман грант за иновативни методолошки пристапи во меѓународното истражување на учебници (Георг Екерт институт за меѓународно истражување на учебници, Брауншвајг, Германија) | | 4 |
| 4.2 | ➢ 10-30 август 2015 - Георг Екерт-институт за меѓународно истражување на учебници, Брауншвајг | | 4 |
| 4.3 | ➢ октомври 2014-мај 2015 – Ернст Мах грант при Универзитетот во Грац/Центар за истражување на Југоисточна Европа | | 4 |
| 5. | <u>Настава</u> | | |
| 5.1 | ➢ Лето 2016 – Светска историја и цивилизации, дел 1, University of New York in Tirana | 1,8 (0,04x45) | |
| 5.2 | ➢ Есен 2013 – Увод во историјата на античка Македонија, ИНИ (програма за размена со Универзитетот во Аризона, САД) | 0,6 (0,04x15) | |
| 6. | <u>Член на комисии и тела на државни и други органи/здруженија</u> | | |
| 6.1 | ➢ Заедничка комисија за историски и образовни прашања меѓу Р Македонија и Р Бугарија, член | 1 | |
| 6.2 | ➢ Фондација „Отворено општество Македонија", член на управен одбор | 1 | |
| 6.3 | ➢ Центар за истражување на национализмот и културата (Скопје), кооснивач и член | 1 | |
| 6.4 | ➢ Rencontre Alumni de Macédoine (неформална мрежа на поранешни македонски студенти во Франција) | 1 | |
| 6.5 | ➢ Национална комисија за учебници при Министерство за образование и наука, член (2017-2019) | 1 | |
| 7. | <u>Колумна во медиум</u> | | |

| | | |
|---|---|---|
| 7.1 | ➢ 06.12.2018 (во РесПублика, коавтор) – „Историски комисии како пристап во наминување на историографско-политички конфликти“ | 0,45<br>(90% од 0,5) |
| | ВКУПНО ПОЕНИ: | 63,25 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | ПОЕНИ |
|---|---|
| Научно истражувачка и наставно-образовна дејност | 182,1 |
| Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес | 63,25 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ:** | **245,35** |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска с.р.**
**Проф. д-р Милан Бошкоски с.р.**
**Проф. д-р Јасминка Кузмановска с.р.**